| **Работилница: Водење грижа за личната хигиена ОЖВ** | Реализирано | 21 мај, 2017 | Работилница: Козметички средства се спроведе на час за ОЖВ, а учениците:<br>- се запознаа со опасноста од несоодветна употреба на средствата за одржување лична хигиена,<br>· ги увидоа последиците од несоодветна употреба на козметички средства,<br>· научија дека размената на облека е нехигиенска.<br>· умеат да прават соодветен избор на козметички средства, | Работиницата во вид на отворен час со своите ученици одржа наставничката Л.Ш.Шокларовска. Готовата презентација и материјалите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | · сфатија дека не треба да се разменува облеката со други и дека козметичките средства не се замена за средствата за лична хигиена. | од одржаниот час беа прикажувани на телевизорот во училишниот хол, а дел од наставниците ја реализираа и со своите одделенија. |
| **Градење позитивен однос кон растенијата и животните;** | Реализирано | Во текот на целата година.<br><br>22.5.2017 | Училиштето континуирано се залага и спроведува активности на оваа тема. За таа цел Еко тимот 3 спроведе кампања под мотото: Растенија кои го прочистуваат воздухот – собирна акција на саксиско цвеќе за во училниците.<br>Исто така, беше направено и разубавување на училишниот двор, преку садење на саксиско цвеќе . | |
| **Работилници: Вода** | Реализирано, со измена. | март, 2017 | Изложба на цртежи и фотографии од спроведениот училиштен конкурс во организација на еко- тимот за заштеда на вода и електрична енергија под мотото „Една планета имаме“ | Наместо стручно лице кое ќе спроведе работилница во училиштето, оваа година се спроведе ликовен конкурс. |
| **„ Психички промени во пубертетот “** | Реализирано | мај, 2017 | Трибина со ученичките од шесто одделение во врска со пубертетските промени, почетокот на предменструалниот и менструалниот период. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Реализатор е училишниот психолог (каде има и подетален извештај ) | |
| **Одржување на хигиената во домот и училиштето;** | Реализирано | септември – јуни | Во текот на целата година, одделенските раководители спроведуваат чистење на просториите во училиштето со нетоксични средства. Во училиштето по однапред договорен редослед на одговорни одделенија и наставници, се спроведуваат еко патроли во училишниот хол (во поладните месеци) и во училишниот двор (во потоплите месеци). | |
| **Прва помош и заштита;** | Реализирано | 25.3.2017 | Симулација за евакуација во случај на елементарна непогода или пожар.<br>Исто така извршена е обука на тим од ученици за давање на ППЗ кои учествуваа на општинскиот натпревар во организација на Црвен крст. | |

**Координатор:Снежана Захариева**

## Еко тим

Во текот на учебната година се одржаа три состаноци на членовите на еко тимот.

На првиот состанок се разгледуваа избраните точки на акција по претходно направена анализа на состојбата, беше направен план за реализација на планираните активности во текот на учебната година.

На вториот состанок се дискутираше за реализираните активности во првото полугодие по тимови, беше презентирана информација за претстојниот конкурс: Еко пакет Македонија.Тимот за вода имаше посебен состанок со директорката и координаторот каде што се дискутираше за изработка на предлог- проект за копање бунар во дворот со цел заштеда на вода во училиштето.

На третиот состанок се договорија активностите за одбележување на Месецот на екологијата,како и активности за одбележување на денови од еко календарот во реализаицја од страна на тимот за заштеда на вода и електрична енергија како и тимот за одржување на зградата и здрава средина на училиштето.

На почетокот на учебната година нашето училиште по втор пат аплицираше за добивање статус зелено знаме и како и минатиот пат и овај пат го освои.

И оваа учебна година наставничките Андриана Димиторв,Ленче Крстевска и Катерина Трајковска со своите тимови од ученици зедоа учество на конкурсот: Еко пакет.Учениците од отпадот од тетрапак амбалажа правеа изработки на тема „Светски знаменитости“.

Оваа учебна година ОХО во соработка со националниот оператор на програмата „Еко училиште“ од Англија направи збратимување помеѓу екоучилишта.

Нашето училиште во рамките на Eco-Schools Twinning Project е збратимено со училиштето,, OLTEA DOAMNA'',ORADEA,,од Романија.

Започнувајќи од март, па сè до завршувањето на учебната година двете училишта реализираа низа еколошки активности.Активностите беа договарани и се реализираа во исти денови ,а потоа се разменуваа фотографии од истите на социјалната мрежа фејсбук.

Активностите кои беа реализирани се следни:пошумување во блиската шума-Романија/активности во училишниот двор -Македонија;Изработки од хартија-Романија/изработки од најлон -Македонија;Активности по повод велигденските празници- бојадисување јајца и изработка на корпи во двете училишта; Изработка на пепертуки од хартија во двете училишта;Изложба во двете училишта.

Исто така двете училишта активно се вклучија во реализација на активности надвор од учулницата-outdoor classroom day.

За сите овие активности има и видео записи поставени на you tube.

Исто така нашите заеднички активности се поставени и на eTwinning платформата.

Двете училишта потпишаа меморандум за соработка.

Нашата соработка продолжува и наредната учебна година.

Во продолжение следуваат извештаите на тимовите по еко-стандарди:

## ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија

Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија.
Цели: Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 10%  во споредба со претходната година.

| Цели од годишната програма на тимот 2016/2017 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **6. Редовно чистење на прозорците за максимално искористување на сончевата енергија.** | Реализирано | септември/ јуни | Во текот на целата година во зависност од потребата задолжените ученици ги чистат прозорците. | |
| **7. Истакнување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија.** | Реализирано | септември/ јуни | Беа изработени флаери со различни содржини за рационално користење на енергијата кои беа поставени во училниците ,сè со цел што повеќе учениците да ги применуваат во практиката. | |
| **8. Назначување на одговорни лица согласно бројот на паралелки и смени во училиштето, односно бројот на групи во градинките за спроведување на горенаведените точки на акција.** | Реализирано | септември/ јуни (октомври) | Истакнување на имиња на наставници и ученици вклучени во екопатролите за извршување на проверка за користење на електричната енергија. | |
| **9. Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат,** | Реализирано | септември/ јуни | Членовите на Тимот еко стандард 1 на почеток на учебната година ги најавува членовите на еко патролите за заштеда на енергија за одделенска и за предметна настава. Во случај на измени во текот на годината, членството може да се менува од еден на друг ученик или | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности.** | | | да се зголемува бројот на членовите. | |
| **Акција за собирање на стара хартија за набавување наштедливи светилки.** | Реализирано | Декември | Старата хартија во училиштето се собра и во соработка со организација на откуп на хартија се изврши откуп на истата. | |
| **Конкурс на фотографии и цртежи – изложба на тема ,,Значење на водата и енергијата”** | Реализирано | 28.04.2017 | Еко тимот за заштеда на енергија, во соработка со членовите од тимот за заштеда на вода, реализираше конкурс – изложба на фотографии и слики од ученици учесници на конкурсот, од целото училиште, почнувајќи од прво до деветто одделение. Конкурсот беше пуштен во јавноста еден месец пред закажаниот настан – изложбата и на него имаше голем одзив. Беше формирана комисија за разгледување и оценување на фотографиите и сликите – цртежите. Комисијата оддели ипрогласи во двете категории по три места, истите беа на посебно место истакнати и изложени за време на изложбата. Останатите учесници т.е. нивните творби беа истакнати на интересна конструкција наречена – обесена облека – со штипки врз коноп. Изложбата свечено ја директорката на училиштето, се прогласија победниците и наградените, им беа доделени благодарници и одреден ликовен прибор, како и литература за читање. Посетеноста беше голема, ја посетија сите предметни и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | одделенски наставници во текот на наредните неколку денови. | |

**Изготвил: Марија Крстевска**

## ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода

Полиса: Рационално користење на водата.
Цели: Намалување на потрошувачката на вода за 10% во споредба со претходната година.

| Цели од годишната програма на тимот 2016/2017 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализиран о |
|---|---|---|---|---|
| **Точка на акција бр. 5 Истакнување на упатства за рационално користење на водата.** | Реализирано | октомври/но ември учебна 2016/2017 | За реализација на точката на акција, одговорните наставници од еко тимот за заштеда на вода – Светлана Јовановска и Јасна Јанева Гулевски, во соработка со предметен наставник по техничко образование – Игор Стојанов, дадоа план, идеа и начин за изработка и истакнување на упатства за рационално користење на водата. Активноста се изведуваше со ученици од екопатролите и ученици од секцијата за техничко образование, во две фази – изработка и поставување на упатствата. Истите беа истакнати во холовите на двата спрата од училиштето. | |
| **Точка на акција бр.6 - Назначување на одговорни лица согласно бројот на паралелки и смени во** | Реализирано | септември/о ктомври 2016/2017 | Тимот еко стандард 2 се состанува и одлучува кое лице за која точка на акција ќе биде одговорен и надлежен да ја набљудува, координира и води. Се делат улогите и се разјаснуваат задачите. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **училиштето, односно групи во градинките за спроведување на горенавдените точки на акција.** | | | Одд.наставник Вера Лајмановска е одговорна за екопатролата во одд.настава, нејзината координација и организација и работа. Истата функција ја има пред.наставник Катерина Трајковска со нејзината екопатрола во предметна настава. Истите тие доставуваат полугодишен извештај кај координаторот на тимот за заштеда на вода - Светлана Јовановска, која ги сумира резултатите, резимира и составува вкупен полугодишен и годишен извештај и работи на сите останати административни документации во текот на годината. Истата планира настани и организира трибини/настани, заедно со одд.наставник Јасна Јанева Гулевски, заменик координатор и администратор. Во одговорни лица вклучен е хаусмајсторот на училиштето Горан Талевски. | |
| **Точка на акција бр.1 - Анализа на состојбата на водоводната инсталација.** | Реализирано | Еднаш неделно во тековната 2016/2017 | Теренско набљудување од страна на екопатролите – еднаш неделно, водење на пишана евиденција – месечен извештај и доставување кај одговорниот наставник.<br>Еко тимот имаше обврска секој петок во текот на учебната 2016/2017 година да ги проверува санитариите во тоалетите и чешмите во секоја училница. Доколку договорениот термин за контрола беше неработен, контролата се вршеше во текот на претходниот ден во тековната недела. Проблеми кои се јавуваа беа капење на чешмите, затнати лавабоа, капење на казанчињата и проблем со славините. За секој од проблемите беше известен хаусмајсторот кој веќе до наредната проверка го решаваше проблемот и со тоа ја | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | потврдуваше работата на Екопатролата. Во функција беа две патроли, една на првиот кат, другата на вториот кат, соодветно со ученици од одделенска и предметна настава. | |
| **Конкурс на фотографии и цртежи – изложба на тема:Значење на водата и енергијата** | Реализирано | 28.04.2017 | Еко тимот за заштеда на водата, во соработка со членовите од Тимот за заштеда на енергијата, реализираше конкурс – изложба на фотографии и слики од ученици учесници на конкурсот, од целото училиште, почнувајќи од прво до деветто одделение. Конкурсот беше пуштен во јавноста еден месец пред закажаниот настан – изложбата, и на него имаше голем одзив. Беше формирана комисија за разгледување и оценување на фотографиите и сликите – цртежите, комисијата оддели и прогласи во двете категории по три места, истите беа на посебно место истакнати и изложени за време на изложбата, додека останатите учесници т.е. нивните творби беа истакнати на интересна конструкција наречена – обесена облека – со штипки врз коноп. Изложбата свечено се отвори од страна на директорката на училиштето, се прогласија победниците и наградените, им беа доделени благодарници и одреден ликовен прибор, како и литература за читање. Посетеноста беше голема, ја посетија сите предметни и одделенски наставници во текот на наредните неколку денови. | |
| **Точка на акција бр.7 Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во** | Реализирано | Јуни/септември, 2016 | Членовите на тимот еко стандард 2 на почеток на учебната година ги најавува членовите на еко патролите за заштеда на вода за одделенска и за предметна настава. Во случај на измени во текот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на овие активности.** | | | на годината, членството може да се менува од еден на друг ученик или да се зголемува бројот на членовите. | |

| УЧЕНИЦИ ОД ЕКОПАТРОЛА ЗА ЗАШТЕДА НА ВОДА ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА |
|---|
| Веда Мавровска |
| Марко Адам Котевски |
| Ана Митревска |
| Михаил Атанасовски |
| Марија Талевска |

Одговорен наставник: Вера Лајмановска

| УЧЕНИЦИ ОД ЕКОПАТРОЛА ЗА ЗАШТЕДА НА ВОДА ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА |
|---|
| Михаела Јанкуловска – лево крило |
| Јована Пајковска – десно крило |
| Андреа Костовска – лево крило |
| Симона Ефремова – лево крило |
| Елизабета Цветановска – десно крило |
| Теодора Цветковска – десно крило |

Одговорен наставник: Катерина Трајковска

**Изготвил: Светлана Јовановска**

## ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина

Полиса:  Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење.
Цели: Обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето и градинката.

| Цели од годишната програма на тимот 2016/2017 Планирано: | реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка, зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| 1.Ослободување од непотребните предмети во зградата (скршени клупи, саксии, вазни, табли, стари и исушени цвеќиња и слично). | реализирано | тековно | По потреба, во текот на годината<br>Отстранување на старите саксии и рамки за слики во училишниот хол се реализира по потреба, во тек на прво полугодие не се отстранети непотребни предмети.<br>Во текот на второ полугодие од рециклирани материјали ( стари дрвени палети) изработени се 4 гарнитури за седење, за потребите на учениците. Гаенитурите се поставени на двата спрата, по една во секој хол. | |
| 2 .Чистење на ходници, канцеларии, училници и фисклутурни сали со еколошки или нетоксични средства. | реализирано | тековно | Во текот на целата година, одделенските раководители спроведуваат чистење на просториите во училиштето со нетоксични средства.<br>Во училиштето по однапред договорен редослед на одговорни одделенија  и наставници, се спроведуваат еко патроли во училишниот хол ( во поладните месеци) и во училишниот двор (во потоплите месеци). | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. Назначување на одговорни лица согласно бројот на паралелки и смени во училиштето, односно бројот на групи во градинката за спроведување на горенаведените точки на акција. | реализирано | септември | Во тек на месец септември се состави новиот тим од ученици членови на еко тимот(веќе постоечките членови, а нови ученици од 6 одделение ги заменаа учениците од 9 кои заминаа). | |
| | | октомври | Како дополнителна активност која ќе се спроведе во текот на оваа учебна година, еко тимот ја одбра следната тема: *Растенија кои го прочистуваат воздухот.* (надвор од годишното планирање на еко тимот)<br>За таа цел, од страна на учениците од 6 одделение под водство на наставничката С.Захариева, првично беа посетени две цвеќари (Еделвајс и Хризантема). | |
| | | ноември | Во улога на родители - наставници, сопствениците на цвеќарите одржаа кратки предавања за учениците кои ги посетија, за тоа кои растенија се прочистувачи на воздухот. Објаснаа дека растенијата во домот (и во училиштето) не се заслужни само за повеќе кислород, туку некои од нив имаат способност за чистење на воздухот од отрови и мувла, а со тоа станарите помалку ги вдишуваат, што е секако одлично за здравјето. Тие го филтрираат воздухот од, на пример, разни градежни материјали, бои, прашина... што е многу важно, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | посебно во зимскиот период кога во градот има зголемена концентрација на ПМ10 честички. | |
| | | февруари | Од страна на учениците од 6-1 одделение се изврши скенирање на состојбата во училниците и училишниот хол со саксиско цвеќе и повеќе од видлива беше потребата од зголемување на нивниот број (освен неколку училници, во повеќето и воопшто нема). | |
| | | март | За едукација на учениците во целото училиште за растенија кои го прочистуваат воздухот и збогатување на училиштето со вакви растенија од страна на учениците од 6-1 одделение беше креирана јавна група: Растенија кои го прочистуваат воздухот, во кој беа вклучени наставници ученици и родители. Покрај едукативните материјали поставени на неа, забележлив беше и интересот на родителите кои исто така споделуваа искуства и мислења во групата.<br>На крај на месец март (21-28 март) беше организирана собирна акција во училиштето на саксиско цвеќе. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | април | Евалуација на бројот на донирано саксиско цвеќе – заклучено е дека голем дел од родителите се вклучија во акцијата, но бројот на потребни растенија не е постигнат. | |
| 8. Формирање на екопатроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и ќе го контролираат процесот на имплементација на овие активности. | | ноември | На првиот состанок на Еко –тимот на училиштето на 03.11.2016 година, се разговараше за екопатролите кои се спроведуваат во училишниот двор - секој ден после голем одмор од страна на две одделенија. Беа истакнати негативните страни – секој одговорен наставник секоја седмица губи дел од часот со исто одделение, а и кога времето е ладно не може да се излегува надвор. Затоа се најде решение – еко патролите да се спроведуваат и надвор и внатре во училиштето . Едно одделение да биде надвор, а друго внатре, а следната седмица обратно, по договор на одговорните наставници. Кога времето е ладно и двете одделенија да бидат во училиштето. Ваквиот распоред  продолжи и во второ полугодие, со напомена за ротирање на одделенијата внатре – надвор, од една седмица до друга. | |

**Изработил: Снежана Захариева**

## ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден и еколошки двор

Полиса: Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.
Цели: Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето и градинката.

| Цели од годишната програма на еко-тимот 2016/2017 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите/.реализатори | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на екопатроли | Формирани се екопатроли кои имаа задача да го надгледуваат спроведувањето на активностите на тимот | 10.2016 | Во месец октомври формирани се екопатроли од ученици од VI и VIII одделение кои имаат задача да го надгледуваат, следат, контролираат процесот на имплементација на активностите. | |
| Отстранување на непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот (исушени цвеќиња и дрва, скршени клупи, скршени корпи и слично). | Формираните екопатроли имаа задача со повеќе акции да го чистат училишниот двор од непотребни и нефункционални предмети. | 10-05. 2016/17 | Формираните екопатроли имаа задача во повеќе акции да го чистат училишниот двор од непотребни и нефункционални предмети. | |
| Одбележување на Месецот на екологијата. Планирана активност: централна манифестација-приредба. | Централна манифестација-приредба по мото:„Ајде да патуваме,да не загадуваме“. | 22.3.2017.г. | Програма:<br>1.Драматизација: „Светски, а наши“ (VIII-одд./Соња Петровска)<br>2. Балет: „Излетници мали“ (II-одд./Пандора Алексова-Запаренко)<br>3. „Еколошка песна“ (III-одд./Љубица Ширановиќ)<br>4. Доделување на наградите ............................ | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 5. Хип-хоп рецитал (придружено со екопесна): (IV-одд./Сузана Дишковска)<br>6. Екодрама:„Фамилијарен еко проект“ (V-одд./Весна Димитровска)<br>7. Балет: (песна:„Earth song“-Michel Jackson/Сања Кузмановска)<br>8. Песна: „Together we can change the world“-Mark Shepard (VI  и VIII одд./Игор Огненовски) | |
| Развивање на еколошката свест за уреден и еколошки чист училиштен двор. Планираниактивности: Разубавување на училишниот двор преку засадување нови растенија. | Работна акција-садење на сезонски цвеќиња. | 29.5.2017.г. | - Осмислување на просторот за садење/планирање (на левата страна од дворот кај главниот влез и покрај внатрешната страна од оградата).<br>- Претходна подготовка на објектите за садење (постојните две буриња и новонаправениот бунар со украсна корпа за цвеќе ( реализација на хаусмајсторите од училиштето). - Чистење на коровот и оплеменување на постојната земја со хумусна).<br>- Садење на сезонските цвеќиња (донација на учениците од екопатролите и наставниците од предметна настава (Златко Трајчевски, Андриана Димитров и Соња Петрвска-членови на Еко-стандар 4) во предвидениот простор.<br>- Засадување на дел од донесените растенија до оградата во дворот. -Залевање на посаденото. | / |

**Координатор: Одд.наставник-Дипл.педагог Снежана Стојанова**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕКО ТИМОТ

### Еко градина Климентина

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1Состанок на Еко тимот и разгледување на програмата за работа;**<br>**2.Подготовка на градината за садење;** | - Успешно функционирање на ушилишната екоградина;<br>- Воочување на прионосот на екоградината како резултат на минатогодишниот вложен труд. | септември, октомври | Во текот на месец септември беше формиран ученички тим кои се заинтересирани да работат на тема „Здрава храна“. Истите беа запознати со Годишната програма за работа на тимот | |
| **1.Садење на градината со учениците и наставниците;**<br>**2.Соработка на училиштето со Земјоделското училиште.** | Немавме соработка со Земјоделското училиште, семињата беа купени од земјоделска аптека | март | Во месец март со учениците од петто одделение беза засадени зачински билки во екоградината.<br>Направен е распоред на дежурства за наводнување на градината од страна на учениците кои живеат до училиштето. | Немавме соработка со Земјоделското беа купени од земјоделска училиште, семињата аптека. |
| **1.одржување на предавања за здрава исхрана во текот на наредните месеци;**<br>**2.Одржување на екоградината со дежурства на** | - Информирање за корисноста и штетноста на производите кои ги користиме во исхраната. | април,мај,јуни | По неколкуте предавања пред ученици од VIII одделение (Значење на хранливи материи, Пирамида на здрава исхрана, течности, физчки активности) беа реализирани и работилници на тема: Здрава храна. Имено учениците подготвуваа во | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ученици.** | | | училишни услови оброк кој ќе биде здрав и имаа задача да објаснат кои корисни придобивки би ги имал нашиот организам од нивните оброци. | |
| **1.изработка на плакати, флаери, брошури за здрава исхрана;**<br>**2.Презентација за користење на зачински билки, лекови и нивното значење за здравјето на човекот.** | - Пошироко информирање на сите ученици, вработени, како и локални жители за здрава храна. | март,април | Насловниот плакат кој го изработија наставниците по техничко образование со нивните ученици, заедно со оградата која ја изработија хаусмајсторите ќе бидат поставени во текот на второто полугодие после засадувањето на екоградината;<br>-Презентација на плакатот за денот на екологијата | |
| **1.Пакување на првите добиени зачински растенија и нивна продажба.** | не е реализирано | јуни | -Поттикнување на учениците за користење на зачинските растенија за здравјето. | Не е реализирано затоа што повеќето од зачинските билки кои ги насадивме се сѐуште мали , па се надеваме дека оваа активнот ќе се реализира во септември. |

**Изработи:**
**Марија Гилевска**

## Тим за електронска библиотека

| **Цели од годишната програма на тимот** (Планирано) | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка** (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| 1.Евидентирани наслови | Реализирано | Во текот на учебната 2016/2017 | Во текот на учебната 2016/2017 година се евидентирани 4600 наслови во електронска форма од библиотечниот фонд на училиштето. | **/** |
| 2.База на податоци | Реализирано | Во текот на учебната 2016/2017 | Во базата на податоци наставници континуирано внесуваат тематски и годишни планирања, огледни часови, инструменти за оценување, дневни подготовки со што се зајакнува соработката помеѓу нив. | / |
| 3.База од електронски изданија на наслови | Реализирано | Во текот на учебната 2016/2017 | Голем број на електронски книги внесени во базата на податоци кои може да ги користат учениците и наставниците. | / |

**Координатор: Игор Стојанов**

## Тим за училиште без насилство

| **Цели на годишната програма на тимот** (Планирано) | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка** (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на ученички тим | Реализирано | 09.2016год. | Во текот на месец септември на заинтересираните ученици кои изразија желба да бидат дел од овој тим | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | им ја презентиравме програмата за работа. | |
| Пишување на сценарио за драматизација | Реализирано | 09.2016год. | По разговорите за насилството и каде децата се среќаваат, одлучивме во драмски текст да го представиме насилството меѓу децата и ракцијата на родителите на децата кои покажуваат насилство. Од идеите на учениците, во координација со наставничката Андриана Димитров произлезе драмскиот текст „Не бев јас виновен!“ | |
| Часови по глума | Реализирано | 09-10.2016год. | Откако им беа распределни улогите, учениците имаа неколку проби на кои го извежбаа драмскиот текст. | |
| Изведување на драматизација | Реализирано | 10.2016год. | По изведбата на драматизацијата во училница, бидејќи се работеше за комичен текст одлучивме дека интересно би било учениците да ја изведат драматизација при посета на домот за стари лица „Сју Рајдер“ http://nenasilnouciliste.weebly.com/10851077-107310771074-111210721089-10741080108510861074107710771085.html | |
| Уредување на ученичко пано на тема: Справување со насилство | Реализирано | 12.2016год. | По одржаните работилници во кои разговаравме за емоциите кои ги предизвикува насилството, изработивме плакат на кој ги прикажавме емоциите на убави/ пријатни и неубави/ непријатни емоции кои ги буди насилничкото однесување. http://nenasilnouciliste.weebly.com/plakat.html | |
| Одржување на училишната веб страна www.nenasilnouciliste.weebly.com | Реализирано | 09-06.2016/17 | Учениците своите идеи/ предлози за надополнување на училишната веб страна ги споделуваат со наставничката, преработуваат и ги поставуваат на училишната веб страна. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Акција за подарување | Реализирано | 09.06.2017 | На завршетокот од учебната година претставници од ученици на училишниот тим за училиште без насилство, со цел поттикнување на ненасилна атмосфера и вон училишните клупи ги почестија учениците со позитивни пораки за другарство и убаво однесување. Со тоа им посакавме убав летен распуст, исполнет со позитивни емоции на сите ученици и наставници . http://nenasilnouciliste.weebly.com/10761072108810911074107211141077-108710861079108010901080107410801079107210840.html | |
| Организирање на ликовно-литературен конкурс | Реализирано | | | Овие активности не беа реализирани како засебни активности затоа што веќе претходно беа реализирани како дел од училишниот настан „Училиште без насилство“. http://nenasilnouciliste.weebly.com/109010741086108810731080-1.html |
| Изработка на фотографии | Реализирано | | | |

**Координатор: Андријана Димитров**

## Тим за професионално насочување на учениците

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Евалуација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2015/16 година** | Реализирано | Септември 2016 г. | Во месец септември 2016 г. се изврши евалуација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2015/16 година.Целта на оваа активност беше усогласување на Планот во сообразност со актуелните релевантни услови од опкружувањето. | |
| **Подетално запознавање на членовите на Тимот со Програмата за работа** | Реализирано | Октомври 2016 г. | Во месец октомври до сите членови на Тимот во електронска форма беше испратена Програмата за работа на истиот, со барање да се разгледа и сите забелешки , исправки или сугестии навреме да се достават по електронски пат.На тој начин сите членови подетално се запознаа со Програмата на на Тимот. Не беа доставени забелешки или сугестии. | |
| **Ревизија на Програмата и планот согласно извршената евалуација** | Реализирано | Ноември 2016 г. | Во месец ноември се изврши ревизија на Програмата и планот согласно со извршената евалуација се со цел ажурирање на воочените промените.Ревизијата на постоечката Програма по предлог на директорот на училиштето се изврши на одржаниот состанок со членовите на Тимот. По | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | извршената ревизија Програмата претрпе некои промени за кои се сложија сите присутни членови. Истотака беше едногласно донесена одлуката за одржување на состаноци по потреба. | |
| **Работилници на членови од Тимот на тема: „Што сакам да бидам кога ќе пораснам“.** | Реализирано | Декември 2016 г. | Во месец декември се реализираа планираните работилници на тема.<br>Наставничката Ленче Крстеска одржа работилница на тема „Професија од моите сништа„ со учениците од 8 одд на еден од своите редовни часови.<br>Наставничката Весна Аврамовска-Димитровска одржа работилница на тема „Што сакам да бидам кога ќе пораснам“со учениците од својата паралелка на одделенски час -животни вештини.<br>Наставничката Соња Кузманова во соработка со наставничката Евдокија Галовска одржа работилница на тема „Професија -лекар„ со учениците од 8-1 одд. На работилницата присуствуваше родителка на еден од учениците на истата паралелка по професија-лекар. | |
| **Анализа за заинтересираноста на учениците од 8- одд. за одредени профили на занимања(дејности)** | Реализирано | Јануари, февруари 2017 г. | На почетокот на второто полугодие училишниот психолог ги анкетираше сите осмоодeленци во нашето училиште. Од спроведената анкета се направи анализа за заинтересираноста на учениците од 8 одделение за одредени профили на занимања( дејности) | |
| **Избор на 30 ученици** | Реализирано | Март 2017 г. | Откривање на најзантересираните ученици | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **од анкетираните осмоодделенци** | | | од сите анкетирани осмоодделенци за претстојните активности | |
| **Анкетирање на избраните ученици** | Реализирано | Мај 2017 г. | Анкетирање на избраните ученици го изврши Стручната служба при Заводот за вработување на град Битола | |
| **Избирање на 2-3 ученици од 8 одд**<br>**Изработка на протокол за ученици**<br>**Изработка на протокол од страна на професионалецот**<br>**Дисеминација на учениците од 8-одд:**<br>**Ден на вештини** | Реализирано | Април, мај 2017 г. | | Оваа активност не се реализира затоа што Стручната служба при Заводот за вработување на град Битола навреме не ги достави резултатите од претходноостварената анкета. Истото ќе се реализира и ќе биде напишано и планирано за наредната година |
| **9. Посета на општински средни училишта** | Реализирано | Мај 2017г. | На покана на две општински средни училишта се изврши посета на истите од страна на група од деветтооделенците заинтересирани токму за упис во овие училишта. Во текот на извршените посети учениците имаа можност да се запознаат со начинот на работа на овие установи , како и со просторните услови во истите. | |
| **10. Посета на Саемот за самовработување** | Реализирано | Јуни 2017 | На покана на Стручната служба при Заводот за вработување на град Битола | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | претходно избраните 30 ученици го посетија Саемот за самовработување што се одржа во нашиот град. Избраните ученици на саемот се запознаа со голем број на државни и приватни организации кои опстојуваат во нашиот град, како и со Програмата за самовработување која ја нуди Државниот завод за вработување. | |

**Координатор:Соња Кузманова**

## Тим за пофалување и наградување

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување на програмата за работа на Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците** | Реализирано | Август 2016 година | Во месец август 2016 година беше изготвена на програмата за работа на тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците за учебната 2016/2017година. | / |
| **Разгледување на критериумите за пофалување и наградување на учениците и наставниците и нивно** | Реализирано | Септември 2016 година | Членовите на Тимот за пофалување и наградување уште еднаш ги разгледаа критерумите и немаа никакви дополнувања на донесените критериуми, само се донесе одлука при изборот за омилен наставник помеѓу учениците да се одредува процент на гласовите во однос на учениците | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **дополнување** | | | | |
| **Објавување конкурс за најдобар наставник за учебната 2016/2017 година** | Реализирано | Октомври 2016 година | Тимот заедно со Директорката го објави конкурсот за пријавување на наставници кои ќе учествуваат во изборот на најдобар наставник за учебната 2016/2017 година. Рокот за пријавување беше до 24.10.2016 година. | / |
| **Давање предлози по совети за наставници кои ќе учествуваат во изборот за најдобар наставник за 2016/2017 година** | Реализирано | Октомври 2016 година | Бидејќи во периодот кој беше одреден за пријавување на наставници за „наставник на годината“самоиницијативно немаше поднесени пријави, тимот за пофалување и наградување ги предложи следните наставници:<br>Iодделение: Билјана Печипајковска<br>II одделение: Пандора Запаренко<br>III одделение: Венета Јоновска, Марика Костовска<br>IV одделение: Јасна Јанева Гулевски<br>V одделение: Вера Стевановска<br>VI одделение: Јулија Ивановска<br>VII одделение: Лидија Шунда Шокларовска<br>VIII одделение: Атанас Пеев, Соња Петровска<br>IX одделение: Виолета Поповска, Славица Костевска<br>Предложените наставници најдоцна до 31.10.(понеделник) да ги достават потребните документи до тимот за пофалување и наградување | / |
| **Прибирање и разгледување на формулари со прелози за наставник на годината за учебната 2016/2017година** | Реализирано | Ноември 2016 година | Наставниците кои поднесоа формулари за учество во изборот на најдобар наставник, формуларите беа разгледани на секој наставник и беа соодветно бодирани според скалата која беше утврдена од тимот за пофалување и награување. Од портфолијата наставниците ги добија следните бодови: | / |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
<table>
<tr><td colspan="2">ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА</td><td colspan="2">ПРЕДМЕТНА НАСТАВА</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Билјана Печипајковска 1бод</td><td>1.</td><td>Јулија Ивановска 1бод</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Пандора Алексова Запаренко 1бод</td><td>2.</td><td>Соња Петровска 1бод</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Венета Јоновска 1бод</td><td>3.</td><td>Виолета Поповска 2бода</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Јасна Јанева Гулевски 1бод</td><td>4.</td><td></td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Вера Стевановска 2бода</td><td>5.</td><td></td></tr>
</table>
</td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td>Избор на наставник на годината за 2016/2017(еден од одделенска настава, еден од предметна настава)</td>
<td>Реализирано</td>
<td>Ноември 2016година</td>
<td>Според гласовите на Наставничкиот совет листата изгледа вака:
<table>
<tr><td colspan="2">ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА</td><td colspan="2">ПРЕДМЕТНА НАСТАВА</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Билјана Печипајковска 18 гласови</td><td>1.</td><td>Јулија Ивановска 32 гласови</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Пандора Алексова Запаренко 6 гласови</td><td>2.</td><td>Соња Петровска 11 гласови</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Венета Јоновска 4 гласови</td><td>3.</td><td>Виолета Поповска 7 гласови</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Јасна Јанева Гулевски 16 гласови</td><td>4.</td><td></td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Вера Стевановска</td><td>5.</td><td></td></tr>
</table>
</td>
<td>/</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
<table>
<tr><td></td><td>7 гласови</td><td></td><td></td></tr>
</table>
Имаше 4 неважечки ливчиња.<br>
Според бодовите од портфолиото и гласовите на Наставничкиот совет за најдобар наставник за учебната 2016/2017година во одделенска настава е избрана наставничката Билјана Печипајковска, а во предметна настава наставничката Јулија Ивановска.
</td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td>Избор на омилен наставник помеѓу учениците од VI до IX одделение</td>
<td>Реализирано</td>
<td>Ноември 2016 година</td>
<td>
Во изборот за омилен наставник помеѓу учениците од VI до IX одделение учествуваат сите наставници кои предаваат од VI до IX одделение.<br>
Листата изгледа вака:
<table>
<tr><th>Наставник</th><th>Број на гласови</th><th>Процент</th></tr>
<tr><td>Јулија Ивановска</td><td>21</td><td>14,09%</td></tr>
<tr><td>Атанас Пеев</td><td>14</td><td></td></tr>
<tr><td>Игор Стојанов</td><td>7</td><td></td></tr>
<tr><td>Снежана Захариева</td><td>20</td><td>20,8%</td></tr>
<tr><td>Бранко Стојановски</td><td>42</td><td>19,1%</td></tr>
<tr><td>Пеце Трифуновски</td><td>25</td><td>25,7%</td></tr>
<tr><td>Лидија Шунда Шокларовска</td><td>17</td><td></td></tr>
<tr><td>Сашо Велјановски</td><td>16</td><td></td></tr>
<tr><td>Андријана Димитров</td><td>12</td><td></td></tr>
<tr><td>Александар Јаневски</td><td>66</td><td>30 %</td></tr>
<tr><td>Маргарита Поповска</td><td>20</td><td>13,04%</td></tr>
<tr><td>Златко Трајчевски</td><td>19</td><td></td></tr>
<tr><td>Горан Димовски</td><td>14</td><td></td></tr>
<tr><td>Оливера Илиевска</td><td>18</td><td></td></tr>
<tr><td>Соња Кузманова</td><td>2</td><td></td></tr>
</table>
</td>
<td>/</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
<table>
<tr><td>Сања Кузмановска</td><td>8</td><td></td></tr>
<tr><td>Бојана Димовска Гоновска</td><td>15</td><td></td></tr>
<tr><td>Љупчо Стојановски</td><td>39</td><td>32,5%</td></tr>
<tr><td>Игор Огненовски</td><td>4</td><td></td></tr>
<tr><td>Евдокија Галовска</td><td>1</td><td></td></tr>
<tr><td>Стефанија Трајковска</td><td>11</td><td></td></tr>
<tr><td>Ленче Крстевска</td><td>6</td><td></td></tr>
<tr><td>Никола Аврамовски</td><td>7</td><td></td></tr>
<tr><td>Стевче Тодоровски</td><td>10</td><td></td></tr>
<tr><td>Виолета Поповска</td><td>7</td><td></td></tr>
<tr><td>Мирјана Стојановска</td><td>2</td><td></td></tr>
<tr><td>Златко Крстевски</td><td>5</td><td></td></tr>
<tr><td>Славица Костеска</td><td>3</td><td></td></tr>
<tr><td>Билјана Цветковска</td><td>1</td><td></td></tr>
<tr><td>Пеце Колев</td><td>3</td><td></td></tr>
<tr><td>Катерина Трајковска</td><td>12</td><td></td></tr>
<tr><td>Марина Трајчевска</td><td>1</td><td></td></tr>
</table>
Бидејќи одлука на тимот е да се одреди процент на освосени гласови во однос на ученици, тимот одреди процент за оние наставници кои имаат 20 и повеќе гласови. Според тоа омилен наставник помеѓу учениците од VI до IX одделение е наставникот Љупчо Стојановски со 39 гласови, или 32,5% од гласовите.
</td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td>Прогласување на наставник на годината за 2016/2017(еден од одделенска настава, еден од предметна</td>
<td>Реализирано</td>
<td>Декември 2016</td>
<td>На 07.12.2016година на свечена манифестација во Домот на културата во Битола беа прогласени најдобрите наставници за учебната 2016/2017година според критериумите на тимот за ппофалување и наградување. На истите им беа</td>
<td>/</td>
</tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **настава)** | | | доделени пофалници и симболични награди | |
| **Анализа на работата на тимот и реализација на програмата.** | Реализирано | Декември 2016 | Во првото полугодие од учебната 2016/2017година во Тимот за пофалување и наградување имаше Успешна соработка помеѓу членовите на тимот, сите планирани активности беа и реализирани. | / |
| **Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот** | Реализирано | Јануари 2017 | Известување самоевалуација на крајот од првото полугодие за реализираните активности предвидени во програмата за работа.<br>Се што беше планирано во годишната програма на Тимот за пофалување и наградување за прво полугодие , се е реализирано. | / |
| **Прибирање и разгледување на портфолија на пријавени ученици за пофалување и наградување за учебната 2016/2017година** | Реализирано | Мај 2017 | Крајниот рок за поднесување н апортфолија на ученици кои се пријавуваат за да бидат пофалени и наградени ученици за учебната 2016/2017година беше 15 мај. До комисијата беа поднесени голем број портфолија кои беа разгледани и бодирани според критериумите на Тимот за пофалување и наградување. | / |
| **Избор на пофалени и наградени ученици за учебната 2016/2017година, избор на првенци на генерација и спортисти на годината** | Реализирано | Мај 2017 | Откако беа разгледани сите поднесени портфолија на ученици тимот ги разгледа и според бодувањето ја донесе листата која е дадена во прилиг на извештајот. | / |
| **Доделување на награди и пофалници на најдобрите ученици за учебната 2016/2017година** | Реализирано | Мај 2017 | На денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј на приредба беа доделени наградите , пофалниците и благодарниците на најдобрите ученици за учебната 2016/2017 година според критериумите на тимот за пофалување и | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | наградување на наставници и ученици. | |
| **Доделување на благодарници на ученици кои активно учествуваат во наставни и воннаставни активности и го промовираат училиштето** | Реализирано | Јуни 2017 | Одделенските раководители доставија листа со ученици кои активно учествуваат во наставни и воннаставни активности,и кои го афирмираат училиштето. Тимот ги разгледа и на учениците кои имаат учествувано во три и повеќе активности им додели благодарници. | / |
| **Изготвување на годишен извештај за работата на тимот** | Реализирано | Јуни 2017 | Известување самоевалуација на крајот од учебната година за реализираните активности предвидени во програмата за работа.<br>Се што беше планирано во годишната програма на Тимот за пофалување и наградување за оваа учебна година, се е реализирано. | / |
| **Анализа на работата на тимот и реализација на програмата** | Реализирано | Јуни 2017 | Во учебната 2016/2017година во Тимот за пофалување и наградување имаше успешна соработка помеѓу членовите на тимот, сите планирани активности беа и реализирани. | / |

| 3 одделение: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Поени | |
| **1.** Давор Петковски 3-5 | 98 | Награда |

| 4 одделение: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Поени | |
| **1.** Искра Нечаковска 4-3 | 82 | Награда |
| **2.** Лина Шеровска 4-3 | 80 | пофалница |
| **3.** Михаил Атанасовски 4-4 | 55 | благодарница |

| 5 одделение: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Поени | |
| **1.** Марко Димовск 5-5 | 185 | Награда |
| **2.** Ева Димовска 5-3 | 152 | Награда |
| **3.** Леона Колтовска 5-2 | 131 | пофалница |
| **4.** Александар Китановски 5-4 | 130 | пофалница |
| **5.** Ана Дамчевска 5-2 | 120 | пофалница |
| **6.** Ѓорѓи Гајтановски 5-1 | 113 | пофалница |
| **7.** Ањა Стефановска 5-2 | 110 | благодарница |
| **8.** Милош Гугучевски 5-1 | 98 | благодарница |
| **9.** Борис Граматковски 5-5 | 81 | благодарница |
| **10.** Виктор Колеќески 5-2 | 79 | благодарница |
| **11.** Елени Попоска 5-3 | 77 | благодарница |
| **12.** Михаил Дурловски 5-5 | 69 | благодарница |
| **13.** Михаил Бичевски 5-2 | 59 | благодарница |

| 6 одделение: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Поени | |

| | | |
|---|---|---|
| **1.** Давор Савески 6-2 | 98 | Награда |
| **2.** Матеа Пеева 6-2 | 87 | Награда |
| **3.** Никола Каревски 6-3 | 82 | Награда |
| **4.** Мартина Силјановска 6-3 | 80 | пофалница |
| **5.** Ана Марија Нечова 6-3 | 79 | пофалница |
| **6.** Јана Србакоска 6-5 | 69 | пофалница |
| **7.** Деа Кадри 6-5 | 59 | пофалница |
| **8.** Филип Илиевски 6-2 | 40 | пофалница |
| **9.** Филип Цветковски 6-5 | 35 | пофалница |
| **10.** Ивана Богоевска 6-4 | 30 | благодарница |
| **11.** Петар Блајбершник 6-5 | 29 | благодарница |

| 7 одделение: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Поени | |
| **1.** Томе Јолевски 7-3 | 58 | Награда |
| **2.** Василиј Тасевски 7-3 | 33 | пофалница |
| **3.** Ивана Вељковиќ 7-3 | 31 | пофалница |
| **4.** Симона Жирова 7-3 | 30 | благодарница |
| **5.** Јована Танчевска 7-3 | 29 | благодарница |

| 8 одделение: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Поени | |
| **1.** Кирил Стефановски 8-1 | 116 | Награда |
| **2.** Наталија Ѓорѓиевска 8-5 | 100 | Награда |
| **3.** Ангел Поповски 8-2 | 98 | пофалница |
| **4.** Емилијана Царлиев 8-1 | 94 | пофалница |
| **5.** Марина Талевска 8-2 | 76 | благодарница |

| 9 одделение: |
|---|

| Име и презиме | Поени | |
|---|---|---|
| **1.** Андреа Филевска 9-1 | 95 | Првенец на генерација |
| **2.** Јована Станојовска 9-1 | 87 | Првенец на генерација |
| **3.** Андреа Костовска 9-2 | 62 | пофалница |
| **4.** Илина Трајковска 9-1 | 50 | благодарница |
| **5.** Емилија Стојановска 9-4 | 50 | благодарница |

СПОРТИСТИ НА ГОДИНАТА

| Одделенска настава | |
|---|---|
| Име и презиме | Поени |
| **1.** Марко Димовски 5-5 | Награда |
| **2.** Милош Гугучевски 5-1 | Награда |

| Предметна настава | |
|---|---|
| Име и презиме | Поени |
| **1.** Елена Тасевска 9-5 | Награда |
| **2.** Александар Петковски 9-2 | Награда |

**Координатор: Даниела Петковска**

## Тим за изработка на училишниот весник ,,С ветлини”

| Цели од годишната програма на тимот (планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Формирање групи за работа;**<br>**2. Задачи за групите.** | Реализирано | 10.10. 2016г. | Формирани се групи за работа на кои им се дадени соодветни задачи; Определени се одговорни лица на групите кои се задолжени за комуникација со одговорните координатори на тимови и комисии од каде треба да се довијат одредени потребни информации. | |
| **3. Извештаи од предходни задачи-анализа;**<br>**4. Доделување нови задачи.** | Реализирано | 19. 10. 2016 | Разгледани се пристигнатите материјали, анализирани и селектирани;<br>Дадени се нови здачи на членовите и фирмирани се комисии за: прегледување на творбите од лит. конкурс, јазична корекција, подготовка на содржината на весникот. | |
| **5. Селекција на пристигнатиот материјал;**<br>**6. Уредување и определување на содржините во весникот по страници.** | Реализирано | 31.10.2016 | Селектиран е пристигнатиот материјал, определени наслови на рубрики, составена е содржината. | |
| **7. Разгледување на примери за насловна страница;**<br>**8. Избор на насловна** | Реализирано | 21.11.2016 | Разгледани се пристигнатите примери за насловна страница што ги изработи родителката Даниела Николовска; Напревен е избор за насловна страница која, според тимот, најдобро го | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **страница за весникот.** | | | одразува мотото на кое се потпираа темите во весникот. | |

**Забелешка: Во текот на второто полугодие тимот немаше посебни активности. Ова е период кога се прибираат материјали, се разгледуваат предлози, идеи, форми, методи за работа на новиот број на весникот во новата учебна година.**

**Координатор: Оливера Илиевска**

## Тим за оценување,следење и вреднување

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка ( зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување на Програма и Календар за работа на тимот** | Реализирано | септември 2016 г. | Тимот за следење и вреднување донесе програма за следење, проверување и оценување на напредокот на учениците и наставниците. Целта беше да има усогласена политика за оценување на ниво на училиште за зголемување на објективноста, етичноста, континуираноста, како и на начините за информирање на родителите. | |
| **Анкетно истражување за утврдување на целните групи -анкетн** | Реализирано | октомври 2016 г. | Наставниците, кои ја посетуваа работилницата од минатата учебна година, добија материјали на тема Блумова таксономија. Се подготвува матерјал од страна на членовите од тимот, кој ќе се испрати по електронска пошта на одредена група од наставници (наставници кои не ги посетувале обуките организирани од ПЕП), со цел зголемена објективност во оценувањето. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Мора да се потенцира дека секојдневните сугести, совети, размена на искуства помеѓу наставниците не изостануваат. Постои меѓу младите наставници желба за правилно водење на наставниот процес, надградување и негово доследно реализирање.<br>Дел од тимот помага при изготвување на објективни тестови по завршување на секој класификационен период, како и нивно вреднување од страна на наставникот. | |
| **Изготвување на Календар за реализација на предвидените активности** | Реализирано | ноември 2016 г. | Работилницата на тема Блумова таксономија се испрати по електронска пошта кај одредена група на наставници, а за нивните нејаснотии, членовите од тимот секојдневно сугерираа за правилно оценување и вреднување на знаењата на учениците.<br>Кај дел од наставници се испраќаат и други наставни матерјали кои им помогнало во справувањето со дилемата за собирање на досие од докзи | |
| **Одржливост на Базата на инструменти за оценување и самооценување на ниво на стручни активи** | Реализирано | во текот на целата година | Активите формираа база на податоци во кои имаат инструменти за оценување и самооценување на учениците. Се разменуваат наставни помагала, електронски се дополнуваат тематските и дневните планирања. Оваа база на податоци не е во целост спроведена во сите активи на ниво на училиште. | |
| **Посета на семинари, конференции и работилници за оценување за различни целни групи** | Реализирано | во текот на целата година | Дел од наставниците учествуваа на повеќе работилници, семинари, конференции со цел збогатување на стекнатите знаења, како и надградба на истите. | |

**Координар: Лидија Шунда-Шокларовска**

## Тим за проверка на електронскиот дневник

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на I и IV одд. за 2016/2017 год.** | Реализирано | септември, јуни 2016 -2017 г. | Електронските дневници се пополнуваа од наставниците се до крајот на месец октомври 2016 г. за септември. Во периодот од октомври до јуни секоја седмица редовно се прегледуваат дневниците за запишаните часови. Следеја 29 извештаи. Изработени беа извештаи за секое тримесечие, за прво полугодие и годишен. Извештаите се доставуваат електронски до службата. | |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на II ,III,V одд. за 2016/2017 год.** | Реализирано | септември, јуни 2016 -2017 г. | Електронските дневници се поплнуваа од наставниците се до крајот на месец октомври 2016 г. за септември. Во периодот од октомври до јуни секоја седмица редовно се прегледуваат дневниците за запишаните часови. Следеја 29 извештаи. Изработени беа извештаи за секое тримесечие, за прво полугодие и годишен. Извештаите се доставуваат електронски до службата. | |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VI одд. за 2016/2017 год.** | Реализирано | септември, јуни 2016 -2017 г. | Електронските дневници се поплнуваа од наставниците се до крајот на месец октомври 2016 г. за септември. Во периодот од октомври до јуни секоја седмица редовно се прегледуваат дневниците за запишаните часови. Следеја 29 извештаи. Изработени беа извештаи за секое тримесечие, за | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | прво полугодие и годишен. Извештаите се доставуваат електронски до службата. | |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VII одд. за 2016/2017 год.** | Реализирано | септември, јуни 2016 -2017 г. | Електронските дневници се поплнуваа од наставниците се до крајот на месец октомври 2016 г. за септември. Во периодот од октомври до јуни секоја седмица редовно се прегледуваат дневниците за запишаните часови. Следеја 29 извештаи. Изработени беа извештаи за секое тримесечие, за прво полугодие и годишен. Извештаите се доставуваат електронски до службата. | |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VIII одд. за 2016/2017 год.** | Реализирано | септември, јуни 2016 -2017 г. | Електронските дневници се поплнуваа од наставниците се до крајот на месец октомври 2016 г. за септември. Во периодот од октомври до јуни секоја седмица редовно се прегледуваат дневниците за запишаните часови. Следеја 29 извештаи. Изработени беа извештаи за секое тримесечие, за прво полугодие и годишен. Извештаите се доставуваат електронски до службата. | |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на IX одд. за 2016/2017 год.** | Реализирано | септември, јуни 2016 -2017 г. | Електронските дневници се поплнуваа од наставниците се до крајот на месец октомври 2016 г. за септември. Во периодот од октомври до јуни секоја седмица редовно се прегледуваат дневниците за запишаните часови. Следеја 29 извештаи. Изработени беа извештаи за секое тримесечие, за прво полугодие и годишен. Извештаите се доставуваат електронски до службата. | |

**Координатор: Славица Костевска**

## Тим за активности од хуманитарен карактер

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Спроведување на хуманитарна акција : „Да си подадеме рака“** | Реализирано | 28.09.2016 | Под раководство на училишниот педагог и психолог беше спроведена акција за собирање на зачувани униформи, училишен прибор (тетратки, моливи, боички сл) | |
| **Распределба на донации по ученици- социјални случаеви** | Реализирано | 07.10.2016 | Униформите и училишниот прибор кои беа собрани во претходно спроведената акција беа класифицирани според возраст и потреба на учениците, па потоа истите беа донирани на ученици од социјално загрозени семејства. | |
| **Новогодишен подарок (пакетче) за моето другарче** | Реализирано | 23.12.2016 | Под раководство на училишниот педагог и психолог се раеализираше хуманитарна акција во која учениците на собирни пунктови собираа производи од ученици од цело училиште. Истите ги селектираа и пакуваа во пакетчиња наменети за деца од социјално ранливи категории. | |
| **Новогодишен панаѓур** | Реализирано | 26.12.2016 | Дел од собраните средства од новогодишниот панаѓур на кои беа продавани изработки од ученици, традиционално беа наменети за хуманитарни цели. | |
| **Новогодишна приредба, дружење со Дедо Мраз и доделување на пакетчиња на ученици од социјално ранливи категории** | Реализирано | 27.12.2016 | Учениците од претходно споменатиот тим осмислија представа во која учество зедоа и ученици од одделенска настава под раководство на нивните наставници. На оваа приредба пакетчињата им беа доделени на ученици од | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | социјално ранливи категории. | |
| **Хуманитарна помош за лекување на ученик од друго училиште за лекување во странство** | Реализирано | 25.01.2017 | По прирстигнатото барање на родителите на ученикот на кој му е потребно парична помош за лекување заедно со приложените документи, во нашето училиште беше спроведена хуманитарна акција со која беа собрани парични средства за споменатата намена. | |
| **Хуманитарна помош за ученичка од нашето училиште за лекување во странство** | Реализирано | 13.02.2017 | Учениците од цело училиште по паралелки собираа парични средства кои беа донирани на отворената донаторкса сметка на ученичката на која и беше потребно лекување во странство. | |
| **Одбележување на празникот „Св. Валентајн“ преку хуманитарна акција** | Реализирано | 14.02.2017 | Во организација на наставничката Виолета Поповска беше организирано одбележување на празникот Св. Валентајн преку продавање на интересни изработки кои се симбол за овој празник. Собраните средства беа донирани за лекување на ученичка од нашето училиште. | |
| **Хуманитарна забава за лекување на ученичка од нашето училиште** | Реализирано | 07.04.2017 | Во спортската сала на нашето училиште беше организиран забава со DJ Mojsov, Last Exibition, High Voltage. Средствата собрани од влезниците беа донирани за лекување на ученичка од нашето училиште. | |
| **Одбележување на меѓународен ден на лица со аутизам** | Реализирано | 13.04.2017 | Во рамките на велигденскиот панаѓура се собраа изработки со сина боја, кои го симболизираа меѓународниот ден на лицата со аутизам. Средствата кои беа собрани со продавање на истите беа наменети за лица со аутизам. | |

## Тим за училишна заедница

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Формирање на ученички тим** | Реализирано | 09.2016 | Целта на состанокот беше формирање на ученички тим од сите ученици-претседатели на одделенските заедници. | |
| **2. Разгледување на програмата за работа** | Реализирано | 09.2016 | Тимот на училишната заедница ја разгледа програмата за работа на училишната заедница со цел воведување на учениците во активностите за учебната 2016/2017 година. | |
| **3. Приредба за прием на првачињата** | Реализирано | 09.2016 | Тимот на училишната заедница организира свечен прием на првачињата во Детската организација, проследен со културно-уметничка и забавна програма. | |
| **4. Акција за собирање облека и обувки за социјално згрижени ученици** | Реализирано | 10.2016 | Тимот на училишната заедница организира акција за собирање на облека и обувки за социјално згрижени ученици со цел да им се помогне на социјално загрозените ученици како и да се поттикне хуманоста на учениците. | |
| **5. Разговори и информирање со стручните служби и директорот** | Реализирано | 10.2016 | Тимот на училишната заедница беше на состанок со стручните служби и директорката на училиштето со цел нивно запознавање со стручниот кадар на училиштето. | |
| **6. Настан за поттикнување за користење на здрава храна** | Реализирано | 10.2016 | Тимот на училишната заедница одржа настан под наслов: „Здраво е, од Климентина е!“, со цел информирање на учениците за здравиот начин на исхрана преку драматизации, музички точки и рецитали. Учениците на настанот видоа дека тие | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | самите можат и умеат да подготват здрав, вкусен и креативен оброк. | |
| **7. Акција за подарување** | Реализирано | 11.2016 | Тимот на училишната заедница организира акција за подарување, односно организира креативна работилница за изработка на подароци. Со оваа работилница се развиваат креативните способности на учениците, како и чувството на дружење. | |
| **8. Разгледување на успехот на учениците по I тримесечие** | Реализирано | 11.2016 | Тимот на училишната заедница се состана со одговорниот наставник и на состанокот беа дискутирани проблемите и потешкотиите што ги имаат учениците во првото тримесечие од учебната 2016/2017 година во однос на наставна содржина, меѓусебна комуникација и како истите да се надминат во следното тромесечие. | |
| **9. Разговори и информирање со стручните служби и директорот** | Реализирано | 11.2016 | Тимот на училишната заедница одржа состанок со директорката на училиштето Андријана Мигуловска со цел утврдување на проблемите на учениците во наставата и начини за нивно надминување. | |
| **10. Подготовки за реализација на програмата за прослава на Патрониот празник** | Реализирано | 12.2016 | Во чест на патрониот празникот на нашето училиште беше организирана централна свеченост на тема„ Сложни раце среќна иднина градат каде учествуваа членови на училишната заедница како и други ученици. | |
| **11. Посета на Домот за доенчиња** | Реализирано | 12.2016 | Тимот на училишната заедница организира собирање на облека и играчки за децата од Домот за доенчиња чија цел беше изразување на хуманост кон другите луѓе. | |
| **12. Претприемачки активности** | Реализирано | 12.2016 | Тимот на училишната заедница одржа предновогодишен панаѓур чија цел беше учениците да го развијат нивниот претприемачки дух преку продажба на подготвени оброци, предмети и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | украси. | |
| **13. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од I полугодие** | Реализирано | 01.2017 | Тимот на училишната заедница се состана со одговорниот наставник и на состанокот беа дискутирани проблемите и потешкотиите што ги имаат учениците во првото полугодие од учебната 2016/2017 година во однос на наставна содржина, меѓусебна комуникација и како истите да се надминат во следното. | |
| **14. Одбележување на Св.Валентин** | Реализирано | 02.2017 | Тимот на училишната заедница организира настан за најубава љубовна порака за одбележување на Св. Валентин чија цел беше да се поттикне користењето на убави пораки во меѓусебната комуникација. | |
| **15. Разговори и информирање со стручните служби и директорот** | Реализирано | 02.2017 | Тимот на училишната заедница се состана со директорката на училиштето со цел зголемено информирање на учениците во решавањето на нивните проблеми. | |
| **16. Активности по повод 21-ви Март (Денот на екологијата)** | Реализирано | 03.2017 | Тимот на училишната заедница зеде учество и во активностите околу организирањето на манифестацијата за одбележување на Денот на екологијата. | |
| **17. Организирање на ликовно-литературен конкурс** | Реализирано | 04.2017 | Тимот на училишната заедница зеде учество во организацијата на еко-настанот „Една планета имаме“, каде имаше избор на најдобра фотографија. Наградите на трите најдобри фотографии, како и пофалници за учество на учениците од сите одделенија беа доделени од директорката Андријана Мигуловска. | |
| **18. Разговори и информирање со стручните служби и директорот** | Реализирано | 03.2017 | Тимот на училишната заедница се состана со директорката на училиштето со цел зголемено информирање на учениците во решавањето на нивните проблеми. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19. Подготовки за Екстерно тестирање** | не | | | Не е реализирано поради укинување на екстерното тестирање на ниво на држава. |
| **20. Разговори и информирање со стручните служби и директорот** | Реализирано | 04.2017 | Тимот на училишната заедница се состана со стручните служби директорката на училиштето со цел сумирање на сите проблеми кои произлегле во текот на учебната 2016/2017 година и нивно решавање. | |
| **21. Претприемачки активности** | Реализирано | 04.2017 | Во пресрет на Велигденските празници беше организиран Велигденски хепенинг. Целта на ваквите собири е развивање на претприемачки дух кај учениците уште од најмали нозе. | |
| **22. Активности околу организирање на полуматурска забава** | Реализирано | 05.2017 | Тимот на училишната заедница беше активно вклучен околу организирање на полуматурска забава, во однос на разговори за избор на дата, место и време за прославаа. На истиот состанок беше разговарано и за професионалната ориентација на деветто одделенците. | |
| **23. Изготвување на извештај за работата на Училишната заедница, предлози за следната година** | Реализирано | 06.2017 | Одговорниот наставник на Тимот на училишната заедница изготви извештај со сите реализирани и нереализирани активности во текот на учебната 2016/2017 година дадени во претходно изготвен план. | |

**Координатор: Маја Мијајловиќ**

## Тим за пмио

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка ( зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Состанок на тимот за изработка на програма за Проектот ПМИО** | Реализирано | Август 2016 | Изработка на програма за Проектот.Известување за планирање на часови како во редовната настава така и во Животни Вештини (2 + 3 часа) | |
| **Процедура за сертификација** | Реализирано | 09-10.2016 | Во текот на месец септември и октомври беа информирани наставниците дека можат сеуште да се сертифицитаат се до 31.10.2016 год. Во тек на месец септември и октомври наставниците требаше да ги подготват порфолијата за сертификација, за СИТ от да може даизврши контрола и да ги пополни документите за сертификација на наставниците. | |
| **Средување и испараќање на документите за сертификација** | Реализирано | 09-10.2016 | Сертификати за стекнати компетенции за практична примена на активностите на МИО (за наставници, директори, стручни соработници). Односно сертификација на наставниците за реализирани активности како самостојни така и заеднички со партнер училиште. (пријавени за сертификација беа 2 учесници во активностите на ПМИО). | |
| **Менторска средба - последна средба од ПМИО** | Реализирано | 27.10.2016 | На средбата која се одржа во ОУ „Кирил и Методиј“ беа поканети сите училишта од општина Битола. Средбата ја реализира Проектот МИО со преставник од БРО Дијана Каравеловска и Александра Сивеска од невладини организација. На менторските средби учествуваше училишниот координатор на тимот - Славица Костевска. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - Целта на менторска средба е:<br>1. Согледување и рефлексија на ПМИО;  2. Препораки за натамошни активности;<br>3. Дискусија за МИО активностите | |
| **Средување и испараќање на документите за сертификација** | Реализирано | 15.01.2017 | Сертификати за стекнати компетенции за практична примена на активностите на МИО (за наставници, директори, стручни соработници), односно сертификација  на наставниците за реализирани активности како самостојни така и заеднички со партнер училиште. (пријавени за сертификација  се уште се чека да се пријават учесници во активностите на ПМИО). Доколку има заитересирани ќе се пријават . | |

**Координатор: Славица Костевска**

## Тим за учење

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Состанок на  тимот  за учење за изготвување на анекс-програма** | Реализирано | 29.08.16 | Договор за активности во текот на учебната 2016/2017 год. | |
| **Консултативни средби со одговорниот советник од БРО** | Реализирано | 30.09.2016 | Советодавна поддршка  и консултации | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Состанок со пријавени наставници за сертификација- Кристина Лајмановска** | Реализирано | 14.10.2016 | Распоредување на часовите за сертификација- Кристина Лајмановска | |
| **Консултации при подготовка на часови** | Реализирано | 19.10.2016 | Советодавна поддршка при подготвување на часовите | |
| **Реализација на часови за сертификација** | Реализирано | 27.10.2016 | Советодавна поддршка при реализација на час | |
| **Консултации при подготовка на часови** | Реализирано | 31.10.2016 | Советодавна поддршка при подготвување на часовите | |
| **Посета на часови за сертификација** | Реализирано | 03.11.2016 | Сертификација | |
| **Состанок на училишниот тим** | | 17.11.2016 | Подготвување на целокупната документација за сертификација | Не се реализира затоа што одделенскиот наставник, Кристина Лајмановска, навремено не ја достави потребната документација. |
| **Реализација на работилница-Изработка на инструменти за оценување** | | Јануари | Размена на искуства во однос на изработка инструменти за оценување | Не се реализира затоа што во консултација со одговорниот советник, се реализира друга работилница,а ќе се реализира наредната учебна година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализација на работилница-** | Реализирано | 24.04.2017 | На оваа работилница, одделенските раководители од сите одделенски совети, покажаа висок степен на интерес и соработливост по однос на сите предвидени активности од страна на обучувачите. Времето беше доволно за да се реализираат квалитетно сите активности, техники и употребени манипулативи кои придонеле во унапредувањето на севкупниот наставен процес по наставниот предмет математика, во тесна корелација со програмата од Кембриџ. | |

Координатор: Снежана Стојанова, Гордана Анастасова

## Годишен извештај за детска организација

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Свечен прием на учениците од прво одделение со пригодна програма** | Реализирано | 01.09.2016 | Формирање на паралелките и запознавње со одделенските раководители на првоодделенците и позитивен впечаток при стапувањето на децата во јавна установа | / |
| **1.Прием на првачињата во детската организација на Македонија со свечена заклетва.**<br>**2. Хуманитарна акција со купување поштенска маркица од 5 денари, детска недела.** | Реализирано | 07.10.2016 (првата недела од месец октомври) | По повод Светскиот ден на детето, Детската недела и Денот на детето, нашето училиште се изведе свечен прием на првачињата во Детската организација, проследено со културно - уметничка и забавна програма. Манифестацијата посветена на првачињата од нашето училиште беше организирано од страна на децата и наставниците од II до V одделение.<br>Собраните пари од хуманитарната акција се наменети, од деца за деца, за нивни потреби тековно според потребите на децата од нашето училиште. | |
| **1.Посета на јавна јавна установа – Дом за деца без родители**<br><br>**2.Хуманитерна акција на бебешка хемиска** | Реализирано | 07.10.2016 | Запознавање на првачињата со работата, начин на функционирање на државна институција. Потоа следуваше заедничко дружење на нашите со тамошните деца во нивниот забавен парк.<br>Донторска акција од првоодеденците според | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **роба за Домот за деца без родители.** | | | потребите, односно недостигот на средства на оваа институција беше хемиската бебешка роба. | |
| **Меѓународен проект со децата. Конкурс за пишување писмо по повод – Светскиот ден на поштите** | не | / | / | Немаше допис за спроведување на активноста од Сојузот |
| **Меѓународен ликовен конкурс. По повод – Денот на УНИЦЕФ** | не | / | / | Немаше допис за спроведување на активноста од Сојузот |
| **Фестивал на детскиот хумор „Трошка детски шеги“ пишување и цртање на теми: Безбедноста во сообраќајот и животот во училиштето.** | не | / | / | Немаше допис за спроведување на активноста од Сојузот |
| **Средба на младите историчари на Македонија** | не | / | / | Немаше допис за спроведување на активноста од Сојузот |
| **Литературен конкурс Недовршен расказ** | Реализирано | Април –Мај | Од приложениот расказ „Иста цел – различни патеки„ требаше да се состави завршеток. Нема наградени или пофалени ученици од нашето училиште. | |
| **Фестивал на детското поетско творештво на Македонија** | Реализирано | Април – Мај | Учениците од нашето училиште зедоа учество со 5 песни, но немаше наградени. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **„Детски лирски трепеређа“ 38 фестивал** | | | | |

ЗАБЕЛЕШКА: Детската организација при ОУ„Св.Климент Охридски“ – Битола , ги реализира и координира активностите предвидени со програмата од Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија , по писмен допис дека активностите ќе се спроведуваат низ Р.М.

**Координатор: Билјана Јованоска**

## Годишен извештај за работата на библиотеката

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Делење на учебници** | Реализирано | Од 1.9.2016 год. | На почетокот на школската година сите ученици добија бесплатни учебници. Бесплатните учебници постари од пет години беа заменети со нови, а нови учебници со нови автори добија и по наставните предмети математика и природни науки согласно со Акцискиот план за воведување на Кембриџ образовниот систем. | / |
| **Електронско евидентирање на библиотечниот фонд** | Реализирано | Од1/09/2016 | Библиотеката има евидентирано 4600 наслови од библи-отечниот фонд | / |
| **ФормирањеЕбиблиотека** | Реализирано | Од1/09/2016 | Во склоп на активно-стите се формира и Е-библиотека каде се собираат Е-книги кои им се презентираат на учениците и наставниот кадар. | / |
| **Креирање Е- база за податоци на проекти на наставниците** | Реализирано | Од 10/10/2016 | Креирана е база на по-датоци каде наставниот кадар ќе може да спо-делува свои реализирани активности. | / |
| **Обновување на оштетени книги** | Реализирано | Од1/09/2016 до крајот на учебната година | Согласно со задачите на библиотекарите постојасно се вршеше заштита и обновување на оштетени книги вокоја активноста најмногу учествуваше библиотекарската секција. | / |
| **Одбележување на месецот на книгата** | Реализирано | Од15/10до15/ 11/2016 | Во училишниот хол беше итакнато пано по повод месецот на книгата со цел учениците поблиску да се запознаат со библи-отечниот фонд на учили-штето. | / |
| **Активноти по повод** | Реализирано | 8/12/2016 | По повод патрониот празник на училиштето, | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **патрониот празник** | | | библиотеката зеде акти-вно учество заедно со дефектологот Андријана Шокларовска и наставни-ците од дневниот престој, при што беше организи-рана ликовна работил-ница во соработка со Заводот за рехабилита-ција за слух, говор и глас на деца „Кочо Рацин“- Битола. | |
| **Активности по повод Нова година** | Реализирано | Од 20/12/2016 | Библиотекарската секција исто така активно уче-ствуваше и во укра-сувањето на училиштето за новогодишните пра-зници.Во училишниот хол беше итакнато пано со пригодни содржни по повод Новата година. | / |
| **Учества на натпревари** | Реализирано | 16/10/2016 | Библиотеката и оваа година испрати ученик за учество на Општинскиот натпревар „Млади библи-отекари“, во организација на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ од Битола. Оваа година на натпре-варот учествуваше ученичката Илина Трајковскаод IX одделение. | / |
| **Меѓународен ден на дарување на книга** | Реализирано | 14/03/2016 | Беше истакнато дека Националните установи од областа на културата, преку своите програми и проекти, треба поактивно да се вклучат во културното живеење и образование на учениците.<br>Во таа насока, Библиотеката, освен во поддршка со фондовите на библиотечен материјал, има намера тесно да соработува со училиштата на различни полиња каде приоритетот е ставен на едукација на младите во областа на културата и културните дејности. | / |
| **Прибирање податоци за бесплатни учебници** | Реализирано | Од01/04/2017 до 18/04/2017 | Се вршеше прибирање и средување на податоци за бесплатните учебници и се достави соодветен | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | податок до Педагошката служба на Минстерството за образование на Р. Македонија, за бројката што ќе ни е потребна за наредната учебна 2016/2017 година. | |
| **Собирање и делење на бесплатни учебници за наредната 2016/17 година** | Реализирано | Од 01.06.2017 г. До 09.06.2017 г. | Оваа учебна година се промени начинот на делење на бесплатни учебници, така да учениците за наредната учебна година своите учебници ги добија на крајот од оваа учебна година. | / |

**Библиотекар: Живко Петровски**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ТИМОТ НА ПРОЕКТИ-

### Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Родителот е наставник-Зајакнување на врската „родител-ученик-наставник“, преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес во основното образование** | Реализирано | 23 09 2016<br>14.11.2016<br>18.11.2016<br>18.11.2016<br>22. 10. 2016<br>10.11.2016<br>14.11.2016<br>16.11.2016<br>20.12.2016<br>09.2.2017<br>23.2 2017<br>Јануари<br>21.2.2017<br>7.12.2017<br>11.4.2017<br>25.4.2017<br>30.12.2016<br><br>16.5.2017 | Родители држеа предавања и имаа улога на наставник во текот на редовни часови или слободни ученички активности.<br>Наставници кои реализираа ваква активност:<br>-Љупка Петкова<br>-Велика Дуковска<br>-Одд. совет – II одд.<br>-Виолета Поповска<br>-Евдокија Галовска<br>-Јасна Јанева Гулевски<br>-Одд. совет - V одд.<br>-Угарчева Елена<br>-Велика Дуковска<br>-Одд. совет - IIодд.<br>-Угарчева Елена<br>-Оливера Илиевска<br>-Марина Шалваровска<br>-Гордана Анастасова<br>-Гордана Анастасова<br>-Гордана Анастасова<br>- Соња Кузманова и Евдокија Галовска<br>- Соња Петровска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРИРЕДБИ** | Реализирано | 03.10.2016<br>17.11.2016<br>30.12.2016<br>17.11.2016<br>08.11.2016<br>5.12.2016<br>31.03.2017 | Учество на родителите во подготовки за приредби и настани кои се реализираа во училиштето<br>-Светлана Јовановска<br>-//-<br>-//-<br>-Марина Шалваровска<br>-Валентина Вељановска<br>- Јулија Ивановска<br>- Јулија Ивановска | |
| **НОВОГОДИШЕН БАЗАР ( ВЕЛИГДЕНСКИ)** | Реализирано | 28.12.2016<br><br>12.4.2017 | Најголем дел од работилниците кои се реализираа беа наменети за овие пазари. | |
| **„Јас прочитав-прочитај и ти“** | Реализирано | 27.3.2017 | По повод зачленувањето на учениците во градската библиотека, неколку родители им читаа сликовници на учениците, а потоа и изработуваа<br>-Билјана Печипајковска. | |
| **„ОДИМЕ ВО ТЕАТАР“<br>„ОДИМЕ ВО КИНО“<br>„УЧИЛИШТЕН ТЕАТАР“<br>и други посети** | Реализирано | 30. 11. 2016<br><br>17. 10 2016<br>26.9.2016<br><br>17.11.2016<br>21.12.2016 | -Бојана Димовска Гоновска<br>-Снежана Захариева<br>- Билјана Печипајковска<br>-Снежана Стојанова<br>- Стефанија Трајковска<br>-Катерина Трајковска и Стефанија Трајковска | |
| **ОДИМЕ НА ИЗЛЕТ** | | | | Активноста не е реализираназаради терминот во ден од викенд. Добро е за наредната учебна година, тоа да се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | испланира на ниво на училиште за поголема вклученост на родителите. |
| **Еко-ден** | Реализирано | Во текот на цела учебна година | Активностите се во состав на Еко- тимот на училиштето. | |
| **РОДИТЕЛСКА ОТВОРЕНА СРЕДБА** | Реализирано | Секој последен понеделник и вторник од месецот | Родителите индивидуално се срećаваат со предметните наставници и разговараат за успехот, дисциплината и напредокот на учениците. | |
| **ОТВОРЕН ДЕН- Во текот на еден ден од викендот, административната служба и наставниците, да овозможат посета на училиштето од страна на родители и деца кои треба да бидат ученици во училиштето. Цел- да се запознаат со училиштето, редот, организацијата, наставниците, стручните соработници и друго (куси презентации за училиштето по** | | | | Активноста не е реализирана заради терминот во ден од викенд, иако е подготвена брошура за родители, преку која родителите се запознаваат со училиштето, редот, организацијата, наставниците, стручните соработници и сл. За наредната учебна година, ова би можело да се реализира во организација на ППС. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **претходно утврден и објавен дневен ред).** | | | | |
| **РАБОТИЛНИЦИ** | Реализирано | 11.11.2016<br>4.11.2016<br>08.11.2016<br>28.12.2016<br>27.12.2016<br>22.11.2016<br><br><br>22.12.2016<br><br>27.3.2017<br>12.4.2017<br>10.4 2017<br>17.3.2017<br>12.4.2017<br>4.4.2017<br><br>20.3.2017<br>11.4.2017<br>7.3.2017<br>12.04.2017<br>28.12.2016 | Работилници како дел од редовните часови, додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности или воннаставни активности:<br>-Андриана Димитров<br>-Венета Јоновска<br>- Билјана Печипајковска<br>- Сузана Дишковска<br>- Билјана Печипајковска<br>- Наташа Лавчанска,<br>Атанас Пеев и Игор Стојанов<br>- Пандора Алексова Запаренко<br>-Велика Дуковска<br>- Сузана Дишковска<br>-Угарчева Елена<br>-Снежана Захариева<br>-Јасна Јанева Гулевски<br>-Наташа Лавчанска и Атанас Пеев<br>- Маргарита Поповска<br>- Билјана Печипајковска<br>- Билјана Печипајковска<br>-Светлана Јовановска<br>-Јасна Јанева Гулевски | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ** | Реализирано | 26.10.2016<br><br>28.10.2016<br><br>05.10.2016<br>14.10.2016 | -Хуманитарна акција за доброволно дарување на добро сочувани стари униформи<br>-Собирна акција на училиштен и друг потребен материјал за социјално ранливи категории<br>- Сузана Дишковска<br>-Одд.совет – I одд. | |
| **КАРИЕРНО КАТЧЕ** | Реализирано | мај, 2017 | Проект на Тимот за кариерно насочување на учениците како дел од воннаставни активности „Да се запознаеме со професиите на нашите родители“<br>- Билјана Печипајковска | |

**Координатор: Билјана Печипајковска**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ТИМОТ ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### Тим за соработка со локалната заедница

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Соработка со полицијата**<br>**<u>Цели</u>- Грижа за безбедност на учениците во сообраќајот и за време на престојот во училиштето**<br>**Воспитно - образовна активност во вид на предавање во соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, СВР – Битола и ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола** | реализирано | 17.10.2016 | Предавањето беше одржано во просториите на ОУ „Св. Климент Охридски“ од страна на полициски службеник и ученици од сообраќајна струка. Предавањето беше наменето за учениците од прво одделение под мотото „Вози одговорно! Животот е во твои раце“, со цел учениците од најмала возраст да ја развиваат свеста и навиките за почитување на сообраќајните правила, знаци и сигнализација како и да го осознаваат просторот при движење од домот до училиштето и назад и притоа да внимаваат како и каде се движат. Предавањето беше интерактивно и доста успешно, а целите беа остварени.<br>Совет на I одделение | / |
| **2. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**Воспитно - образовна активност во соработка со печатницата „Графопром“ (г-ѓа Марта Христовска), и ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола** | реализирано | 18.09.2016 | Стручниот актив по математика уште од август месец презеде активност за уредување на ходникот пред училниците по математика како и во внатрешните делови во училниците. Потреба имаше да се бара помош од стручни лица, за изработка на постери и нивно лепење на влезните врати (соработка со други | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | институции и бизнис сектор). Постерите ги изработи печатницата „Графопром“ (г-ѓа Марта Христовска), а лепењето на вратите се реализира со помош на наставникот по ликовно образование Стевче Тодоровски и г-инот Зоран Цветковски сопственик на студио-дизајн КС „Графика“.Уредувањето на училниците се уште е во тек со украсување и бојадисување на делови од нив. Дел од цртежите во училниците ги нацрта наставничката по ликовно образование Ленче Крстеска. | |
| **3. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето**<br>**Отворен час – математика соработка со локалната заедница-„Решавање на алгебарски изрази“**<br>**Наставник, Лидија Шунда Шокларовска и дефектолог Андријана Шокларовска** | реализирано | 15.10 2016 | На 15 октомври по повод -меѓународниот ден на Белиот стап-Симболот на слепиот човек признат од Организацијата на Обединетите нации, во Оу. „Св. Климент Охридски“ беше реализиран час, со ученици од седмо четири одд. Наставна единица по математика, „Решавање на алгебарски изрази“ организирана од наставничката Лидија Шунда се реализира во соработка со дефектологот од училиштето Андријана Шокларовска. | |
| **2. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели-</u> Подобрени услови во училиштето**<br>**Хуманитаерна активност во соработка со локалната зедница и родителите** | реализирано | 14.10 2016 | Како дел од одбележувањето на Детска недела и влегувањето на првачињата во Детска организација на <u>14.10.2016</u> година беше остварена хуманитаерна активност со учениците од прво одделение, во соработка со локалната зедница и родителите.<br>Од родителите имаше донација на бебешка козметика, па заедно со учениците, го | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | посетивме Домот за доенчиња-Битола. Притоа учениците го разгледаа домот, се дружеа со штитениците и подарија тоа што беше собрано.<br>Совет на I одделение | |
| **3. Соработка со здравствени установи**<br>**<u>Цели</u>- Здрави и едуцирани ученици за заштита и превенција од болести и пороци**<br><br>**Борба против Сидата во соработка со Центарот за јавно здравје и Општинската организација на Црвен Крст** | реализирано | 01.12 2016 | Општинска манифестација по повод одбележувањето на 1-ви Декември ден за борба против Сидата во соработка со Центарот за јавно здравје и Општинската организација на Црвен Крст | |
| **6.Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето**<br><br>**Воспитно - образовна активност во соработка со соработката со градинка Естреа Овадија** | реализирано | 15.11 2016 | Во здраво тело здрав дух! Преку соработката со градинка Естреа Овадија, нивните воспитувачки, родители и наставниците по физичко образование Горан Димовски и Златко Трајчевски на најмалите им ја пренесовме пораката дека за здравјето е најважна физичката активност, која може да биде весела и забавна игра | |
| **7.Соработка со ППС и учениците во нашето училиште**<br>**<u>Цели</u>- Развивањевна свеста за солидарност, соработка кај учениците.**<br><br>**Хуманитарна активност во** | реализирано | 27.12 2016 | Тимот за хуманитарни активности под водство на педагогот Никола Крстевски и психологот Кети Секуловска заедно со тимот на ученици од VIII одделение- Филип Стефановски, Марија Секуловска, Јана Белевска, Сања Савеска, Љубица Здравковска, Ана- Марија Краус и Ангела Стојановска, реализираа хуманитарен проект за изработка на новогодишни | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **соработка на ППС , учениците и родителите** | | | пакетчиња. | |
| **8. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето**<br><br>**Година на хумани дела во ОУ „Климент Охридски“ – Битола** | реализирано | 30.12 2016 | Весна Аврамовска – Димитровска, учениците го научија знаковниот јазик и имаа приредба во Заводот за рехабилитација за деца со оштетен слух, говор и глас „Кочо Рацин“ од Битола.<br>Меморандум за соработка со здружението „Иновативни мотиватори“ од Скопје кое го спроведува проектот „Биди супер херој“, во рамките на кој и ученици од битолското училиште Св Климент Охридски од Битола ги исцртуваа ѕидовите во Клиничката болница Мајка Тереза во Скопје | |
| **9. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни)**<br>**<u>Цели-</u> Развиена еколошка свест, работни навики, чувство на солидарност, соработка**<br>**Соработка со Хуманитарното здружение Млади Хуманисти** | реализирано | 27.01 2017 | Во насока на продлабочување на соработката со локалната средина и НВО секторот, нашето училиште склучи уште еден меморандумот за соработка со Хуманитарното здружение Млади Хуманисти. | |
| **10 .Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во** | реализирано | 13.02 2017 | Потпишан меморандум за соработка со Основното училиште Цирковце, Република Словенија | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **училиштето**<br><br>**Соработка со Основното училиште Цирковце, Република Словенија** | | | | |
| **11. . Учество во акции од јавен интерес организирани во училиштето (еколошки, работни, хуманитарни)**<br>**<u>Цели-</u> Развиена еколошка свест, работни навики, чувство на солидарност, соработка Хуманитарна акција** | реализирано | 14.02 2017 | Во организација на наставничката по англиски јазик Виолета Поповска и учениците од IX одделение, беше спроведена хуманитарна акција за одбележување на празникот "Св. Валентин"- празник од англиското говорно подрачје. | |
| **12. . Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни)**<br>**<u>Цели-</u> Развивање на свеста кај учениците за здраствена заштита** | реализирано | 19.02 2017 | Хуманитарно здружение Млади Хуманисти во соработка со <u>Климент Охридски Битола</u> на ден 20.02.2017 ке ја реализираат првата календарска акција Недела против срцеви заболувања. | |
| **13. Соработка со полицијата, здравствени установи.**<br><br>**<u>Цели</u>- Грижа за безбедност на учениците во сообраќајот и за време на престојот во училиштето** | реализирано | 25.03 2017 | Во насока на зголемување на безбедноста на учениците преку обука на вработените и учениците во нашето училиште се одржа Показна вежба:<br>Симулација на пожар, евакуација на присутните во училиштето како и организирање на мобилизациски собиралишта. Оваа Показна вежба е во согласност со Годишната програма на училиштето, а е во организација на Тимот за | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Безбедноста на учениците и вработените во училиштето** | | | заштита и спасување како и пружање на прва помош. Во показната вежба покрај учениците, наставниот кадар и техничката служба зедоа учество и членови на Општинската организација на Црвен крст на Битола, екипа на Противпожарната единица на Битола како и полициски службеници од Секторот за внатрешни работи на Битола | |
| **14 Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подигнато културно - образовното ниво и развиени патриотски чувства кај учениците, вработените и локалното население**<br><br>**Работилници во соработка со НУУБ Св. Климент Охридски-Битола** | реализирано | 28.03 2017 | Под раководство на наставничките Весна Димитровска и Велика Дуковска, учениците од I-2 и V-4 од нашето училиште активно ќе се вклучијаво проектот "Ноќ со Ханс Кристијан Андерсен" со работилници во НУУБ Св. Климент Охридски- Битола<br>Преку оваа работилница се разви љубов кон книгата и пишаниот збор, а особено преку делата од Ханс Кристијан Андерсен | |
| **15. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- <u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето**<br><br>**Реализирани активности во соработка со фабриката "Лантана"-Битола** | реализирано | 29.03 2017 | Училиштен проект- "Истражуваме и учиме" во реализација на наставничките Вера Стевановска V-1 и Лилјана Алабаковска V-5 и нивните ученици. Прво беше посетена фабриката Лантана, се разговараше за тоа како се прави хартијата и кои се карактеристиките, се разгледуваа работните места и работните задачи. Потоа во соработка со Марија Гилевска наставника по природни науки се изработија роботи од отпаден материјал. Проектот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | продолжува со посета на печатница. | |
| **16. Учество на прослави на празници, јубилеи со академии и манифестации од јавен интерес**<br>**<u>Цели</u>- Подигнато културно - образовното ниво и развиени патриотски чувства кај учениците, вработените и локалното население**<br><br>**Реализирани активности во соработка со НУУБ „Св Климент Охридски** | реализирано | 01 04 2017 | На 01.04.2017, наставничката Весна Димитровска заедно со нејзините учениците од V-4 одделение, беа учесници на настанот „Ноќ со Ханс Кристијан Андерсен“ и со својата изведба преку театар со сенки на приказната „Дивите лебеди“, беа дел од незаборавната ноќ, исполнета со многу доживувања, помината во просториите на НУУБ „Св Климент Охридски | |
| **17. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Разменети знаења и искуства, унапредена воспитно - образовната дејност**<br>**Реализирани активности во соработка со Педагошкиот факултет- Битола** | реализирано | 12.04 2017 | Работилница за развивање соработка помеѓу Високообразовните институции, приватниот сектор и Релевантните органи<br>-Е-Твининг проект имплементиран од МОН каде Оу. „Св Климент Охридски" учествува како менторско училиште | |
| **18. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Разменети знаења и искуства, унапредена воспитно -** | Реализирано | 28.04 2017 | Во конкуренција на 122 апликации на училишта од Централна Европа на конкурсот распишан од ACES академијата, заедно со четири македонски училишта, проектот "Colours of life" на Оу „Св Климент Охридски“ - Битола го освои грантот. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **образовната дејност**<br>**Реализирани активности** | | | | |
| **19. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели- Цели</u>- Подобрени услови во училиштето**<br><br>**Реализирани активности од Тимот за професионално насочување на учениците** | реализирано | Месец Мај | Извештај од реализирани активности во соработка со локалната средина.Како дел од Тимот за професионално насочување на учениците, во I-5 одделение се спроведоа воннаставни активности во соработка со локалната средина. Беше подготвен проект „Да се запознаеме со професиите на нашите родители“. Целта на проектот беше со посетата на работните места на родителите, учениците зда се запознаваат со истите и да научат за обврските кои тоа работно место ги бара. На почеток, секој ученик илустративно се изрази што сака да биде кога ќе порасне. Пред секоја посета беше разговарано за тоа работно место и со Бура на идеи, учениците кажуваа, што знаат за истото. На посетите гледаа, слушаа, прашуваа и учеа. После посетата кажуваа што научиле и правевме споредба на знаењата пред и после посета. Беа посетени следните институции и фирмиОпштина Битола<br>• Оддел за лабораториска дијагностика, Клиничка болница-Битола<br>• Фризерски салон „Поинаква“<br>• Фирма за сообраќајни знаци „Б&К Маркет“<br>• ДООЕЛ Каран трејд<br>• Млекара-Битола | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Гостување на музичка група Молика<br>• Аптека Прима Лек | |
| **20. Учество на прослави на празници, јубилеи со академии и манифестации од јавен интерес**<br>**<u>Цели</u>- Подигнато културно - образовното ниво и развиени патриотски чувства кај учениците, вработените и локалното население**<br>**Настан по повод Патрониот празник на нашето училиште „Св. Климент Охридски“ – Битола, драмската секција, во соработка со Драмскиот театар во Битола** | реализирано | 05.12 2016 | По повод Патрониот празник на нашето училиште„ Св. Климент Охридски“ –Битола , драмската секција ја приготви драмската изведба Напуштениот замок. За оваа изведба глумицата Јулијана Мирчевска дојде да ни помогне во приготвувањето на драмата . Исто така членовите на секцијата присуствуваа на драмската  изведба  на Малиот тетар – Бабец. | |
| **21. . Учество на прослави на празници, јубилеи со академии и манифестации од јавен интерес**<br>**<u>Цели</u>- Подигнато културно - образовното ниво и развиени патриотски чувства кај учениците, вработените и локалното население**<br>**Настан по повод Денот на шегата - драмската секција, во соработка со Драмскиот театар во Битола** | реализирано | 31.03 2017 | По повод Денот на шегата беше организиран настан во нашето училиште Св. Климент Охридски –Битола , и по тој повод драмската секција приготви некоку точки, во соработка со родителката-актерка Јулијана Мирчевска, а монодрамата Мали женски приказни доби и награда за изведба . | |
| **22.Миленичиња** | реализирано | 01.06 2017 | Предавање од Мали херои за нашите ученици | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели- Грижа за животната средина, развивање на еколошката свест, и грижа за животните.**<br>**Предавање од Мали херои за нашите ученици за домашните миленичиња** | | | за домашните миленичиња | |
| **23. Учество на спортски манифестации**<br>**<u>Цели</u>- Развиен спортскиот дух кај учениците, соработка и дружење**<br><br>**Реализирани настани** | реализирано | 01.06 2017 | Климентовци први во спорт на ниво на општина Битола. Браво за учениците и наставниците Предраг Созовски, Златко Трајчевски и Горан Димовски | |
| **24. Учество на спортски манифестации**<br>**<u>Цели-</u> Развиен спортскиот дух кај учениците, соработка и дружење**<br><br>**Реализирани настани** | реализирано | 01.06 2017 | Прво место на ниво на Општина Битола за освоени места во различните видови на спортови | |
| **25. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Разменети знаења и искуства, унапредена воспитно - образовната дејност**<br><br>**Разменување на идеи, искуства, ставови** | реализирано | 06.06 2017 | Во склоп на проектот во реализација на наставничките Гордана Анастасова, Снежана Стојанова и Љупка Петкова од платформата iEARN, во нашето училиште присуствуваше Tsao Vinni која е претставник од таа платформа и дел од проектот. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **26. Презентирање на постигнатите резултати на училиштето остварени во текот на наставната година**<br>**Цели-Афирмирано училиште**<br>**Медиумско излагање** | реализирано | 06.06 2017 | Во соработка со медиумите беше реализирано излагање на Директорката на училиштето за реализацијата на планираните активности во текот на целата учебна година. | |

**Подготвил: Елена Угарчева**

**Тим за инструкции од областа на културата**

| **Цели од годишната програма на тимот (Планирано)** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка** (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка со Друштвото на писатели на Македонија, промоција** | Реализирано | 5 декември 2016 | Ученици од седмо одделение ја проследија манифестацијата во Центарот за култура и се вклучија со рецитал посветен на св. Климент Охридски | / |
| **Подготовка и објавување на Зборник на песни** | | / | / | Оваа активност не се реализира заради недостаток на финансиски средства и ќе се реализира кога за тоа ќе има средства |
| **Посета на Саемот на книгата** | Реализирано | 5-6 април 2017 | Посета на саемот на книгата пред Центарот за култура и се запознаа со дел од новите изданија | |
| **Соработка со АМОС-денот за одбележување на заштита на детските права во месец ноември** | Реализирано во соработка со АМОС | 12 ноември 2016 | Учениците се запознаа со детските права | |

**Подготвил: Мирјана Стојановска**

## Тим за инструкции од областа на образованието

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Изготвување на квалитетни наставни програми** | Реализирано | Август/септември 2016 | На почетокот на учебната година наставниците ги изготвија планираните законски и други програми во кои внимателно ги планираа часовите со цел на учениците да им се обезбеди квалитетна настава Програмите ги содржат стекнатите знаења, вештини, техники, методи кои наставниците ги стекнале во предходната година како резултат на нивниот професионален развој, но и планирања кои се дел од Годишната програма на училиштето како задачи и цели од ЕКО, МИО и сл. Сето тоа овозможи поквалитетна настава која овозможуваше максимално учество на учениците и нивно надоградување и систематизирање на стекнатите знаења | |
| **2. Претставување на развојните цели со развојно процесно планирање и целосно воведување на програмата Cambridge** | Реализирано | Август/септември 2016 | Во програмите на наставниците, при нивната изработка се водеше сметка за вградување и на развојните цели на училишната Програма, особено во развојно –процесните планирања, каде беа вметнати и сите задолжителни програми, предвидени од МОН како програмата Cambridge, за која наставниците кои се обврзани да ја реализираат  немаат позитивно мислење | |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. Гарантирање на ефикасна и квалитетна настава** | Реализирано | Во текот и крајот на учебната година | Вака подготвените програми и планирања придонесоа за ефикасна и квалитетна настава која резултираше со позитивен успех од страна на учениците и вреднување на учењето и учеството на учениците и наставниците. Тоа пак доби во значење  за што училиштето се погрижи да им го оддаде и  потребното внимание како на наставниците така и на учениците, ораганизирајќи разни активности на кои се доделуваа заслужни признанија, сертификати, дипломи, благодарници. Во текот на учебната година наставниците активно работеа и на својот прфесионален развој кој неминовно е и еден од најаважните фактори за квалитетна настава, така што постојано имаше протек на информации за обуки, семинари, конференции, активно прифатени од поголемиот број нставници кои потоа по пат на дисеминации ги ангажираа и останатите | |
| **4. Воспоставување систем на следење и оценување кој ќе ги почитува развојните можности на сите ученици и постапно ќе преминува од описно кон бројчано оценување** | Реализирано | Активности на крајот од учебната година | Програмите содржат посебни критериуми и стандарди за напредување на учениците и подобрување на ефикасноста на наставникот што не може да се каже и за организираните натпревари, барем не за сите. Организирани беа голем број на општински, регионални и државни натпревари во кои активно се учествуваше, но поголемиот број не ги задоволуваат потребните критериуми за афирмација на ученикот и наставникот, а исто така покажаа многу лоша организација особено во финансискиот дел и навремените информации. | |
| **5. Унапредување** | Реализирано | Активности преку | Што се однесува до надополнување на кодексите, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **на професионалноста во работата на училиштето** | | целата учебна година | на оваа активност повеќе ќе се работи во текот на следната учебна година, а до тогаш се во функција предходните | |
| **6. Промовирање на училиштето преку различни медиуми** | Реализирано | Активности преку целата учебна година | Сите планирани активности и нивната реализација во текот на учебната година активно беа пратени од електронските медиуми за што се грижеше тимот за промоција кој изработи посебни критериуми за промоција на активностите како и решетка низ која треба да помине секоја објава, реклама и сл. кој тоа треба да го прави, што да се објавува, грижа за јазикот и сл | |

**Одговорен наставник: Оливера Илиевска**

## Тим за соработка со НВО

ЦЕЛИ: Вклучување на учениците во различни активности кои се поврзани со наставата и надвор од неа, социјализација, мотив за поголема работа и презентација на истата. Потенцирање на инклузивното образование со вклучување на децата со посебни образовани потреби

| **Цели од годишната програма на тимот (Планирано)** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка** (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Одбележување на светскиот ден за заштита на детето од злоупотреба** | Реализирано | 18.11.2016 | Учество на приредбата по повод одбележувањето на светскиот ден за заштита на детето од злоупотреба | |
| **Работилница за човекови права** | не | во текот на месец Ноември 2016 | едукативна работилница | Не се реализира зарди подолго отсуство на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | претседателот на здружението |
| **Лајонс клуб Кабадаја- “Обои ме во пријател“ – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби** | Реализирано | 03.12.2016. | Целта која беше поставена:Од најмладите да создадеме луѓе кои се свесни за различните од нас и да умеат да подадат рака за да им променат барем еден ден во животот се постигна преку традиционалниот Марш на Широк Сокак каде учество зедоа ученици од нашето училиште/ | |
| **Работилница за правата на детето** | не | во текот на месец Декември2016 | едукативна работилница | Не се реализира зарди подолго отсуство на претседателот на здружението |
| **.Работлница за говорот на омраза** | не | во текот на месец Март 2017 | едукативна работилница | Не се реализира зарди подолго отсуство на претседателот на здружението |
| **Светски ден на Аутизмот** | Реализирано | Март 2017 | Организирање на традиционалниот Марш на Широк Сокак Продажен панаѓур | |
| **Младинско учество и младински активизам во општеството** | не | во текот на месец Април 2017 | едукативна работилница | Не се реализира зарди подолго отсуство на претседателот на здружението |

Напомена:Во текот на учебната година се склучени повеќе Меморандуми за соработка на училиштето со Здруженија на граѓани и Невладини организации и тоа:

- Невладина организација –„Национален центар за развој на иновации и претприемничко учење“

- Здружение за европска интеграција-„Европска гледна точка“
- Хуманитарно здружение –„Млади хуманисти“
- iEarn-International education and resource network
- Здружение на граѓани-„Центар за ран детски развој Сумнал- Битола“

Потписниците на овие Меморандуми по потреба че се состануваат за прашања поврзани со остварување на целите на соработката и тоа:споделување искуства,работилници,обуки со учениците и наставниците,спроведување на заеднички активности како и заедничко аплицирање на домашни и меѓународни проекти.

**Изготвил: Снежана Стојанова**

## Тим за спорт

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Учество на општински првенства во сите спортови под организација на ОСУС Битола а под покровителствона општина Битола** | Реализирано | Крајот на октомври до почетокот на мај | Учество на општинските првенства во – кошарка,одбојка,фудбал,ракомет футсал,шах,пиг-понг во машка и женска конкуренција каде се освоени многубројни награди | / |
| **2. Учество на сите ученички спортски манифестации во Општина Битола кои го промовираат спортот** | Реализирано | Ноември | Учество на ноќната трка организирана по повод 4ти Ноември | / |
| **3. Учество и организација во просториите на нашето училиште на општинските првенства во:<br>-одбојка во женска конкуренција** | Реализирано | Декември<br>Март | Организација на општинско првенство во одбојака во машка конкуренција каде е и освоено првото место<br>Организација на општинско првенство во кошарка во машка конкуренција каде истотака е освоено првото место | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-кошарка во машка конкренција** | | | | |
| **4. Учество и организација во просториите на нашето училиште на завршната манифестација за доделување на наградите на најдобрите училишни спортски екипи** | Реализирано | Мај | Организација на завршната манифестација за доделување на освоените награди и прогласување на најдобрите спортски екипи | / |

**Подготвил: Златко Трајчевски и Горан Димовски**

## Тим за здравствена заштита

| **Цели од годишната програма на тимот (Планирано)** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка** (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Учество на општински првенства во сите спортови под организација на ОСУС Битола, а под покровителство на општина Битола** | Реализирано | Септември-јуни | Во училиштето има спортски клубови за футсал (машки и женски), кошарка (машка и женска), одбојка (машка и женска). Наставниците по физичко и здравствено образование се одговорни за тимовите. Оваа година нашето училиште повторно го има првото место на општинско ниво. | // |
| **Превенција од жолтица** | Не | / | / | Ова предавање не беше реалзирано во оваа учебна година, но истото се планира |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | да се релаизира во наредната година |
| **Предавање за Здравјето** | Не | / | / | Ова предавање не беше реалзирано во оваа учебна година, но истото се планира да се релаизира во наредната година |
| **Систематски преглед** | Реализирано | 21.09.2016, 28.11.2016 | Учениците од III, V, VII одделение го реализираа систематскиот преглед во соработка со Центарот за јавно здравје и одделенските/ класните раководители | / |
| **Стоматолошки преглед** | Реализирано | 21.09.2016, 28.11.2016 | Учениците од III, V, VII одделение го реализираа стоматолошкиот преглед во соработка со Центарот за јавно здравје и одделенските/ класните раководители | / |
| **Предавање што е пубертет** | Реализирано | 19.04.2017 | На работилницата беа присутни учениците од VI-IX одделение. Се дискутираше за пубертетот, промените кои настануваат кај учениците и свесноста за промените, појава на месечен циклус кај девојчињата. | / |
| **Предавање за Грип** | Реализирано | 17.10.2016 | Предавањето беше реализирано во период кога владее грип. На истото беа напоменати начините на миење на рацете, начин на проветрување на просториите и одржување на хигиената за сите ученици во училиштето. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Предавање за Сида** | Реализирано | 30.11.2016<br>01.12.2016 | Предавањето бесе за сите ученици. Истото се однесуваше на информирање на учениците во врска со оваа заразно преносилива болест. Додека пак работилницата се однесуваше на учениците од VI-IX одделение и беше за сексуално преносливите болести. На тој начин учениците интерактивно работеа и споделуваа искуства со презентерите | / |
| **Превенција од пушење** | ОВАА АКТИВНОСТ НЕ БЕШЕ ПЛАНИРАНА НО СЕ РЕАЛИЗИРА | 06.03.2017 | Оваа активност беше спроведена во соработка со Центарот за јавно здравје за учениците VI-IX. Има беа образложени последиците од пушењето за здравјето и околината. Учениците поставуваа прашања и се разви дискусија. | / |

**Подготвил:Лилјана Алабаковска**
**Координатор на тимот: Александар Јаневски**

### Тим за активности од хуманитарен аспект (АХА)

| **Цели од годишната програма на тимот (Планирано)** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка** (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Предавање од областа на здравственото образование** | / | / | / | Ова предавање не беше реалзирано во оваа учебна година, но истото се планира да се релаизира во наредната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | година но во тимот за здравствена заштота. |
| **Хуманитарни акции во организација на Општинската организација на Црвен крст - Недела на борба против гладта** | Реализирано | 28.09.2016 | Оваа хуманитарна акција беше изведена на ниво на цело училиште. Се собираше храна која се спакова и се донира во општинската организација на Црвен Крст- Битола | / |
| **Активности за зголемување на интересот кај учениците за членство во АХА- формирање на тим од ученици** | Реализирано | 15.09.2016 | Заради реализација на активностите и активно учество на учениците како и подигнување на свеста кај учениците за помагање и подавање на рака | / |
| **Новогодишни хуманитарни акции** | Реализирано | 27.12.2016<br><br>19-23.12.2016 | За учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства се организира акција за собирање на Новогодишни пакетчиња. Активно беа вклучени сите ученици, а особено оние кои се членови на училишниот тим. Потоа се организира мала свечена пригода со Дедо Мраз каде и беа поделени пакетчињата | / |
| **Семинар во организација на Општинската организација на Црвен крст Пренесување сознанија од одржаниот семинар** | | / | / | Ова предавање не беше реализирано во оваа учебна година, но истото се планира да се релаизира во наредната година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Хуманитарни посети на локални установи** | Реализирано | 10.10.2017<br><br>29.12.2016 | Во склоп на одбележувањето на денот на пристапување на учениците во Детската организација, со што дел од учениците го посетија Домот за стари лица Сју Рајдер изведувајќи пригодна приредба.<br>Наставничката Весна Аврамовска Димитровска заедно со учениците имаа хуманитарна акција со цел из=сцртување и разубавување на ѕидовите на скопската клиничка болница | / |
| **Квиз-натпревар во организација на Општинската организација на Црвен крст** | / | / | / | Ова предавање не беше реалзирано во оваа учебна година, но истото се планира да се релаизира во наредната година. |
| **Меѓусебни средби со членови на други друштва во Општина Битола**<br>**Посета на Општинската организација на Црвен крст - Битола** | Реализирано | Септември-мај | Средбите со членовите на ОО Црвен Крст, тимот и учениците беше во континуитет цела година. Во истата членуваат и наши ученици, со што се подигнува степенот на хуманост кај истите. | / |
| **Организирање општински натпревар по прва помош**<br>**Анализа на годишната работа** | / | / | / | Ова предавање не беше реалзирано во оваа учебна година, но истото се планира да се релаизира во наредната година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ДОНАЦИИ**<br>**ОВИЕ АКТИВНОСТИ НЕ БЕА ПЛАНИРАНИ А СЕ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ВИД НА ДОНАЦИИ ЗА БОЛНИ УЧЕНИЦИ** | Реализирано | 10.02.2017<br><br>29.03.2017<br><br>30-31.01.2017 | Донациите се посебна категорија која потребно е да ја има како посебна цел за наредната година. Во оваа година имавме хуманитарна парична активност за болното дете Гоце, како и за нашата ученичка Мартина.<br>За нашата ученичка Мартина исто така се организира хуманитарен концерт во соработка со Советот на родители, со што собраните средтсва се донирани кај нашата ученичка Мартина | / |

**Подготвил: Лилјана Алабаковска**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ 2016/2017

Во дневниот престој се опфатени сите ученици кои имаат потреба од истиот, од прво до петто одд. На почетокот на оваа учебна година во дневниот престој се запишаа околу 90 ученици, а наредните месеци нивниот број варираше и до крајот на учебната година достигна до 160.

Воспитно-образовната работа ја изведуваа 4 одделенски наставници одговорни за дневниот престој, со работно време од 7 до 17 часот.

| Цели од годишната програма на тимот 2016/2017 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **-Развивање на интересите за увојување и проширување на знаењата**<br>**- Развој на целокупната личност на ученикот, нејзините индивидуални и единствени потенцијали**<br>**-Подготовка на учениците за понатамошно образование и перманентно учење** | Задолжителни активности | Септември-јуни | ПРВО ПОЛУГОДИЕ<br>- Изработка на домашна работа;<br>- Повторување на материјалот;<br>- Подготовка за писмени работи;<br>Работа со компјутери.<br>Задолжителните активности се реализираат<br>со цел за развивање на интересите за усвојување и проширување на знаењата. | Задожителната активност работа со компјутери не се реализира во целост поради недостаток на интернет во текот на учебната година. |
| **-Воспитание на учениците според универзалните морални начела**<br>**-Социјализација –Да развива способност за организација на** | Слободни ученички активности | Секој ден од 11:30-12:45ч. | Слободни активности реализирани во просториите на дневниот престој, во малата сала и училишниот двор.<br><br>*- Мало училиште за големи* | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **времето (корелација меѓу учењето и слободното време)**<br>**-Да развива навики за дружељубивост и соработка** | | | *нешта*<br>*- Моливот пишува со срцето*<br>*- Шарам-создавам*<br>*- Пееме,танцуваме,глумиме*<br>*- Игри без граници*<br>*- Активности по избор на учениците.* | |
| **-Одбележување и празнување на Денот на училиштето** | Активности по повод Денот на училиштето | 6.12.2016год. | По повод Денот на училиштето во просториите на Дневниот престој се реализираше ликовна и литературна работилница. Учениците работеа во две групи. Едната група изработуваше честитки, цртежи и украси со ликот на Климент Охридски, а другата група пишуваше песни и текстови за неговото дело. | |
| **-Прославување и запознавање со Новогодишните празници** | Активности по повод Новогодишните празници | 19.12.-23.12. 2016година | Во периодот од 19.12.-23.12.2016година, по повод Новогодишните празници во просториите на Дневниот престој се реализираа активности за украсување на просториите во дневниот престој. Учениците со нивната креативност и идеи изработија разновидни снегулки и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-Одбележување на Денот на мајката**<br>**_развива љубов кон неа**<br><br>**-Развивање на креативни и творечки вештини**<br>**-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став** | Активности по повод Денот на мајката<br><br>Активности по повод доаѓањето на пролетта<br><br>Активности по повод Светскиот ден на здравјето | 7.03.2017 год. | украси,а при изработката им помагаа и наставниците. Активностите беа забавни и се одвиваа во пријатна предновогодишна атмосфера исполнета со многу игра, смеа и музика.<br><br>ВТОРО ПОЛУГОДИЕ<br>Во Дневниот престој се одржа работилница по повод празникот на жената и мајка „Осми март“.Во работилницата учество зедоа сите ученици од Дневниот престој. Својата креативност тие ја преточија во преубавите честитки и цветови што ги направија за своите најмили. Во сето тоа им помогнаа наставниците од Дневниот престој.<br><br>По повод доаѓањето на пролетта се одржа ликовно-креативна работилница за украсување на прозорците во Дневниот престој во духот на пролетта.За таа цел прозорците се украсија со пролетни пејсажи изработени од колаж хартија и хамар хартија. Пролетни украси исто така беа направени и за вратите,ѕидовите и плакарите на престојот. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **кон работата**<br><br>**-Да формира навики за грижа на здравјето**<br>**-Грижа за животната средина** | Активности по повод Велигденскит е празници | 13.03.- 17.03. 2017 год.<br><br>6.04.2017год . | По повод Светскиот ден на здравјето наставничките заедно со учениците од Дневниот престој реализираа ликовна работилница во околината на училишниот двор. Учениците беа поделени во две групи. Првата група сликаа дел од училишниот двор кој беше добро уреден,чист и незагаден. Втората група го сликаше делот од училишниот двор кој беше неуреден (расфрлани отпадоци). На крајот од работилницата се разгледуваа цртежите од двете групи и се поведе разговор во каква околина е подобро да се живее – во загадена или чиста.<br><br>Во училишниот двор се одржа Велигденски панаѓур од продажен карактер. Во подготовките на истиот учество зедоа учениците и наставниците од Дневниот престој. Тие беа распоредени по штандови во различни одделенски совети. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-Развиваење на навики за другарство и соработка** | | 12.04.2017г. | | |

| ПОЗИТИВНИ СТРАНИ | НЕГАТИВНИ СТРАНИ |
|---|---|
| 1. Реновирање на просториите во Дневниот престој<br>-бојадисување на ѕидовите,<br>- менување на старата дограма (прозорци и врати).<br>-нови клупи и столчиња,<br>-изработка на сталажа за училишните чанти.<br><br>2. Соработка со родителите,со наставниците,со ППС и Директорот на училиштето.<br>- Би истакнале дека оваа учебна година бевме обезбедени со голем број работни материјали ( хартија, фломастери, дрвени боички,пластелин, моливи, колаж, сложувалки, | 1.Иако на почетокот на оваа учебна година бевме обезбедени со мали лап-топи, сепак континуирано се соочувавме со немање на интернет. Во Престојот тоа претставува голем проблем затоа што учениците тука поминуваат повеќе часа во текот на денот и интернетот им е потребен како за извршување на некои училишни обврски и задачи,така и за социјални игри во периодот за слободни активности.<br>2. Престојот располага со еден ТВ приемник, меѓутоа истиот е во многу лоша состојба.<br>3. Оваа година во Престојот имаше голем број на ученици од |

| | |
|---|---|
| социјални игра, боенки, тонер за печатачот...)<br>3. Организирана работа по групи.<br>4. Развивање интереси за усвојување и проширување на знаењата.<br>5. Дружење меѓу двете смени(развивање на другарски односи,помош и соработка). | прво одделение, а за наредната учебна очекуваме уште повеќе. Повеќе пати се соочивме со проблем децата да сакаат да легнат и да се одморат (имавме често случаеви кога учениците заспиваа),па затоа чувствуваме дека во престојот ни се потребни помошни душеци. |

Одделенски наставници:

**Кети Јосифовска**
**Ана Здравкова**
**Владо Василевски**
**Виолета Стевановска**

## ИЗВЕШТАИ ОД СТРУЧНИ АКТИВИ ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

### Стручен актив на прво одделение

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Формирање на стручен актив во I одд.**<br>**2. Донесување на програма на стручниот актив;**<br>**3. Изнесување мислење за Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето и имплементација на планираните активности во програмата на стручниот актив;**<br>**4. Набавка на дидактички материјали за I одделение во согласност со новата наставна програма во соработка по математика;**<br>**5. Избор на учебници и дополнителна литература.** | Реализирано | 30.8.2016 | 1. Формиран е активот со претседател Билјана Печипајковска<br>2. Беше разгледан и прифатен предлогот за програма за работа на Стручниот актив<br>3. Претседателот на стручниот актив ги презентира Годишната програма за работа на училиштето, Развојниот план на училиштето и Годишниот извештај, кои веќе беа дадени на разгледување на натавниците. Сите наставници ја подржаа програмата.<br>4. Набавени се дополнителни материјали за предметот математика : картички со бројки, домино картички, картички со стрелки и сет со букви за по македонски јазик<br>5. Беа разгледани и учебниците кои ќе се користат, одобрени од МОН, со забелешка дека учебниците по природни науки и математика , не се најдобро прилагодени за возраста и | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | целите во програмите по овие предмети се многу воопштени. | |
| **1. Разговор околку подготовките на годишните, тематските и дневните распределенија (редовна настава).**<br>**2. Усогласување на индивидуалните критериуми за оценување кои што ги користат наставниците за оценување на учениците**<br>**3. Вметнување избрани точки на акција од програмите за**<br>**- “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”**<br>**- “ Меѓуетничка интеграција “**<br>**4. Размена на мислење за реализација на наставни содржини со помош на Smart –таблата**<br>**5. Изработна на инструменти за евидентирање на индивидуални средби со родители**<br>**6. Изработка на ИОП**<br>**7. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите** | Реализирано | 14.09.2016 | 1.Беа разгледани и усогласени, веќе изработените планирања. 2.Исто така беа разгледани и договорени инструментите за оценување на учениците.<br>3.Ги потврдивме и програмите за еколошката едукација и меѓуетничка интеграција.<br><br>4.По четвртата точка наставниците позитивно се изјаснија и кажаа дека содржините по математика и природни науки, многу полесно може да се реализираат со помош на Smart таблата или друга ИКТ опрема.<br><br>5.Беа изработени инструменти за групни и индивидуални средби со родители и на кој начин ќе се води записник за индивидуалните средби.<br><br>6.Во консултација со дефектологот се договоривме дали и за кои ученици е потребен ИОП.<br><br>7.На 31.08.2016 се одржа работилница за професионалниот развој на наставниците. Потоа секој наставник си изработи личен план за | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | професионален развој, а председателот на активот подготви ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ. 7.Наставниците беа известени за новиот начин на работа на стручните активи, според насоките на МОН и изработија електронска платформа, за соработка со родителите и на ниво на Стручен актив. | |
| **1.Примена на иновации и нови методи и техники на учење, објективно вреднување на постигнувањата на учениците**<br>**2.Планирање на отворени часови, анализа на извршена посета и поднесување на извештај на ниво на актив**<br>**3.Изработка на форма на евидентен лист**<br>**4.Професионално усовршување на наставниците – интерни обуки** | Реализирано | 12.10.2016 | Се разговараше за наставните содржини по математика и природни науки по Cambrige. Иако според програмите сметаме дека очекувањата се тешки, сепак програмата се реализира со голем напор од наставниците, примена на нови форми и средства.<br>Во месец септември требаше да се одржи отворен час од страна на наставничката Билјана Печипајковска, но заради подобра адаптација на се реализира во март.<br>Се договоривме и подготвивме искази за евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување.<br>Потоа разговаравме за Денот на училиштето и се договоривме за настапот. | / |
| **1. Учество на активот во** | Реализирано | 3.11.2016 | Заради мислењето на комисијата | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **подготовките за обележување на Денот на училиштето;**<br>**2. Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие;**<br>**3. Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците;**<br>**4. Анализа на реализираноста на наставната програмата, како и програмите за МИО/СУА/ОВЖ/ИКТ.** | | | за приредба за Денот на училиштето, планираната точка беше изменета и се договоривме да настапиме со следните точки: I-1 и I-4 со песната За сите деца, I-2 и I-5 со песната Кирилица и I-3 со Пингвински танц.<br>Според исказите на наставничките, успехот кај учениците за прво тримесечие задоволува, со мали исклучоци, за што повеќе ќе се разговара на Одделенски совет. Сметавме дека се должи на малата возраст и адаптацијата, која веќе е подобрена, но и понатаму ќе се работи на тоа.<br>Потоа ги конкретизиравме исказите за во евидентните листови, кои родителите ќе ги добијат на следната родителска средба ( во текот на наредната недела).<br>Колешката Угарчева Елена, го потврди одржувањето на отворен час, но со мало поместување во декември. | |
| **1. Учество на активот во обележување на Денот на училиштето;**<br>**2. Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците;**<br>**3. Анализа на реализираноста** | Реализирано | 21.12.2016 | Разговараме за настапот на нашите ученици и бевме задоволни од истиот.<br>Се договоривме како и со што ќе се претставиме на Новогодишниот базар.<br>Успехот и поведението на крајот | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на наставната програмата.<br>4. **Осовременување на воспитно – образовниот процес преку реализирање на отворен час** | | | на првото полугодие е многу подобар и учениците се веќе добро адаптирани.<br>Подготвивме искази за евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување.<br>Колешката Елена Угарчева одржа отворен час, на ден 20.12.2017 со наставна содржина: Дискриминација и артикулација на гласот С.<br>Отворениот час на Велика Дуковска во договор со директорката е одложен за второ полугодие. | |
| 1. **Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие**<br>2. **Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците**<br>3. **Анализа на реализираноста на наставната програмата**<br>4. **Отворен час** | Реализирано | 31.1.2017 | Наставата во прво одделение за прво полугодие е реализирана, учениците ги остварија предвидените цели. Повтрно беше кажано дека програмата по Кембриџ се реализира со мали потешкотии.<br>За подобрување на квалитетот и осовременување на наставата по математика на ден 31.01.2017 год. се реализира дисеминацијата на наставниците од одделенска настава- Математика плус.<br>Наставничката Велика Дуковска реализира отворен час по | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Математика, наставна содрзина: Користење дијаграм и пиктограм со практични средства.<br>Наставничката Марина Шалваровска, отворениот час ќе го одржи во март. | |
| **-Споделување на искуства и дидактички стратегии**<br>**-Осовременување на воспитно – образовниот процес преку реализирање на активности** | Реализирано | 25.3.2017 | -Беше утврдено тематското планирање<br>-Договорени беа активностите за 1Април.<br>-За евидентните листови решивме да ги подготвивме наредната недела<br>-Наставничката Марина Шалваровска одржа отворен час на 20.3.2017 по македонски јазик, со наставна содржина: Разгледување и опишување на слики од Битола. | / |
| **-Реализација на Велигденски пазар**<br>**-Осовременување на воспитно – образовниот процес преку реализирање на отворен час** | Реализирано | 6.4.2017 | Според програмата на училиштето и по барање на родителите на 12.4.2017 е планиран Велигденски пазар. Секоја паралелка да реализира работилница со родители.<br>Наставничката Печипајковска Биљана на 28.03.2017 реализира отворен час по Природни науки - Одгледување на семиња<br>Како отворен час на наставничката Велјановска Валентина | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | беше усвоена активноста која беше реализирана за Денот на училиштето. | |
| **-Анализа и сумирање на резултатите**<br>**-Подготвеност за интерно оценување** | Реализирано | 12.6.2017 | Планираната програма за наставните и воннаставните активности беше во целост реализирана и покрај некои потешкотии со наставната програма по Кембриџ.<br>Се договоривме за начинот на описното оценување на учениците.<br>Поради тоа што екстерното оценување беше укинато, а во тоа спаѓа и интерното, од портфолијата на учениците беа одбрани материјали и уредно средени, за наредната учебна година | / |

Претседател на стручен актив
Билјана Печипајковска

## Стручен актив на второ одделение

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на стручен актив | Реализирано | 26.08.2016г | Избор на претседател на активот | / |
| Донесување на програма на стручниот актив | Реализирано | 26.08.2016г | Изработка на програми за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година Донесување и усвојување на програмата за работа во учебната 2016/2017 година | / |
| Изнесување мислење за Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето и имплементација на планираните активности во програмата на стручниот актив | Реализирано | 30.08.2016 г | Наставниците ја разгледаа Годишната програма на училиштето, како и Развојниот план и заклучија дека немаат забелешки | / |
| Набавка на дидактички сет за 2 одделение во согласност со новата наставна програма во соработка со *Cambridge International Examinations* | Реализирано | 30.08.2016 г | На ниво на стручен актив имаме по еден комплет по математика даден во претходната учебна година кој ќе го користиме и оваа. | / |
| Разгледување на новите наставни програми и промени | Реализирано | 31.08.2016 г | Заеднички се разгледаа новите наставни програми за второ одделение, Наставниот план и учебниците . Ова ни ја олесни понатамошната изработка на годишните, тематските планирања, програмата за | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | додатна и дополнителна, работата со талентираните и учениците со потешкотии... | |
| Изработка на годишно планирање на наставата и воннаставни активности. | Реализирано | 31.08.2016 г | Изработени се годишни планирања на наставата и воннаставните активности | / |
| Договор за координација на годишните, тематските и дневните планирања | Реализирано | 31.08.2016 г | Се направи договор за редоследот на темите за обрботка и на тој начин се подредија и дневните планирања. Бидејќи сме во секојдневна комуникација координацијата на овие планирања ни е олеснета.Секој наставник си избра точка на акција од програмата “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем” .<br>“ Меѓуетничка интеграција “ се вметна во останатите предмети како македонски, општество, ликовно образование. | / |
| Изработка на инструменти за континуирано следење, проверување и оценување на напредувањата на учениците | Реализирано | 31.08.2016 г | Изработена беше чек –листа по сите предмети со дадените критериуми и стандарди. Се договоривме за континуирана изработка на наставни листови и тестови. | / |
| Изработка на стандарди и критериуми за оценување и инструменти за следење и вреднување на постигањата | Реализирано | 31.08.2016 г | По сите предмети се разгледаа и усогласија критериумите за оценување на учениците | / |
| Изработка на програма за додатна и дополнителна настава | Реализирано | 31.08.2016 г | Изработен беше план за овие видови настава со по 36 часа | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на план за работа со талентираните ученици | Реализирано | 31.08.2016 г | Изработен беше план со кој ќе се стимулираат талентираните ученици | / |
| Подготвување на личен план за професионален развој и подготвување на програма за професионален развој на стручниот на второ одделение | Реализирано | 5.09.2016г. | Наставниците ги разгледаа прирачниците, разговараа околу можностите на секој индивидуално, слабите страни во однос на одредено подрачје и секој наставник си направи личен план за професионален развој според неговите потреби.Врз основа на личните планови претседателот на активот изготви програма за професионален развој на наставниците од стручниот актив и истата ја достави до службата. | / |
| Извештај за одржани семинари и советувања за наставниците (пренесување на сознанијата) | Реализирано | 16.11.2016г.<br>21.11.2016г.<br><br><br>15.12.2016г<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>20.01.2017 г. | Во склоп на проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“се реализираа две обуки : Читаме, учиме , се забавуваме и Мојата училница, мој свет.<br>Од страна на проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ спроведуван од Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, во рамки на Компонентата за вклучување на семејството и заедницата, беше организирана тричасовна работилница за изработка на сликовници на математички теми, за наставници и родители.<br>Обука за Изработка на ИОП и работа на дефектологот со децата со посебни потреби<br>Од проектот на Чекор по чекор- "Со читање до лидерство" беше реализирана | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 31.01.2017г.<br><br>21.02.2017г.<br><br>24.04.2017г. | третата дисеминација за наставниците од одделенска настава- Математика +<br>Обука „Крајот на насилството апочнува со тебе“<br>Во рамките на програмата „Математика со размислување“ за одделенските наставници беше одржана работилница на тема : Наставни ситуации кои го вклучуваат математичкото знаење од Работа со податоци и решавање проблеми и решавање на математички загатки. | |
| Примена на иновации и нови методи и техники на учење – отворени часови<br>- Споделување на искуства меѓу колегите | Реализирано | 3.04.2017г.<br><br>8.05.2017г. | Наставничката Верка Наумовска одржа отворен еко час : „Водата дава живот “ по предметот Природни науки.<br><br>Наставничката Кристина Лајмановска одржа еко час : Рециклирање и пренамена на еко материјали по предметот Природни науки.<br>Секојдневно во реализацијата на воспитно- образовниот процес се применуваат нови техники на учење стекнати на посетените обуки и семинари. | / |
| Креирање електронска база на податоци за потребите на членовите на стручниот актив | Реализирано | 05.09.2016г. | Бидејќи нашето училиште има креирано своја база на податоци на членовите на активот задача им е да ја ажурираат. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на активот во подготовките за обележување на Денот на дрвото | Реализирано | 24.11.2016г. | За Денот на дрвото се определивме за дрво направено од дланките на учениците кои беа нацртани на зелени хартиени листови и потоа изрежани и залепени во форма на дрво. Оваа активност ни е во корелација со математика – Мерење со нестандардни мерки. | / |
| Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие, прво полугодие , трето тромесечие и крај на учебна година | Реализирано | 24.11.2016г.<br>29.12.2016г.<br>6.04.2017г.<br>19.06.2017г | Секој наставник се изјасни за успехот на неговата паралелка. Општ впечаток е дека учениците се заинтересирани и активни на часовите. Ги извршуваат задачите и ги исполнуваат наставните цели | / |
| Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците | Реализирано | 24.11.2016г. | Како предлог мерки за подобрување на успехот на учениците се предложија поголема дисциплина на часовите, редовно извршување на домашните задачи и поголема активност на часовите. | / |
| Анализа на реализираноста на наставната програмата, како и програмите за ДД,ДП и СУА | Реализирано | 24.11.2016г.<br>29.12.2016г.<br>6.04.2017г.<br>19.06.2017г. | Оваа анализа ја правиме 4 пати во годината. Реализираноста на наставните програми беше целосна без отстапувања. Извештаите за реализираноста на ДД,ДП и СУА ги изработуваме квартално. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на активот во обележување на Денот на училиштето | Реализирано | 27.10.2016г. | Стручниот актив на второ одделение по повод патрониот празник подготви и реализира музичко- ритмичка точка : Супер ѕвезда ( модерен балет). Од секоја паралелка беа избрани по 4 ученици кои ги подготвуваше наставничката Пандора Алесова Запаренко. | / |
| Подобро запознавање на учениците со местото на живеење | Реализирано | 9.02.2017г<br><br>13.09.2016г | -Посета на Музеј Битола<br><br>-Посета на ТВ „Орбис“ | / |
| Подготовка на програма за работа со студентите | Не | | | / |
| Подготовка и поддршка на ученици кои учествуваат на натпревари<br>-Избор на задачи и соодветна стручна литература | Реализирано | 21.03.2017г. | Нашите ученици зедоа учество на математичкиот натпревар „Кенгур“ каде освоија две трети места :Василија Недановска и Михаил Јовановски. Подготовката за овој натпревар се одвиваше на часовите по додатна настава. Се подготвувавме со задачи од изминатите натпревари. | / |
| Поголема гриза за безбедноста на учениците | Реализирано | 25.03.2017г. | Учество во показна вежба : Симулација на пожар | / |
| Избор на еко содржини за работилниците | Реализирано | 28.04.2017г. | Со оглед на возраста учество зедовме со ликовни творби на изложбата на фотографии и цртежи „Една планета имаме“.<br><br>-Учество на еко манифестација „Ајде да | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 22.03.2016г. | патуваме да не загадуваме “ со музичко-балетска точка : Излетници мали. | |
| Одбележување на денот со подготвување на маски | Реализирано | 30.03.2017г. | Сите паралелки учествувавме на Маскенбалот со тоа што наградено беше II-3 за поединечни најкреативни маски. Еден дел од маските беа направени од страна на учениците. | / |
| Соработка со родителите преку нивно вклучување во активностите | Реализирано | 22.12.2016г.<br><br>12.04.2017г. | Покрај редовната соработка со родителите на родителските состаноци и индивидуалните средби по потреба се организираат и истите се вклучуваат и во други активности. „Новогодишна работилница “ за изработка на ураси за претстојниот Новогодишен панаѓур.<br><br>Родитители – предавачи: Родителот Игор Трајковски реализира час по ФЗО во спортската сала каде учество зедоа сите 5 паралелки.<br><br>„Велигденска работилница“ за изработка на традиционални украси по повод Велигденскиот пазар. | / |
| Анализа на постигнатите резултати од работата | Реализирано | 19.06.2017г. | Задоволни сме од реализираните активности бидејќи сите планирани се реализираа. Тука беа спомнати отворените часови, учеството на приредбите по повод патрониот празник и Денот на екологијата, разни работилници и обуки кои придонесуваат за нашиот | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | професионален развој, работилници со родителите и учениците по повод деновите на претприемништво. Задоволни сме и од постигнатите резултати на учениците ова се потврдува со нивниот успех по сите предмети. Во овој контекст беше потенцирано нивното учество и резултати од натпреварот „Кенгур“, резултатите од тестирањето на брзината на читање од страна на педагогот,награди од училишни конкурси. | |
| Предлози за измена или дополнување на програмата на стручниот актив во согласност со развојниот план на училиштето | Реализирано | 19.06.2017г. | Членовите на активот немаа предлози | / |
| Изработка на извештај за работата на стручниот актив | Реализирано | 19.06.2017г. | Годишниот извештај за работата на стручниот актив го подготви претседателот. | / |

**Претседател на стручен актив: Пандора Алексова Запаренко**

## Стручен актив на трето одделение

| Цели од годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| 1.Изработка на програма на стручниот актив, инструменти потребни материјали за работа.<br>2. Евидентирање на постоечките наставни средства помагала и набавка на нови.<br>3. Договор за посета на отворени часови, со примена на современи форми на работа | Реализирано | 22.08.2016 | Во однос на првата точка , членовите на стручниот актив дискутираа за програмата на стручниот актив, што се таа треба да опфати во својата содржина.<br>Се евидентираа постоечките  наставни средства и помагала , се направи договор за некои средства и помагала кои тековно ќе се изработуваат од страна на наставниците и учениците.<br>За третата точка се договоривме да имам е 2 отворени часови, со примена на современи форми на работа:<br>1.Отворен час по природни науки на III-4,Билјана Костовска(ЕКО-ОТПАД,РЕЦИКЛИРАЊЕ,ДОМАШНИ СРЕСТВА ЗА ХИГИЕНА)<br>2. Отворен час по Ликовно образование на III-5, Венета Јоновска(ЕКО-ОТПАД,РЕУПОТРЕБА,ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ) | / |
| 1. Работилница  за пополнување на Еразмус + апликација.<br>2. Обука и за внесување на материјали во | Реализирано | 24.08.2016 | Целта е на оваа обука е подобрување на професионалниот развој и практика. Подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Во обуката беше презентиран начинот на аплицирање на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| електронската библиотека. | | | наставникот за меѓународни семинари, работилници и сл., од страна на Виолета Стевановска<br>За втората точка библиотекарот Живко Петревски низ кратка презентација го покажа начинот на внесување податоци во нашата училишна електронска библиотека. | |
| 1.Разгледување на предлог на Годишната програма за работа на училиштето и развојниот план на училиштето.<br>2.Консултација околу подготвувањто на годишните, тематските, дневните планирања и останата педагошка евиденција. Предлог иновации за подобрување на наставата. | Реализирано | 30.08.2016 | Во однос на првата точка сите наставници ги разгледаа Годишната и Развојната програма на училиштето и немаа посебни забелешки, освен некои технички грешки.<br><br>За втората точка активот ја разгледа наставната програма за трето одделение, учебниците и работните материјали и врз основ на тоа изработија: Годишна програма по сите предмети; Програма за дополнителна и додатна настава; Програма за талентирани ученици; Програма за деца со потешкотии при совладувњето на материјалот; Тематски распределенија со цели, методи форми ,техники на работа , наставни содржини и очекувани резултати. Исто така во содржините се интегрира еколошки содржини и проектот – Меѓуетничка интеграција. Се усогласија критериумите за оценување на учениците и инструментите за оценување.<br><br>Од иновациите кои ќе ги применуваме во целост, оваа учебна година се стратегиите и техниките по македонски јазик, од проектот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | јазична писменост. Учениците се описменети како услов за спроведување на техниките и стратегиите од јазичната писменост. | |
| 1. Работилница за професионален и кариерен развој на наставниците | Реализирано | 31.08.2016 | Целта на оваа работилница е подобрување на професионалниот развој и практика. Подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.<br>Наставникот Виолета Стевановска на работилницата даде насоки и потребни материјали како да изработиме личен професионален план за секој наставник одделно и програма за професионален напредок, која ќе биди во склоп на ниво на стручниот актив. | / |
| 1.Постоечките профили(затворени групи) на социјалните мрежи и користењето на е-дневникот<br>2.Консултации за ученици кои имаат проблем со учењето и однесувањето<br>3.Усогласување на критериумите за оценување на учениците<br>4.Изработка на програма за ученици со потешкотии во совладувањето програмата и ИОП | Реализирано | 22.09.2016 | Во однос на првата точка членовите на стручниот актив на трето одделение заклучи дека постоечките затворени групи на социјалните мрежи се од ефикасни во однос на размена на информации, родител – наставник. Исто така платформата во иднина ќе се користи за споделување на образовни линкови, во корист на учениците.<br>За втората точка се договоривме за учениците кои имаат проблем со учењето и однесувањето, проблемите да се решаваат тековно по потреба.<br>Врз основа на наставниот план и програма за трето одделение се изработија критериумите за оценување на учениците и програмата за ученици со потешкотии . Во однос на ИОП за ученичката со телесен инвалидитет Елена | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Тунтевска се изработија посебени цели кои можи да ги совлада ученичката во физичкото и музичкото движење, потребни за оценувањето. | |
| 1.Консултација и размена на искуста и мислења при реализацијата на наставни содржини, форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување. | Реализирано | 20.10.2016 | На овој состанок, членовите на стручниот актив на III одделение разменија искуства и мислења за реализацијата на наставните содржини –кои форми, методи техники ќе се користат, каде ќе се употреби ИКТ и како ќе се изведе оценувањето. Во однос на оценувањето, се изработија инструменти за оценување кои сите наставнички ги ставија во своите портфолија. За предметот работа со компјутери и програмирање поради недоволниот број исправни лап топи во секоја училница, во која ја има потребната апликација Toolkid за остварување на целите на предметот, се договоривме да се менуваме со училниците по потреба. | / |
| 1.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие<br>2.Договор за подготвување на евидентните листови за првото тромесечие<br>3.Изработка на извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава<br>4.Активности на стручниот актив по повод денот на | Реализирано | 07.11.2016 | Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие, се дискутираше за проблематичните ученици, се размена мислење и искуство меѓу членовите на активот на таа тема.<br>Се постигна договор за подготовка на евидентните листови, според целите на програмата предвидени за првото тромесечие, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата.<br>Се разговарше за реализираноста на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| училиштето | | | додатната и дополнителната настава, како и СУА, при што заклучивме дека извештаите треба да се предадат до крајот на овој м.<br>По одлуката за активот да се претстави по повод денот на училиштето со драмската точка – Снежана низ стихови- се разговараше за некои пропратни финеси околу изведбата на истата.<br>Во тековни прашања, со цел да се подобри брзината на читањето кај учениците, љубовта кон книгата и позјмувањето, решивме да ја посетиме Градската Библиотека во Битола | |
| Посета на Градска библиотека - Битола | Реализирано | 15.11.2016 | Целта на оваа активност беше да се развие поголема љубовта кон книгата и позајмувањето и со тоа да се развие подобра брзина во читањето на учениците.<br>Со претставникот од библиотеката го посетивме детскиот оддел од библиотеката, каде ни објасна како се запишува, позајмува и користи истиот. Потоа следеше музејот на книгата каде накратко не запозна со историјата на книгата и библиотеките воопшто. Учениците можеа да поставуваат прашања во врска со предавањето. | / |
| НОЕМВРИ<br>Интерната работилница, од проектот Чекор по чекор,- Со читање до лидерство<br>Обука на теми:<br>-Читаме, учиме и се | Реализирано | 16.11.2016 | Обуката се изведуваше во два дена од по 4 часа.<br>*Агенда:*<br>Сесија 1 - Вовед<br>Сесија 2 - Препознавање букви и зборови- сет техники | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| забавуваме<br>-Нашата училница –<br>нашиот свет<br>Обука за креирање средина за учење | | | Сесија 3 - Читање текст - сет техники<br>Сесија 4 - Разбирање текст - сет техники<br>Сесија 5 - Вклучување на семејствата во процесот на<br>описменување на децата<br>Сесија 6 - Вмрежување на наставниците за споделување<br>успешни практики<br>Сесија 7 - Заклучок и евалуација<br>*Агенда:*<br>Сесија 1 – Важноста од креирање средина за учење<br>Сесија 2 – Како вие ја замислувате иделаната училница?<br>Сесија 3 – Преуредување на училницата<br>Сесија 4 - Заклучок и евалуација | |
| Работилницата по математика,од Проектот – Со читање до лидерство, на тема<br>Математички сликовници | Реализирано | 15.12.2016 | Работилницата ја водеше наставникот Весела Богдановиќ.<br>Целта на оваа работилница беше изработка на сликовници со математички теми, со која ќе се подобрат јазичните и математичките вештини кај учениците во почетните одделенија и зајакнување на педагошките вештини на наставниците. Исто така со работилницата треба да се поттикне заедничко читање на сликовници на родителите со децата како и нивно стекнување на навики за читање и интерес кон книгата.<br>Во почетокот и општиот дел на работилницата беше за електронската дигитална библиотека | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | www.stepbystep.org.mk/biblioteka , каде сликовниците бесплатно се спуштаат.<br>Следуваше групна изработка на измислени приказни со математички теми и нејзино презентирање. Во изработката учествуваа наставници и родители на ученици. | |
| 1.Активности по повод денот на училиштето<br>2.Пред Новогодишни активности<br>3.Анализа на успехот и поведението на учениците и подготовка на евидентни листови за крајот на првото полугодие<br>4.Изработка на полугодишен извештај за работата на стручниот актив и предлог теми за обука<br>5.Разговор за постоечките профили(затворени групи) на социјалните мрежи и користењето на е-дневникот | Реализирано | 30.12.2016 | Стручниот актив на трето одделение учествуваше во централната манифестација по повод Денот на училиштето со Драматизацијата„Снежана низ стихови“, на 7.12.2016 г.<br>Наставниците и родителите во заедничка грижа за учениците, организираа климентовски претприемачки настан, полн со изненадувања. Украси, храна, караоке забава, беа само дел од активностите. Со ова беа финализирани активностите од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците.<br>Се направи анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие – на кои ученици треба да им се посвети повеќе внимание во однос на работата како и во однос на дисциплината.<br>Се постигна договор за подготовка на евидентните листови, според целите во програмата предвидени за првото полугодие, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата.<br>Продолжува соработката со родителите преку постоечките затворени групи на социјалните | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | мрежи и е добро прифатена од двете страни, наставниците и родителите. | |
| 1. Изработка на полугодишни извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава<br>2. Консултации за ученици кои имаат проблем со учењето и однесувањето<br>3. Договор за посета на локалитет од научен карактер, посета на археолошки музеј,посета на Народна банка-како настануваат парите | Реализирано | 09.01.2017 | Се подготвија извештаи за реализираноста на додатната и дополнителната настава, како и СУА.<br>Се направи анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие – на кои ученици треба да им се посвети повеќе внимание во однос на работата како и во однос на дисциплината<br>Наставниците од трето одделение се договорија заедно со учениците да го посетат археолошкиот музеј во Битола, првата недела од месец април, 07.04.2017 | / |
| Работилницата за улогата на дефектологот во работата на редовното основно училиште | Реализирано | 20.07.2016 | Обуката се состоеше во 3 дела каде дефектологот во првиот дел ја произнесе важноста на улогата на дефектологот в о работата со деца со посебни потреби<br>Во вториот дел се состоеше начин и постапка на подготвување на ИОП и негово тековно дополнување, каде беше акцентирано дека деца со инвалидитет не припаѓаат во изработката на посебниот образовен план.<br>Во третиот дел дефектологот ја истакна соработката во релација дефектолог - наставник - стручна служба и родителите, како важен сегмент за развојот и напредокот на детето со посебни потреби. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Интерната работилница, од проектот Чекор по чекор,- Со читање до лидерство, Математика плус трет дел | Реализирано | 31.01.2017 | Интерната обука се одвиваше во четири дела Менторките ја произнесоа општата цел на целиот проект – Со читање до лидерство- Потоа следуваа активни работилници и нивно презентирање, во математичките делови, собирање и одземање, множење и делење и текстуални задачи. | / |
| 1. Подготвување на учениците за меѓународниот натпревар КЕНГУР | Реализирано | 15.02.2017 | Дискусија околу одржувањето на меѓународниот натпревар Кенгур, учеството на учениците и нивната подготовка (наставничките на часот по додатна настава ќе ги подготвуваат учениците кои се пријавија да учествуваат на овој натпревар). | / |
| Работилница, Проект за превенција на меѓуврсничко насилство БУЛИНГ, Крајот на насилството започнува со тебе | Реализирано | 17.02.2017 | Семинарот се одвиваше по неколку поглавја На почетокот имаше краток осврт што е тоа меѓуврсничко насилство или BULLING. Следуваа 3 работилници и нивно презентирање по групи, т.е форми на меѓуврсничко насилство. Крајот на семинарот заврши со презентирање резултати од некои истражувања и превенција на меѓуврсничкото насилство. | / |
| 1.Организирање работилници со родителите по повод осми март 2.Договор за отворен час кај наставничката од III-4,Билјана Костовска | Реализирано | 08.03.2017 | Во договор со наставничката Билјана Костовска дојде до промена на предвидениот час во: Отворен час по физичко и здравствено образование, наставна единица –Игри без граници- еко едукација - РЕУПОТРЕБА. Часот ќе биде закажан на 21.04.2017, петок. Работилницата со родителите , по повод осми март беше реализирана успешно. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.Маскембал<br>2.Велигденски работилници<br>3.Посета на НУ Музеј Битола<br>4.Договор за подготвување на евидентните листови за третото тромесечие<br>5.Договор за посета на отворен час по природни науки на III-5, | Реализирано | 26.04.2017 | ●По повод 1Април - Денот на шегата, на 31.03.2017(петок) во нашето училиште се одржа голем хепенинг „Избираме најдобар талент“. Некои од нив се претставија со своја точка, а некои со маски. Стручниот актив на трето одделение на овој хепенинг учествуваше со две точки, а сите останати кои не учествуваа со своја точка, учествуваа со маски.<br>●Се постигна договор за подготовка на евидентните листови, според целите на програмата предвидени за третото тромесечие, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата.<br>●Договор за отворен час беше закажан за . Отворениот час ќе биде во соработка со Венета Јоновска и Марија Крстевска. Наставна единица: Избор на исхрана , на 22.05.2017 г.<br>●По повод претстојниот празник Велигден, наставничките од трето одделение организираа работилници со родители, на кои се изработуваа и боеја велигденски украси.<br>●Посета на НУ Музеј Битола како корелација со предметот општество на тема –Мојот роден крај. Музејскиот кустос им одржа предавање за предметите кои се наоѓаат во музејот. Потоа следуваше разгледување. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница –Математика со размислување | Реализирано | 24.04.2017 | Работилницата се одвиваше во три дела<br>Во првиот дел имаше усна презентација за придобивките и улогата на проектот кај текстуалните задачи и нивното разбирање од страна на учениците.<br>Во вториот дел имаше циклус на задачи работилници по стручни активи<br>Во третиот дел изработките и решенијата се презентираа. | / |
| Работилници со учениците, Проект за превенција на меѓуврсничко насилство БУЛИНГ<br>Тема - Крајот на насилството започнува со тебе | Да | март–април 2017 година | Трето 1: Драмска игра со драмски текст – Војна и мир.<br>Трето 2: Изработи сликовница во 2 часа.<br>Трето 3: Изработи пано за ненасилство во училиштето.<br>Трето 4: Изработи 2 брошури во 2 часа.<br>Трето 5: Опис на ситуација за ненасилно однесување внатре во училницата, проследен со ликовно изразување. | / |
| Отворениот час по физичко и здравствено образование, наставна единица –Игри без граници- еко едукација - РЕУПОТРЕБА.<br>од страна на Билјана Костовска, одделенски наставник во III-4 одделение | Реализирано | 21.04.2017 | Целта на овој час беше учениците<br>да ги увежбуваат движењата со завртување, да ги развиваат големите мускулни групи на рацете, трупот, карлицата и нозете ,растегнување,лабавење,како и подобрување на кардио-васкуларниот систем,да се научат на фер игра.... | / |
| 1.Соработка со семејството - Едукација на родителите | Реализирано | 26.05.2017 | Во однос на првите две точки се споделуваа едукативни линкови на социјална мрежа, | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| со воспитни и образовни содржини од програмата за професионален развој.<br>2.Разговор за постоечките профили(затворени групи) на социјалните мрежи и користењето на е-дневникот<br>3.Подготовки за интерно оценување<br>4.Договор за изготвување свидетелства<br>5.Еднодневна екскурзија Охрид Струга<br>6.Отворени часови | | | групите на одделенијата со родителите. Индивидуални и групни советувања со едукативни работилници. На редовниот родителски состанок за трето тромесечие на родителите им беше поделено и брошура, како насоки и потсетник во воспитување на своите деца.<br>●Се постигна договор за подготовка на свидетелства, според целите на програмата предвидени за трето одделение, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата.<br>● Екскурзијата до Охрид и Струга помина низ посета на културно историските споменици и стари градби во двата града.<br>● Наставничките почнаа полека да се подготвуваат за интерното оценување, средувајќи ги ученичките портфолија и собирајќи ги потребните докази по предмети.<br>●Поради учество во Еко проектот како дел од Тимот за заштеда на вода и струја, наставничката Марика Костовска беше ослободена од држење на отворен час. Учествуваше во ЕКО – настанот на 28 .04.2017 г. во организација на тимот за заштеда на вода и енергија. Изложба на фотографии и цртежи, на тема – Една планета имаме.<br>● Наставничката Љубица Ширановиќ е ослободена од држење на отворен час. Наставничката зеде учество за денот на екологијата на 22.03.2017 г. со точката – | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Еколошка песна.<br>● Наставничката Билјана Јованоска е ослободена од држење на отворен час. Наставничката зеде учество како организатор за точката на третите одделенија , Снежана низ стихови , за Патронатот на училиштето. | |
| 1.Изработка на извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава<br>2.Евалуација на работата на стручниот актив на трето одделение<br>3.Изработка на годишен извештај за работата на стручниот актив<br>4.Избор на претседател на стручниот актив за следната учебна година<br>5.Тековни прашања | Реализирано | 12.06.2017 | ●Се изврши евалвација на работата на стручниот актив, се направи анализа на извештаите, секој член си кажа свое мислење во однос на работата на активот. Мислењата на наставничките беа позитивни, со оглед на тоа дека од оваа учебна година за првпат се пристапи кон поинтензивна работа на стручните активи (подготвување на месечни извештаи, конкретни програми со конкретни цели итн.)<br>●Претседателот на стручниот актив подготви годишен извештај од работата на стручниот актив, кој прво го разгледаа членовите на активот, а потоа се достави до Директорката.<br>● Се изработија годишни извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава.<br>●Избор на претседател на стручниот актив за следната 2016/2017г. - Марика Костовска<br>●Отворениот час на наставничката Венета Јоновска беше откажан заради болничко лекување. | Отворениот час на наставничката Венета Јоновска беше откажан заради болничко лекување. |

**Претседател на стручниот актив Билјана Јованоска**

## Стручен актив на четврто одделение

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Формирање на Стручен актив и донесување на Програма на Стручниот актив** | Реализирано | август,2016 | Избор на претседател на Активот Донесување и усвојување на Програмата за работа во учебната 2016/2017 година. Изработка на Програма за работа на Стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година. | / |
| **Разгледување на предлог- Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето** | Реализирано | 22.08.16 | Членовите на Стручниот актив ги разгледаа предлог- Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план, дискутираа за истите и утврдија дека немаат никакви забелешки во тој однос. | / |
| **Подготвување на годишните, тематските и дневните планирања (редовна, дополнителна и додатна настава)** | Реализирано | 1.09.2017 | Членовите на Стручниот актив, врз основа на Наставниот план и програма за четврто одделение, изработија: Годишна програма за сите премети кои ги предаваат, програма за дополнителна и додатна настава, Програма за талентирани ученици, Програма за соработка со родителите и Програма за ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот. Се изработи и првата тема и се постигна договор на ист начин да се изработуваат и наредните теми. | / |
| **Консултирање меѓу наставниците, соработка и изработка на ИОП** | Реализирано | на почетокот на секој месец | Наставничките се договорија-на почетокот од секој месец, по часовите, да се состануваат и да разменуваат искуства и мислења во врска со проблематични ученици, како и за изработката | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на ИОП. | |
| **Вметнување на избрани точки на акција од Програмите за: „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и „Примена на ИКТ во наставата“** | Реализирано | 1.09.2016 | Се издвоија точки од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и се вметнаа во Годишната програма на Стручниот актив- точно одредено по месеци. Се разговараше кои содржини од првата тема може да се реализираат со помош на ИКТ и смарт- таблата. | / |
| **Подготвување на Личен план за професионален развој и на Програма за професионален развој на Стручниот актив на IV одд.** | Реализирано | 5.09.2016 | Наставниците од Активот ги разгледаа прирачниците, разговараа околу можностите на секој индивидуално, слабите страни во однос на одредено подрачје и секој наставник си направи Личен план за професионален развој, во однос на сопствените потреби. Врз основа на личните планови, претседателот на Активот подготви Програма за професионален развој на наставниците од Стручниот актив и истата ја достави до службата. | / |
| **Зајакнување на соработката со локалната средина**<br><br>**Посета на Општината** | Реализирано | 13.09.2016<br><br>10.11.2016 | Посета на ТВ „Орбис“- Битола, соодветно на целите од подрачјето Медиумска култура, од наставната програма по македонски јазик за IV одд.<br><br>Реализирана посета на печатницата „Киро Дандаро“, соодветно на целите од наставната програма по техничко образование за IV одд.<br><br>/ | Оваа посета не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | не | / | | беше реализирана поради политичката состојба во државата во тој период, а постои можност да се реализира следната учебна година |
| **Подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за крајот на првото и третото тримесечие** | Реализирано | 28.10.2016<br>15.03.2017 | Наставниците ги конкретизираа нивоата за описното оценување за одредени периоди. Тоа го правеа пред крајот на првото и третото тримесечие. | / |
| **Примена на иновации и нови методи и техники на учење,споделување на искуства меѓу колегите** | Реализирано | 12.10.2016<br><br>2.12.2016<br><br>24.03.2017 | Наставничките Гордана Анастасова и Снежана Стојанова одржаа отворен час со тема на проектна активност: „Во потрага на скриеното богатство“.<br>Наставничката Јасна Јанева-Гулевски одржа отворен час: ,, Млади истражувачи и млади дизајнери“.<br><br>Наставничката Светлана Јовановска одржа отворен час Еко-едукација/III Тема: Одржување на зградата и здрава животна средина во училиштето/градинката:„Влијанието на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 3.05.2017 | човекот врз средината- *Каква сакам да биде мојата околина* (примена на ИКТ).<br><br>Наставничката Вера Лајмановска одржа отворен час/ Еко-едукација: IV Тема: Уреден двор: ,,Изработка на упатства за одржување на дворот- повторување“( примена на ИКТ) | |
| **Подготвување на активности со кои Активот ќе се претстави на Патрониот празник на училиштето** | Реализирано | 2.11.2016 | Наставничката Светлана Јовановска напиша пролог со кој ќе се отвори приредбата и истиот ќе биде кажан од страна на ученици од IV одд. Најпрво ќе се каже на македонски јазик, а потоа уште и на англиски, германски и француски јазик. Беа одредени учениците кои ќе бидат ангажирани. | / |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од тримесечијата, првото полугодие и крајот на годината Давање предлог мерки за подобрување на успехот на учениците** | Реализирано | 4.11.2016<br><br>27.12.2016<br><br>15.03.2017<br><br>26.05.2017 | На крајот на секое тримесечие се разгледуваше успехот и поведението на учениците .Особено се разговараше за проблематичните ученици и како да се надминат проблемите со нив.Од сите состаноци од ваков карактер, се констатира дека наставниците се задоволни од постигнатиот успех кај учениците, а кај одредени ученици треба да се подобри дисциплината. | / |
| **Изработка на извештаи за додатна, дополнителна настава, СУА** | Реализирано | 4.11.2016<br>27.12.2016<br>15.03.2017<br>12.06.2017 | Секоја наставничка ги реализира овие часови со одредени ученици, во зависност од нивната потреба во текот на целата учебна година. Наставничките од Активот подготвуваат извештаи за реализираноста и истите ги доставуваат во ППС на крајот на секое тримесечие. | / |
| **Зајакнување на** | Реализирано | 28.12.2016 | Стручниот актив на IV одд. успешно се | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **соработката со родителите и развивање на претприемачките способности на учениците** | | <br><br><br><br><br><br><br><br><br>30.03.2017<br><br><br><br><br><br><br><br>12.04.2017 | претстави на Новогодишниот панаѓур. - Наставничките од IV-1,IV-3,IV-4 и IV-5 одд., во договор со родителите, одлучија секое дете индивидуално да донесе новогодишна изработка или колачи. Наставничката од IV-2 одд., Светлана Јовановска, во соработка со родителите подготви Новогодишна приредба со своите ученици. За да ја проследат, родителите плаќаа влезница.<br><br>Учениците од IV одделение зедоа масовно учество на маскенбалот по повод Први април. При изработката на маските помагаа родителите со свои идеи. Исто така голем дел од учениците од IV одделение учествуваа на манифестацијата „Мој талент“.<br>Учествата и на маскенбалот и на талентот беа многу успешни затоа што главните награди ги добија учениците од четврто одделение.<br><br>По повод Велигденските празници родителите заедно со своите деца продаваа слатки зајачиња, јагнињa и други лижавчиња. | |
| **Професионално усовршување на наставниците** | Реализирано | 29.10.2016 | Посетена обука по предметот „Работа со компјутери и основи на програмирањето“ во Прилеп, на тема: „Поим за алгоритми и програми, совладување на алгоритамско размислување преку игра и креирање едноставни програми“. Обуката беше еднодневна, во траење од 8 часа и за истата наставниците добија сертификати. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.11.2016<br><br>21.11.2016<br><br>5.12.2016<br><br>15.12.2016<br><br>20.01.2017 | За подобрување на квалитетот и осовременување на наставата, во училишната медијатека се реализира дисеминација на наставниците од одделенска настава:„Читаме, учиме и се забавуваме“.<br><br>На 21.11.2016 г., во училишните простории, се реализира уште една работилница:„ Мојата училница, мој свет“.<br><br>Во нашето училиште, од страна на БРО, беше организирана обука за подобрување на наставата по физичко и здравствено образование. За следењето на обуката секој наставник доби соодветен сертификат од Бирото.<br><br>Работилницата „Сликовници на математички теми“ се реализира во училишната трпезарија. На обуката родителите и наставниците заеднички создадоа 5 убави едукативни сликовници.<br><br>Посета на предавањето „Улогата на дефектологот во работата на редовното основно училиште“, од страна на дефектологот Андријана Шокларова. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 31.01.2017<br><br>21.02.2017 | Посетенадисеминација-Математика плус. На оваа обука наставниците се запознаа со нови техники кои можат да ги користат по математика.<br><br>Постена дисеминацијаза превенција и справување со меѓуврсничко насилство, со наслов: ,, Крајот на насилството започнува со тебе“. | |
| **Внесување на материјали во базата на податоци во Е-библиотеката на училиштето** | не | / | / | Оваа активност ќе се реализира наредната учебна година. |
| **Зајакнување на работата со талентираните ученици и нивно подготвување за натпревари** | Реализирано | во текот на учебната година на часовите за додатна настава | Учениците од IV одд.зедоа учество на повеќе натпревари:општински и регионален натпревар по математика, општински и регионален натпревар по природни науки, математички натпревар „Кенгур“, како и на различни конкурси во и вон училиштето. Освоени беа многу општински и регионални награди. Списокот на наградени ученици е доставен до стручната служба. | / |
| **Развивање на еко-свеста кај учениците и свеста за заштеда на енергијата и водата** | Реализирано | 22.03.2017<br><br>24.03.2017 | Учество на учениците од IV -4 одд. на еко-манифестација „Ајде да патуваме, да не загадуваме “ со хип- хоп рецитал:„Природата треба да се чува“.<br><br>Учество на нашите ученици на училишната изложба по повод „Светскиот ден на водата и електричната енергија“. И на оваа активност | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | нашите ученици освоија награди. | |
| **Евалвација на работата на Стручниот актив** | Реализирано | 19.06.2017 | Беше извршена заедничка евалвација на работата на Стручниот актив за оваа учебна година. Сите констатираа дека оваа учебна година беше успешна за Стручниот актив затоа што најголем дел од планираното се реализира. Учебната година беше преполна со учества на учениците на бројни манифестации, различни конкурси, општински, регионални натпревари, натпреварот „Кенгур“ и многу освоени места. Оваа учебна година се реализираа работилници со родителите преку кои се зајакнуваше соработката, како и бројни работилници и семинари за професионален развој на наставниците. Истите резултираа со сертификати за вложениот труд и стекнатите знаења. Наставничките одржаа отворени часови на кои се разговараше за современите методи во наставата, се разменуваа искуства. | / |
| **Изработка на Годишен извештај од работата на Стручниот актив избор на претседател на Стручниот актив за следната учебна година** | Реализирано | 19.06.2017 | Претседателот на Стручниот актив го подготви Годишниот извештај и го достави во службата, а за нов претстедател на Стручниот актив беше избрана Вера Лајмановска. | / |

**Претседател на стручниот актив : Јасна Јанева-Гулевски**

## Стручен актив на петто одделение

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Избор на претседател на Стручен актив на петто одделение** | Реализирано | 25.08.2016 | Пред почеток на учебната година, наставниците од петто одделение едногласно избраа претседател на Стручен актив – Гордана Анастасова. | / |
| **Изработка на Програма за работа на Стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година** | Реализирано | 25.08.2016 | Програмата ја изработи претседателот на Стручниот актив, во соработка со наставниците од петто одделение. Истата се разгледа и конечно се донесе и достави. Беа подготвени  иструменти и потребни матријали за тековната работа. | / |
| **Вметнување на избрани точки на акција од Програмата: „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“** | Реализирано | 25.08.2016 | Се издвоија еко- содржини за Стручниот актив, по стандарди. | / |
| **Разгледување на предлог-Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето** | Реализирано | 30.08.2016 | Наставниците ја разгледаа на Годишната програма на училиштето и одредените забелешки ги евидентираа во записник кој го доставија до ППС. | / |
| **Разгледување на дополнетиот Развоен план на училиштето** | Реализирано | 30.08.2016 | Наставниците го разгледаа дополнетиот Развоен план и немаа никакви забелешки. | / |
| **Училишна десиминација: „Примена на асистивната технологија и смарт-таблата** | Реализирано | 30.08.2016 | За наставниците од одделенска и предметна настава, се реализира училишна десиминација за примена на асистивната | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **во наставата“** | | | техологија и смарт- таблата, со цел да се зголеми нивното користење во наставата. | |
| **Подготвување Програма за професионален развој на ниво на Стручен актив** | Реализирано | 06.09.2016 | Врз основа на направената самопроценка на наставниците за степенот на развиеност на основните компетенции, на ниво на Стручниот акив на петто одделление, се подготви План за професионален развој. | / |
| **Подготвување на распореди** | Реализирано | 06.09.2016 | Според распоредот за ФЗО, доставен од педагогот, секој наставник, во согласност со предметните наставници, си подготви распоред на часови кој беше вметнат во формуларот доставен од директорот и истиот беше пратен. | / |
| **Договор за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа** | Реализирано | 06.09.2016 | Се подготви План за реализација на отворени часови – секоја наставничка избра предмет и месец кога ќе реализира: V-1 – ликовно образование (ноември), V-2 – македонски јазик (февруари), V-3 – македонски јазик (декември), V-4 – математика (април), V-5 – ликовно образование (ноември). | / |
| **Подготвување електронска платформа за комуникација помеѓу наставниците на ниво на актив** | Реализирано | 13.09.2016 | На ниво на Стручниот актив на V одделение се договориме, како електронска платформа за комуникација, да ја користиме групата на facebook НИЕ ОД V. Покрај наставниците од нашиот Стручен актив, член на групата ќе биде и директорката. | / |
| **Посета на „ТВ Орбис“** | Реализирано | 13.09.2016 | Според Наставниот план и програма по македонски јазик, од подрачјето Медиумска култура, предвидено е посета на телевизиска куќа. За таа цел, сите наставнички, заедно со учениците, ја посетивме ТВ “Орбис“ и се | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | запознавме со начинот на снимање на ТВ емисии и со вработените. | |
| **Активности на Стручниот актив на петто одделение по повод Денот на училиштето** | Реализирано | 07.10.2016 | Избрана е активност со која Активот ќе се претстави на овој ден. Одлучено е да се започне со подготовки за истата. | / |
| **Посета на отворен час на одделенските наставници Гордана Анастасова V-2 одделение и Снежана Стојанова IV-5 одделение** | Реализирано | 12.10.2016 | Наставничките Гордана Анастасова и Снежана Стојанова одржаа отворен час со тема на проектот:„Во потрага на скриеното богатство". При реализацијата на проектот, се интегрираа следниве наставни предмети: македонски јазик, математика, работа со комјутери и основи на програмирањето, творештво и ликовно образование. Цел на реализираниот проект: Стекнување поим за местоположба на објект, ориентирање во просторот, развој на визуелните и тактилните перцепции;умешност за правење избор на идеја, активност и средства; умешност за програмирање на основни движења, умешност за творење, умешност за собирање мерки за должина. | / |
| **Посета на отворен час на наставниците Даниела Петковска V-3 одделение и наставникот по техничко образование, Игор Стојанов** | Реализирано | 27.10.2016 | Наставниците, Даниела Петковска и Игор Стојанов, одржаа отворен час со тема на проектот:„Патуваме, откриваме".<br>При реализација на проектот се интегрираа следниве наставни предмети: општество и техничко образование. Цел на реализираниот проект: Да ги знаат природните убавини на својата татковина, да се запознаат со елементите на улицата, да | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | знаат како да се однесуваат на регулирана сообраќајна крстосница и да ги применуваат сообраќајните знаци, правила и прописи. Да знаат да се движат со помош на мапа и да знаат да изработат компјутерски цртеж во Паинт, според дадени упатства. | |
| **Договор околу натпреварот за компјутер – информатика „Дабар„** | Реализирано | 2.11.2016 | Наставниците ја разгледаа иформацијата за начинот на реализирање на натпреварот „Дабар“. | / |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие** | Реализирано | 2.11.2016 | Се разгледува успехот и поведението на учениците, се даваат предлог-мерки за подобрување. Се подготвуваат евидентни листови. | / |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие** | Реализирано | 2.11.2016 година | Се разгледува успехот и поведението на учениците, се даваат предлог-мерки за подобрување. Се подготвуваат евидентни листови. | / |
| **Изработка на извештаи за додатна, дополнителна настава како и за СУА** | Реализирано | 2.11.2016 | За секое тримесечие, секој наставник подготвува извештај за реализираноста на додатната, дополнителната настава како и за СУА. | / |
| **Договор за меѓуодделенскиот натпревар по математика** | Реализирано | Јануари | На ниво на Стручен актив, се договоривме секоја наставничка од петто одделение да прати по три ученика на меѓуодделенскиот натпревар по математика. Истиот ќе го спроведе наставничката по математика Катерина Трајковска. | / |
| **Посета на училишна десиминација** | Реализирано | Јануари | Наставниците присуствуваа на училишна десиминација „Математика +“,од проектот: „Со читање до лидерство“(„Чекор по чекор“). | / |
| **Посета на отворен час на** | Реализирано | Февруари | Во училишната трпезарија, отворен час | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **одделенските наставници Вера Стевановска V-1 одделение, Лилјана С. Алабаковска V-5 и наставичката по природни науки, Марија Гилевска** | | | одржаа одделенските наставници Вера Стевановска, Лилјана С. Алабаковска и наставничката по природни науки, Марија Гилевска. Наставна содржина: „Изработка робот од картон“. На часот беа интегрирани три наставни предмета: општество, творештво и природни науки. Цел: Да се запознаат со поимот рециклирање, да изработуваат робот и да применат струјно коло за некои функции на роботот. | |
| **Посета на училишна десиминација** | Реализирано | Февруари | Наставниците присуствуваа на училишна десиминација која беше поддржана од Проектот за превенција на меѓуврсничко насилство:„Крајот на насилството започнува со тебе“. | / |
| **Избор на ученици за изучување на азбуката на глувонемите** | Реализирано | Февруари | Дефектологот на училиштето не информира дека во училиштето ќе се реализира проект во соработка со Центарот за деца со оштетен слух и говор. За таа цел, на ниво на Стручен актив, треба да се изберат два ученика кои ќе треба да ја изучуваат азбуката на глувонемите. Од нашиот Стручен актив се избраа два ученика од V-5 одд., на наставничката Лилјана С.-Алабаковска. | / |
| **Подготвување на учениците за Меѓународниот натпревар „КЕНГУР“** | Реализирано | Март | Наставничките меѓусебно си разменија материјали (збирки, учебници, нумеруси, вежбанки по математика итн.), направија анализа и се консултираа во врска со одредени задачи, се со цел добро да ги подготват учениците за претстојниот | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | натпревар. За натпреварот, како одговорен наставник за чување на учениците, беше избрана наставничката Даниела Петковска. | |
| **Посета на приредбата по повод Месецот на екологијата – драматизација, Весна Димитровска** | Реализирано | Март | Наставничките од Стручниот актив на петто одделение присуствуваа на приредбата по повод Месецот на екологијата, на тема:„Ајде да патуваме, да не загадуваме“. На приредбата, наставничката Весна Димитровска со своите ученици, имаше подготвено драматизација на тема:„Фамилијарен проект“. Во прилог е извештајот од наставничката. | / |
| **Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за третото тримесечие** | Реализирано | Март | Се договорија со предметните наставници за подготовка на исказите според целите од Програмата. Секој предметен наставник, на одделенските наставници, ќе им ги прати исказите за секој ученик како и за нивото кое ученикот го има постигнато. Со тоа одделенските наставници ќе ги комплетираат евидентните листови. | / |
| **Посета на „Саем на книгата“** | Реализирано | Април | Наставниците од петто, одделение заедно со своите ученици, го посетија „Саемот на книгата“ во Центарот на културата- Битола. Целта на оваа посета беше учениците да се запознаат со тоа што е саем, да се развие и продлабочи љубовта кон книгата – да се поттикнат повеќе да купуваат и читаат книги. Поставената цел беше реализирана. | / |
| **Подготвување Програма за настава во природа** | Реализирано | Мај | Наставниците од петто одделение, на ниво на Стручен актив, подготвија „Програма за | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | реализирање на наставни содржини за време на наставата во природа“. Оваа настава ќе биде во Детското одморалиште„Мајски цвет“, во Струга од 25-05-2017 до 29-05-2017 година. | |
| **Евалвација на работата на Стручниот актив на петто одделение** | Реализирано | Јуни | Се направи евалвација на работата на Стручниот актив, се направи анализа на извештаите, секој член си кажа свое мислење во однос на работата на Активот. Мислењата на наставничките беа позитивни, со оглед на тоа дека од оваа учебна година за првпат се пристапи кон поинтензивна работа на Стручните активи (подготвување на месечни извештаи, конкретни програми со конкретни цели итн.). | / |
| **Изработка на Годишен извештај од работата на Стручниот актив** | Реализирано | Јуни | Претседателот на Стручниот актив подготви Годишен извештај од работата. Откако членовите на Активот го разгледаа и прифатија, истиот беше доставен до директорката. Избор на претседател. | / |
| **Избор на претседател на Стручниот актив за следната учебна година** | Реализирано | Јуни | Претседател на Стручниот актив за следната 2017/2018 г. повторно ќе биде одделенскиот наставник, Гордана Анастасова. | / |

**Претседател на Стручен актив: Гордана Анастасова**

## Стручен актив за македонски јазик

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Активности по повод „ 8. Март“-Денот на жената** | Реализирано | Март | Активност:<br>Пишување  творби и есеи за поводот; уредување на јазичното катче во училницата;  училишно радио-пригодна програма.<br>Реализатори:<br> сите членови на Активот:<br>Маргарита Поповска,Мирјана Стојановска,Соња Петровска,Оливера Илиевска. | / |
| **2.  Учество на детскиот фестивал на книгата во општина Новаци на тема:„Мост меѓу две срца“ („Творам со срце за родниот крај“), организатор-„Културно Иновативен Клуб-Новаци“.** | Реализирано | март | Активност:<br>Литературна средба.<br>Учесник: Емануела Крстеска, VIII-5 (благодарница за учество со лична поетска творба„Македонија“)-ментор, Соња Петровска. | / |
| **3. Училиштен конкурс на тема: „Екологија“.** | Реализирано | 22.03.17 | Активност:<br>Литературен конкурс,<br>Реализатори:<br>Сите членови на Активот.<br>Ученичката Марија Гулабовска-9 одд.  доби прва награда-ментор Оливера Илиевска.<br>Ученичката Ангела Стојановска-8- 5 одд. доби втора награда -ментор Соња Петровска. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Ученичката Теодора Јовчевска,6-2 одд.доби трета награда-ментор Маргарита Поповска. | |
| **4. Учество на Активот во работата на Комисијата за прослави и приредби** | Реализирано | април | Активност:<br>Активно, планирано и навремено учество на Активот во организацијата и реализацијата на сите прослави и приредби во училиштето; развивање на креативни способности на учениците.<br>Реализатори:<br>Сите членови на Активот. | / |
| **5. Активности по повод 1. Април-Денот на шегата** | Реализирано | април | Активност:<br>Избор на таленти под еко-маски, се со цел да се негува еколошката свест кај учениците.<br>Реализатори:<br>Учениците и наставниците.<br>- Подготовка на сценариото за манифестацијата, водители и реализација<br>Маргарита Поповска(Актив по македонски јазик), Марија Крстевска(Актив по англиски јазик) и ученици од 6 одд. | / |
| **6. Учество во Централна манифестација на Еко-тимот-приредба под мотото:„Ајде да патуваме, да не загадуваме“** | Реализирано | април | Активности:<br>Драматизација: „Светски, а наши“ (ученици од VIII-одд./Соња Петровска)<br>Подготовка на сценариото за манифестацијата, водители и реализација (наставник, Соња Петровска/ученици од VIII-одд.).<br>Учесници: ученици од VIII одд. | / |
| **7. Учество на литературен конкурс:„Детски лирски треперења “– слободна** | Реализирано | 21.04.17 | Активност:<br>Литературен конкурс.<br>Учесници:<br>Сите членови на Активот. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **тема/ Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија** | | | | |
| **8. Учество на литературен конкурс:,,Иста цел, различни патеки”-недовршен расказ/Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија** | Реализирано | април | Активност:<br>Литературен конкурс.<br>Учесници:<br>Сите членови на Активот. | / |
| **9. „Велигденски базар“** | Реализирано | април | Активност:<br>Учество на сите членови на Активот во организацијата и реализацијата на Базарот и негување на традицијата.<br>Реализатори:<br>Покрај наставниците, активно учество зедоа и учениците со нивните родители. | / |
| **10.Учество на Едуконференција во организација на „Пријатели на образованието“** | Реализирано | април | Активност:<br>Учество на конференција.<br>Реализатор:<br>Наставничката Оливера Илиевска учествуваше на Едуконференцијата во организација на „Пријатели на образованието“. Таму имаше можност да посети предавања од областа на образованието на теми кои овозможуваат осовременување на наставата, како на пример:<br>Изработка на тестови во електронска верзија кои ученикот може и од дома да ги изработува;<br>Начини на работа со деца со посебни потреби;<br>Визуелизација на наставни содржини преку текст | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и звучни ефекти и сл. | |
| **11. „Во чест на сесловенските браќа Кирил и Методиј“** | Реализирано | мај | Активност:<br>Приредба.<br>Реализатори:<br>По повод Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј- 24. Мај, ученици од деветто и седмо одделениие, под раководство на наставничките Оливера Илиевска и Мирјана Стојановска, организираа и учествуваа во куса приредба посветена на просветителите. На истата манифестација  беа доделени награди, пофалници и дипломи за најуспешните ученици во оваа учебна година, а беа прогласени и првенците на генерацијата. | / |
| **12. Учество на ликовно-литературна средба:„Среќата на детето“, по повод Денот на ОУ„Коле Канински“- Битола** | Реализирано | мај | Активност:<br>Ликовно-поетска работилница.<br>Учесници:<br>Ангела Стојановска, Јана Белевска и Љубица Здравковска, VIII-5 одд. (благодарница за учество, за училиштето)-ментор, Соња Петровска. | / |
| **13.Учество на регионални и државни натпревари по македонски јазик и литература** | Реализирано | мај | Активност:<br>Регионален и Државен натпревар по македонски јазик.<br>Реализатор:<br>Ментор-Оливера Илиевска. Ученикот Симеон Димовски, од IX-1 одд., учествуваше на Регионален натпревар по македонски јазик за основните училишта и го освои третото место. Натпреварот се одржа во Прилеп, во ОУ ,, Гоце Делчев”, а во организација на Сојузот на друштва за македонски јазик. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Истиот ученик учествуваше и на Државниот натпревар и  доби пофалница за учество. | |
| **1.Традиционална посета на Домот за стари лица „Сју Рајдер“-Битола<br>2.Посета на „Саемот на книгата“ во Скопје<br>3. Посета на родната куќа на Миладиновци во Струга и родната куќа на Прличев во Охрид** | Реализирано | март<br><br>мај<br><br>мај | / | Посочените активности не се реализираа поради ангажираноста на членовите на Активот во активностите предвидени со Програмата за работа и во дополнителни тековни активности. |

**Претседател на Стручен актив:Маргарита Поповска**

## Стручен актив за странски јазици

**(англиски јазик, германски јазик, француски јазик)**

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1.Заедничка изработка на годишните програми и тематско процесните планирања и внесување во базата на податоци** | Реализирано | август/септември | Соработка на наставниците по англиски, германски и француски јазик и размена на искуства и идеи. Следење и примена на современи методи при изработка на програмите. | / |
| **2.Интегрирање na ЕКО-стандардите и МИО активности во наставата по англиски,германски и француски јазик Отворени часови: Љупка Петкова и Евдокија Галовска**<br><br>**Виолета Поповска**<br><br>**Манифестации: Марија Крстевска** | Реализирано | 31.10.2016<br><br>21.11.2016<br><br>28.04.2017 | Наставна едница:„Во ресторан“(интеграција на англиски-германски јазик и Еко-интеграција) со ученици од VIII-3 одд.<br>На одделенски час беше одржана работилница на тема:„ Да си подадеме рака за социјално-ранливи групи“, во соработка со Црвен Крст, родител-наставник од IX-2 и ученици од IX-2 и VIII-5 одд.<br>Еко-изложба со цртежи и слики на тема:„ Вода и енергија“. | / |
| **3.Активности по повод празникот „Ноќ на вештерките“** | Реализирано | 31.10.2016 | На ден 31.10. 2016, членовите на англиската секција од седмо и деветто одделение и наставничката Виолета Поповска го посетија „Американското катче“ во Битола и присуствуваа на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-Активности по повод Патрониот празник** | | 08.12.2016 | забавата по повод празникот „Halloween“. Во рамките на Програмата за соработка со локалната средина, постои соработка со „Американското катче“. Учениците можат да се зачленуваат, да учествуваат во различни активности и да позајмуваат литература на англиски јазик. Членовите на Активот учествуваа и во уредувањето на училишниот весник „Светлини“со прилози на англиски, германски и француски јазик. Исто така, зедоа учество во Централната манифестација со две точки („Скајп-комуникација“ и драмска изведба). Секој од наставниците, во зависност од возраста на своите ученици, се вклучи во активности за одбележување на овие празници, според традициите на земјите од англиско, германско и француско говорно подрачје. Учениците, заедно со нивните родители, учествуваа во изработка и продажба на традиционални колачи и украси со што се вклучија во манифестацијата Новогодишен Базаар, кој имаше и хуманитарен карактер. -Во текот на второто полугодие најпрво беше одбележан Св Валентин.Овој празник е дел од традицијата на народите од англосаксонско подрачје и како таков е застапен во цивилизациските цели во | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности околу Божиќ и Нова година**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**-по повод празникот Св.Валентин** | | 28.12.2016<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>14.02.2017 | наставната програма по англиски јазик.Учениците од деветто одделение од англиската секција со наставничката Поповска Виолета и во соработка со родителите изработија картички за празникот и ги продаваа во холот на училиштето.Парите беа наменети за помош на болно другарче од училиштето.Цел на активностите е учениците да се запознаат со традицијата за празнување на овој празник,  симболите што го карактеризираат празникот, збогатување на  вокабуларот и развивање на креативноста и тимската соработката на учениците.<br>-Ученици од шесто одделение под менторство на  наставничката Јулија Ивановска зедоа учество со точки-монолози.<br>-Приредба со точки на француски јазик<br><br><br>-Учество со драмска точка на ученици од IX-2 под менторство на Виолета Поповска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-учество на првоаприлско избирање на таленти**<br><br>**-учество во свечено отворање на катче на француската алијанса во училиштето**<br>**-манифестација Училиште без насилство** | | 30.03.2017<br><br>17.05.2017 | | |
| **4.Учество на натпревари** | Реализирано | март | Беа организирани и меѓуодделенски натпревари за ученици од IX и V одделение. Беа селектирани учениците кои учествуваа на Регионалниот натпревар по англиски јазик. На натпреварот учествуваа 25 ученика кои се истакнуваа по своето познавање на англискиот јазик и афинитетот кон истиот.<br>Ученичките: Ева Димовска V-3 (ментор- Ѓорѓиевска Снежана) и Емилија Стојановска IX-4 (ментор- Виолета | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Општински натпревар по англиски јазик „ELTAM“**<br><br>**Регионален натпревар по анг.јазик „ELTAM“**<br><br>**-„Spelling Bee“** | | 18.03.2017<br><br>22.04.2017<br><br>26.04.2017 | Поповска), освоија прво место.<br>Ученичките: Ева Димовска V-3 (ментор-Ѓорѓиевска Снежана) и Емилија Стојановска IX-4 (ментор -Виолета Поповска), освоија прво место и зедоа учество на државен натпревар.<br>Наставничките: Поповска Виолета, Марија Крстевска и Снежана Ѓорѓиевска организираа општински натпревар во училиштето и селектираа ученици за регионалниот натпревар во „Американското катче“.<br>Учениците: Марковски Иво V-3 (ментор -Снежана Ѓорѓиевска) и Филип Здравевски VII-2 се пласираа за понатамошно учество на државен натпревар. | |
| **5.Учество на обуки за професионален развој** | Реализирано | 14-16.2016<br><br>20.04.2017 | Наставничката Поповска Виолета учествуваше на „ELTAM“ конференција во Струга („Re-imagining Teaching Rejuvenating and Transforming Classroom Practises“<br>„E-twining“ работилница во училиштето „Ѓорѓи Сугарев“. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Отворени часови** | Не | второ полугодие | / | Дел од планираните отворени часови кои требаше да се реализираат на крајот од второто полугодие се одложени за наредната учебна година поради ангажираноста на наставниците и учениците во натпревари. |

**Претседател на Стручен актив: Марија Крстевска**

## Стручен актив по математика

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Донесување на Годишната програма за работа на Стручен актив**<br><br>**Формирање група на Стручен Актив по математика на социјалната мрежа - Фејзбук** | Реализирано | август/ септември 2016 г.<br><br>13.09.2016 | На првиот и вториот состанок беа разменети мислења и искуства за подготвување на тематските распределенија. Беше разгледана Годишната програма за работата на училиштето и Развојниот план.<br>Во однос на учебници и дополнителна литература, договорено беше да се користат учебници обезбедени во согласност со новата наставна програма, во соработка со *„Cambridge International Examinations“*<br>. Во јуни *2016 г. беше одржана дводневна обука за реализација и имплементација на „Кембриџ“ програмата за седмо, осмо и деветто одд.)-*<br>„Адаптирани наставни програми за математика и природни науки од „Cambridge International Examination Centre“. http://bro.gov.mk/)<br>Во програмата на наставниците беа вметнати МИО и ЕКО часови (отворени часови ќе се реализираат во второ полугодие). Секој наставник изврши организирање и планирање на дополнителната и додатната настава и избра членови на математичката секција.<br>Комуникација на членовите од Активот на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Фејзбук, како и формирање на групи со ученици и родители за размена на сугестии и наставни матерјали по предметот математика.<br>Како и секоја година повторно беше прифатена соработката со математичкото списание Нумерус (за надарени и талентирани ученици) | |
| **2.Соработка со „Здружение на математичари“- Битола**<br><br>[http://matematicaribitola.weebly.com/](http://matematicaribitola.weebly.com/) | Реализирано | октомври, 08.10.2016 г. | Учениците беа информирани за работата на „Математичката школа“ за талентираните ученици кои сакаат да го надградуваат своето знаење и да учествуваат на математичките натпревари.Истата започна со работа на 08.10.2015 година. „Математичката школа“ работи како дел од „Здружението на математичари“- Битола. Школата заврши со работа на 01.04.2017 г. | / |
| **3. Сертифицирање на наставници – МИО сертификација**<br><br>**Соработка со локалната заедница** | Реализирано | октомври, 2016 г. | На третиот состанок беше разгледан Правилникот за сертифицирање на наставниците за ПМИО. (наставничката Снежана Захариева аплицираше за сертификација, а во второто полугодие и наставничката Катерина Трајковска). За таа цел, секој наставник испланира МИО содржини, кои ги вметна во годишните и тематските планирања, но побараа сертификацијата да се забрза со цел навремено добивање на сертификати за реализираните активности од минатите учебни години.<br>Стручниот актив по математика, уште од | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | месец август, презеде активност за уредување на ходникот пред училниците по математика како и во внатрешните делови во училниците. Се побара помош од стручни лица за изработка на постери и нивно лепење на влезните врати (соработка со други институции и бизнис-сектор). Постерите ги изработи печатницата „Графопром“ (г-ѓа Марта Христовска), а лепењето на вратите се реализира со помош на наставникот по ликовно образование Стевче Тодоровски и г-инот Зоран Цветковски сопственик на студио-дизајн КС „Графика“. | |
| **4. Отворен час во соработка со локалната заедница** | Реализирано | 15.10.2016 | На 15. октомври беше реализиран отворен час во соработка со локалната заедница. Повод:„Меѓународниот ден на Белиот стап“-симболот на слепиот човек признат од „Организацијата на обединетите нации“. Во ОУ„Св. Климент Охридски“ беше реализиран час, со ученици од VII-4 одд. Наставна единица по математика: „Решавање на алгебарски изрази“ (организирана од наставничката Лидија Шунда-Шокларовска во соработка со дефектологот од училиштето, Андријана Шокларовска). Помагалата за успешната реализација на часот –посебниот вид очила кои ги симулираат болестите на очите и видот, се користеа преку проектот: „Деца со оштетен вид“. Истиот е во соработка со | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | „Лајонс“ клубовите. На часот присуствуваше претставник од клубот „Кабадаја“. | |
| **5. „ДАБАР“ – меѓународен предизвик** | Реализирано | 07-11.11.2016 | Околу 50 ученика, на час по математика, учествуваа на „ДАБАР 2016“ - меѓународен предизвик за ученици од основно и средно образование, за информатика и сродни науки. | / |
| **6. Активност за Денот на училиштето** | Реализирано | 06.12. 2016 | Активност на Активот по математика по повод Денот на училиштето на ден 06.12.2016 г. со почеток во 18 часот: „*СЕ САКАМЕ И СЕ ДРУЖИМЕ КАКО ЕДНО ЦЕЛО - ШТО АКО СВЕТОТ СЕ СОСТОИ ОД 100 ЛУЃЕ*“ - изработена беше Power Point презентација која присутните ја следеа на компјутер. Присутни беа директорката , педагогот на училиштето, наставници, родители и ученици.<br>На видео-бим беше презентирана апликација која покажување како се менува бројот на жители на планетата Земја. Учениците од шесто, седмо, осмо и деветто одделение, во координација со наставниците по математика, солидно и достојно ја претставија заедничката идеја. Преку бројки беше претставена светската популација која е различно распоредена во однос на возраст, националност, религија, приходи и технолошки капацитети.<br>Учениците се менуваа, секој со своите задолженија, но нивниот почеток беше: „Спочесто слушаме дека светот е глобално | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | село. Но како би изгледал светот ако е село од 100 жители?“ На секој од присутните: директор, наставници, родители, ученици, педагог им беа разделени , промотивен матерјал - флаери, обележувачи за книга, постери и календар за 2017 година. | |
| **7. Соработка со наставници** | Реализирано | декември, 2016<br><br>декември, 21,22 | Во рамките на Активот, се разговараше за натпреварите по математика. Договорено беше со наставниците на четврто и петто одд.- екипата која ќе го претставува училиштето на Општинскиот натпревар да биде избрана како и секоја година- преку училиштен натпревар по математика. Наставниците од Стручниот актив по математика истиот го организираа на почеток на месец февруари за учениците од 4 до 9 одд. | / |
| **8. „Новогодишен базар“** | Реализирано | 28.12.2016 | Секој член/наставник (одделенски раководител или само предметен наставник ) на Активот по математика), со свои ученици и родители, зеде учество на „Новогодишниот базар“. Активот се претстави со изработки на домашни колачиња, украси, вафли итн. Собраните средства беа вратени на учениците.<br>Цел: Поттикнување на претприемничкиот дух кај учениците преку развивање идеи за вложување на паричните средства во некоја одржлива цел. | / |
| **9.Училиштен натпревар** | Реализирано | 06.02.2017 | Одржан беше училиштен натпревар за | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | учениците од 4. до 9. одд. преку кој се изврши селекција на учениците. На тој начин беше формирана група од 29 ученика за да го претставува училиштето на Општинскиот натпревар по математика.<br>Наставниците активно вежбаат со учениците на математичката секција и додатната настава и ги подготвуваат.<br>На учениците од 4. и 5. одд. им беше дадена литература за подготовка, како и помош од наставниците од Активот по математика. | / |
| **10. Учество на обуки, конференции, работилници** | Реализирано | 01.03.2017<br><br>08-09.04.2017 | Наставничките од Активот по математика присуствуваа на Обуката за справување со булинг- меѓуврсничко насилство или „Крајот на насилството започнува со тебе“, поддржана од Амбасадата на САД во Македонија.<br>Наставничката Лидија Шунда-Шокларовска учествуваше на Третата Еду- конференција- „Пријатели на образованието“. | / |
| **11.Општински натпревар** | Реализирано | 25.02.2017 | Општинскиот натпревар се одржа во просториите на ОУ„Ѓорѓи Сугарев“. Екипата од нашето училиште беше прва на општинско ниво со освоени: 7 први, 8 втори, 6 трети места и 3 пофалници . | / |
| **12.Меѓународен математички натпревар - „Кенгур“** | Реализирано | 16.03.2017 | На Меѓународниот натпревар „КЕНГУР“, беа поделени задолженијата помеѓу наставниците по математика и дел од наставниците од предметна настава (музичко , ликовно и физичко образование). Пријавени беа 220 ученика, што укажува на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | се поголемиот интерес на учениците за математиката.<br>Подготовките пред натпреварот ги реализираа членовите од Активот по математика.<br>Натпреварот се реализираше според правилата кои се дадени во Правилникот за спроведување на натпревари. | |
| **13.Регионален натпревар** | Реализирано | 01.04.2017 | 35. Регионален натпревар по математика за ученици од основното образование (за регионот- Битола , Ресен и Демир Хисар), се одржа во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“-Битола“.<br>На Регионалниот натпревар учествува 23 ученика од нашето училиште од IV до IX одд.<br>Постигнати резултати: 9 први, 2 втори, 6 трети места и 3 пофалници.<br>Екипно, нашето училиште го освои првото место на Регионалниот натпревар. | / |
| **14.Регионален натпревар– „Народна техника“**<br><br>**Учество на „Велигденски панаѓур“** | Реализирано | 08.04.2017<br><br>12.04.2017 | Со темата: „Питагорова теорема“, ученичката Тодоровска Ана од IX-2 одд. го претстави нашето училиште на „Олимпијадата на млади техничари и природници“-„Народна техника“- применета математика“.<br>Ученичката освои пофалница.<br>Секој одд.наставник како и сите наставници од од Активот по математика ,со свои ученици и изработки на украси , домашни колачиња, вафли итн., со помош на наставниците и родителите, зеде учество на „Велигденскиот панаѓур“. Дел од собраните | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | средства беа вратени на учениците со цел поттикнување на претприемничкиот дух кај нив преку развивање на идеи за вложување на паричните средства во некоја одржлива цел. | |
| **15. Отворени часови** | Реализирано | април,мај 2017 | Снежана Захариева-„Училиште без насилство“<br><br>Сања Кузмановска-„Училиште без насилство“<br><br>Катерина Трајковска-„Училиште без насилство“<br><br>Лидија Шунда- Шокларовска-„Крајот на насилството започнува со тебе“-„Ново другарче“.<br>Лидија Шунда- Шокларовска- Час на одделенска заедница-Животни вештини: Јас и здравјето-здраво живеење/Водење грижа за личната хигена-„Козметички средства“. | / |
| **16. Државен натпревар по математика** | Реализирано | 03.05.2017 | На Државниот натпревар по математика освоено беше едно второ место и една пофалница. | / |

**Претседател на стручен актив: Лидија Шунда-Шокларовска**

## Стручен актив по биологија, физика и хемија

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1.Избор на претседател на Стручен актив** | Реализирано | 29.08.2016 | Членовите на Стручниот актив дискутираа за редоследот на претседателите во истиот и донесоа заклучок-во учебната 2016/2017 година, претседател на Стручниот актив да биде Бојана Димовска- Гоновска. | / |
| **2.Донесување на Годишна програма за работа на Активот** | Реализирано | 02.09.2016 | Членовите на Стручниот актив ја разгледаа предлог- програмата на претседателот на Стручниот актив, Бојана Димовска-Гоновска и направија измени и дополнувања на истата, со цел за нејзино докомплетирање. Исто така, беа разгледани Годишната програма и Развојниот план на училиштето при што беше заклучено дека програмата на Стручниот актив е усогласена со програмата на училиштето. | / |
| **3.Систем за информирање на родителите и учениците (изработка на програмата со која ќе се подобри и унапреди комуникацијата)** | Реализирано | 05.09.2016 | Наставниците, членови на Стручниот актив, изработија заедничка покана за индивидуална средба со родители. Исто така, беа изработени и листи за посетни денови на ниво на Стручен актив со цел- поголема информираност на родителите за успехот на нивните деца во текот на учебната година. | / |
| **4.Изработка на** | Реализирано | 09.09.2016 | Наставниците, членови на Стручниот актив, | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **распоред за додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности** | | | дадоа кус преглед на нивните програми за дополнителна и додатна настава. Договорија термини за одржување на овие настави како и за слободните ученички активности за да немаат поклопување во термините. На крајот беше заклучено дека распоредот и програмата за додатна и дополнителна настава се во согласност со Годишната програма на училиштето. | |
| **5. Месечни состаноци за дискусија и споделување на мислења и искуства на наставниците на Активот во текот на работата** | Реализирано | во текот на целата година | Членовите на Стручниот актив еднаш во месецот, во периодот од септември до јуни, се состануваа и дискутираа за осовременување и зголемување на успешноста на наставниот процес. Разменуваа искуства по однос на успешните наставни техники, методи и апликации кои ги користеа во наставата. | / |
| **6. Посета на семинари, обуки и размена на искуства од истите** | Реализирано | во текот на целата година | Семинарите и обуките беа направени за кариерено усовршување на наставниците од целото училиште, односно зголемување на компетенциите кај наставниците и подобрување на нивната соработка. | / |
| **7. Анализа на успехот на учениците на крајот од првото полугодие / учебна година** | Реализирано | 24.02.2017 | Членовиите на Стручниот актив дискутираа за учениците кај кои има напредок или пад во совладувањето на наставната програма. Со цел-обезбедување на услови за подобрување на успехот на учениците по предметите од Активот, беше заклучено на дополнителна настава да присуствуваат ученици кај кои има пад во совладувањето на наставната програма. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.Дискусија за одржаните нагледни часови по предметите: биологија, хемија, физика и природни науки** | Реализирано | 17.02.2017 | Наставниците, членови на Стручниот актив, дискутираа за унапредување на воспитно-образовниот процес преку користење на нови методи, техники, алатки за работа и разменија искуства за истите. | / |
| **9. Избор на ученици и нивна подготовка за општински и регионални натпревари** | Реализирано | 03.03.2017 | Наставниците,членови на Стручниот актив, меѓусебно се договорија во изборот на ученици што ќе учествуваат на општински и регионални натпревари. Се внимаваше на изборот со цел-ист ученик да не биде ангажиран на два натпревара. | / |
| **10. Посета на хемиски лаборатории во болница или фабрика Посета на природно-научен музеј** | / | / | / | Не се реализира поради недостиг на материјални средстава како и организацијата од наставниците по одредени предмети. Истото ќе се реализира и ќе биде напишано и планирано за наредната година. |
| **11. Отворен час** | Реализирано | 17.05 2017 | Се одржа отворен Еко- час на тема:„ Прашања кои се однесуваат на животната средина во Македонија“(загадување и заштита на почвата, водата и воздухот), со учениците од 9.одд. Ментори: Славица Костевска и Соња Кузманова. | / |
| **12. Избор на учебници** | Реализирано | 12.06.2017 | Наставниците разгледуваа предлози за | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **за соодветните предмети** | | | учебници и меѓусебно се договорија во изборот на најсоодветен учебник по предметите биологија, хемија и физика. | |
| **13. Предлог пре-распределба на часови за учебната 2017/2018 година** | Реализирано | 19.06.2017 | Наставниците разговараа со цел да се изврши договор за прераспределба на часови за учебна 2017/2018 година. На состанокот беше заклучено дека наставниците имаат вкупно 20 часа неделно, односно 21 час. | / |
| **14.Менторство на студенти** | Реализирано | во текот на учебната година | Наставничката по биологија и природни науки, Андриана Димитров, оваа учебна година, во двете полугодија, реализираше менторство на три студента од доквалификации при „Педагошки факултет“ – Битола. | / |

**Претседател на стручен актив: Маја Мијајловиќ**

## Стручен актив по географија и историја, граѓанско образование и природни науки

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Формирање на Стручен актив за новата учебна година и избирање на раководство на активот** | Реализирано | 01.08.16 | На првиот состанок беше формиран Стручниот актив. Поделбата што беше направена во јуни, беше потврдена без промени. | / |
| **2. Избор на учебници** | Реализирано | август/септември 2016 | Извештај околу снабденоста на учебници кај учениците. | / |
| **3.Донесување на Програма за Стручен актив** | Реализирано | август 2016 | Придонес кон Годишната програма на училиштето и соработка на членовите на стручниот актив. | / |
| **4. Изработка на програми за работа на Стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година, изработка на план за информирање на родителите и учениците за планираните активности од страна на Стручниот актив (креирање на профили на социјални мрежи, форуми или дискусиони групи за комуникација меѓу наставниците,** | Реализирано | септември 2016 | Изработка на стратегија за поефикасно функционирање на Стручниот актив, како и реализација на целите на Активот, во исто време и засилување на соработката со родителите и нивното навремено информирање за планираните активности од страна на Активот. Креирани се профили на социјалните мрежи и дискусиони групи за комуникација меѓу наставниците родителите и учениците. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **родителите и учениците)** | | | | |
| **5. Месечни состаноци за дискусија и споделување на мислењата и искуствата на наставниците на активот во текот на работата** | Реализирано | септември/август 2016-2017 | Размена на искуства и воочување на слабостите со цел надминување на евентуалните проблеми. Решение на тековни проблеми поврзани со реализацијата на наставата. | / |
| **6. Предлог на теми за обуки до Тимот за професионален развој Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите** | Реализирано | септември/август 2016-2017 | Професионално усовршување на членовите од Стручниот актив, имплементација на стекнати знаења во редовната настава. | / |
| **7. Посета на „Археолошки музеј“-Скопје** | не | / | / | Не е реализирано со цел да се запази корелацијата на наставните предмети од Стручниот актив. Посетата се планира за следната учебна година со тоа што ќе се надополни програмата со посета на „Планетариумот“. |
| **8. Разгледување на успехот и поведението на учениците на полугодие/** | Реализирано | Јануари/Јуни 2017 | Подобрување на постигнатиот успех кај учениците по соодветните предмети. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **крај на година** | | | | |
| **9. Предлог- програма за одржување на отворени часови како и информирање на стручната служба и останатите колеги за нивната реализација** | Реализирано | септември/декември 2016 | Размена на искуства меѓу членовите од Активот како и соработка со останатите активи. Примена на нови методи и техники во наставата. | / |
| **10. Подготвување на учениците за претстојни натпревари** | Реализирано | март-април 2017 | Постигнување на квалитетни резултати кај учениците. Промоција на училиштето и учениците преку натпреварите. | / |
| **11. Дискусија за резултатите од натпреварите** | Реализирано | април 2017 | Анализа на натпреварите, како и воочување на евентуалните слабости при истите. | / |
| **12. Подготовка, реализација и анализа на резултатите од екстерното оценување** | не | / | / | Не е реализирано поради укинување на екстерното оценување. |
| **13. Сертифицирање на наставници** | Реализирано | септември-август 2016-2017 | Професионално усовршување на членовите од Стручниот актив. Имплементација на стекнати знаења во редовната настава. | / |
| **14. Предлог распределба на часови** | Реализирано | август 2017 | Рамноправна застапеност на наставниците. Наставниците да бидат задоволни од застапеноста со часови. | / |
| **15. Менторирање на наставник приправник** | Реализирано | септември-август 2016-2017 | Пренесување на стекнато искуство кај наставникот- приправник. Вклучување на наставникот приправник во наставно-воспитниот | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | процес. | |
| **16. Менторирање на студенти** | не | / | / | Не е реализирано поради тоа што немаше студенти. |
| **17. Договор за тестови и писмени работи** | Реализирано | септември-август 2016-2017 | Изработка на тестови на нивоа, според знаењата на учениците. Учениците да постигнуваат поквалитетни резултати кои одговараат на нивното реално знаење. | / |

**Претседател на стручен актив: Стефанија Трајковска**

## Стручен актив по физичко и здравствено образование

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1.Избор на претседател на Стручен актив<br>2.Донесување на Програма за работа на Стручен актив.<br>3.Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето „Св. Климент Охридски“– Битола, во учебната 2016/2017 година.** | Реализирано | 25.08.2016 | 1.За претседател на Стручниот актив по физичко и здравствено образование е избран Златко Трајчевски.<br>2.Доставени се сорджини кои се составен дел на Програмата за Стручниот актив за учебната 2016/2017 година.<br>3.Исто така, Стручниот актив,во полн состав, ја разгледа Годишната програма за работа. Се потсети на што да се обрне внимание во иднина. Целите ќе се применуваат и понатаму и во целост се прифаќаат. | / |
| **4. Усогласување на програмите за работа на наставниот предмет во Стручниот актив** | Реализирано | 02.09.2016 | На одржаниот состанок е предложено- при составувањето на Годишната програма, наставниците кои предаваат во истата година (одделенија) да ги приближат или усогласат програмите за таа учебна година колку е можно повеќе. Во досегашните програми разликата во часовите не е голема (5-7 часа). | / |
| **5. Подготвување на учениците за претстојни натпревари** | Реализирано | 16.10.2016 | На одржаниот состанок е разгледан распоредот на одржување на училишните натпревари како на општинско ниво така и на регионално. Донесен е договор за учество на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | учениците на натпреварите и направена е распределба на менторствата по екипи. | |
| **6. Одржување на отворени часови од темите од физичкото образование: „Организација и реализација на еден меѓуучилиштен натпревар во одбојка“. Отворени дискусии за реализација на целта** | Реализирано | 21.12.2016 | Одржан е отворен час (натпревар) од наставникот Горан Димовски, согласно наставната програма како и програмата за општинските училишни натпревари. Во организацијата учествуваа ученици, наставници како и официјални лица (судии) со чија помош беше реализирано финалето во општинското првенство во одбојка, во машка конкуренција. На овие натпревари, пред многубројна публика, првото место го освоија учениците на ОУ „Св.Климент Охридски“-Битола, менторирани од наставникот Горан Димовски. | / |
| **7. Разгледување на успехот и поведението на учениците на полугодие 8. Учество на Патрониот празник** | Реализирано | 23.12.2016 | По првата точка, беше дискутиран успехот на учениците по физичко и здравствено образование. Наставниците заклучија дека нема некои поголеми промени во успехот, во споредба со претходната година, со некои исклучоци.<br><br>По втората точка, Активот заклучи дека се покажа во добро светло на прославата на Денот на училиштето. Натпреварот во фудбал помеѓу нашето училиште и ОУ„Стив Наумов“ побуди голем интерес кај учениците. Тие беа присутни во голем број и ги бодреа натпреварувачите од нашата екипа. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9. Одржување на отворени часови од темите од физичкото образование: „Организација и реализација на еден меѓуучилиштен натпревар во кошарка“. Отворени дискусии за реализација на целта** | Реализирано | 20.03.2017 | Одржан е отворен час (натпревар) од наставникот Златко Трајчевски, согласно наставната програма како и програмата за општинските училишни натпревари.<br>Во организацијата учествуваа ученици, наставници како и официјални лица (судии) со чија помош беше реализирано финалето во општинското првенство во кошарка, во машка конкуренција.<br>На овие натпревари, пред многубројна публика, првото место го освоија учениците на ОУ „Св.Климент Охридски“-Битола, менторирани од наставникот Златко Трајчевски. | / |
| **10. Дискусија за постигнатите резултати од натпреварите** | Реализирано | 29.05.2017 | На овој состанок е резимирано постигнувањето на учениците преку целата година, во сите спортови.<br>Постигнат е следниов успех:<br>Освоени повеќе места во различни конкуренции на „Ноќната трка“ по повод 4. Ноември.<br>Освоено I (прво) место на општинското првенство во одбојка-машки,  I (прво) регионално како и II (второ) државно место.<br>-Освоено I (прво) место на општинското првенство во кошарка женски,  I (прво) регионално како и II (второ) државно место.<br>-Освоено I (прво) место на општинското првенство во кошарка-машки како и II | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | (второ) регионално место.<br>-Освоено I (прво) место на општинското првенство во футсал-машки како и II (второ) регионално место.<br>-Освоено II (второ) место на општинското првенство во одбојка-женски.<br>Освоено II (второ) место на општинското првенство во ракомет-женски.<br>-Освоено II (второ) место на општинското првенство во ракомет-машки.<br>-Освоено I(прво) место на општинското првенство во шах-машки.<br>-Освоено I(прво) место на општинското првенство во шах-женски.<br>-Освоено II(второ) место на општинското првенство во пинг понг-машки.<br>-Освоено III(трето) место на општинското првенство во пинг понг-женски.<br>-На државниот натпревар во гимнастика е освоено I(прво) место поединечно во маска конкуренција.<br>-На одржаната манифестација за доделување на општинските награди ОУ Св Климент Охридски е прогласено за најуспешно училиште во општината за изминатава година, а за најуспешен наставник наставникот Златко Трајчевски. | |
| **11.Предлог распределба на часови** | Реализирано | 23.06.2017 | Златко Трајчевски:<br>IX – 1,2,3,4 и 5 = 15 часа<br>VII – 1 и 2 = 6 часа<br>Одделенски раководител на IX -2 = 1час | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Предраг Созовски:<br>VIII -1,2,3,4 и 5 = 15 часа<br>VI -1 и 2 = 6 часа<br>Одделенски раководител на VIII – 2 = 1час<br><br>Горан Димовски:<br>VI – 3,4 и 5 = 9 часа<br>VII – 3,4 и 5 = 9 часа | |

**Претседател на Стручен актив: Златко Трајчевски**

## Стручен актив по ликовно и музичко образование

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1. Избор на раководител на Стручен актив**<br><br>**Донесување на Годишна програма** | Реализирано | 15.08.2016. | На барање на досегашниот преседател на Активот, Игор Огненовски, да биде сменет, се изврши нов избор на претседател - Стевче Тодоровски и беше донесена нова Годишна програма за 2016/2017. | / |
| **2. Избор на учебници во согласност наставните програми по музичко и ликовно образование.** | Реализирано | 08.08.2016. | По музичко образование се прифатени учебниците на Славјанка Димовска, Вера Ангеловска и Марина Васиќ. За ликовно образование се прифатени учебниците на Маријана Николовска и Данчо Ордев. | / |
| **3.Усогласување на Програмата на Стручниот актив со Годишната програма на работата за училиштето**<br>**2.Изработка на различни планирања,инструменти за оценување по музичко и ликовно образование** | Реализирано | 23.08.2016. | Во однос на прослави изложби,културни манифестации и одбележување на Денот на нашиот патрон. Заеднички историски правци Ренесанса, Барок, Рококо. Инструменти за оценување, чек- листа,наставно ливче, бодовна листа и дескриптивна скала. | / |
| **4. Дискусија во врска со реализација на наставата по музичко и ликовно образование – разговор за** | Реализирано | 13.09.2016. | Програмата се реализира,проблемите се околу дисциплината на учениците и нивниот социјален статус, а за иновациии секако, само во ИКТ. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **надминување на проблеми при реализација на наставата.Споделување на иновативни приоди во наставата.** | | | | |
| **5.Да се развијат и почувствуваат новите тенденции во уметноста** | Реализирано | 24.02.2017. | Отворен час на Стевче Тодоровски. Зборуваше за апстрактната уметност– одлично изведен. | / |
| **6.Особено да се инсистира кон наставна содржина со слободно изразување и творење и изработка на соодветни проекти** | / | / | Отворен час. | Не се реализира. Колегата Пеце Колев замина во друго училиште. |
| **7. Да се подигне еко-свеста кај учениците, да се развие креативноста кај учениците** | / | / | Отворен час | Не се реализира,на колегата Игор Огненовски му се призна отворен час, двете хорски песни изведени на Патрониот празник. |
| **8. Како да се развие визуелната комуникација – усвојување на поимот визуелни комуникации-ликовно да се изрази една порака** | / | / | Отворен час | Не се реализира. На 07.12.2016,во холот на училиштето, по повод Патрониот празник се одржа едукативно предавање на тема : „Енергијата и сите нејзини облици “. Предавањето на наставничката Ленче |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Крстеска за„Контраст на топли и ладни бои “ се призна за отворен час. |
| **9. Проширување на знаењата на учениците за постигнување успех на натпревари** | Реализирано | 04.05.2017 | Учениците кои се во секции по музичко и ликовно образование се подготвуваат за пролетните општински и државни натпревари. Тие поинтензивно се обучуваат во нови техники на знаења. | / |
| **10. Анализа на резултатите и наоѓање начини за надминување на проблемите и недостатоците во врска со одржаните натпревари** | Реализирано | 18.05.2017. | Резултатите се добри. Секаде каде конкуриравме, го задржавме просекот,а нашите ученици се истакнаа. | ./ |
| **11. Преземање активности за успехот и поведението на учениците** | Реализирано | 04.05.2017. | Се ближи крајот на годината. Затоа е потребен што посериозен пристап на учениците кон наставата. Целта е да се финализираат поведението и успехот во оправдување на оцените. | ./ |
| **12. Давање предлози и мислења за распределбата на часовите по музичко и ликовно образование** | Реализирано | 05.05.2017. | Уредно доставивме список кај директорката и ППС. Во истиот, колегите од Активот по музичко и ликовно образование, си ги распределија часовите за наредната учебна 2017/2018 година. | / |

**Претседател на Стручен актив: Стевче Тодоровски**

## Стручен актив по техничко образование и информатика

| Цели од Годишната програма на тимот (Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **1.Донесување на Програмата на Стручниот актив** | Реализирано | 08/2016 | На почетокот на учебната година, беше одржан состанок со цел- донесување на Програмата на Стручниот актив. Истата беше усогласена со наставните содржини кои ќе се реализираат преку отворени часови на наставниците. | / |
| **2. Посета на обука** | Реализирано | 08/2016 | Наставникот Атанас Пеев,заедно со наставничката Гордана Анастасова, одржаа обука за „Користење на Смарт- таблата во наставата“. Обуката ја следеа наставниците Игор Стојанов и Наташа Лавчанска.<br>Оваа обука имаше цел-наставниците да се запознаат со Смарт-таблата. Истата да ја користат во наставата, а со тоа да применат нови методи при реализирањето на наставните часови. | / |
| **3. Интегриран час: техничко образование и општество Содржина: „Сообраќај“ и „Нашата татковина, Република Македонија“** | Реализирано | 10/2016 | Отворениот час се реализира со ученици од V-3 одделение. Целта на овој час беше учениците да ја прошетаат Ванеса (девојче од Америка), која е дојдена на одмор во Македонија. Со помош на учениците, Ванеса ги запозна поголемите градови во Македонија и нивните културни знаменитости,а на крајот ги посети и своите баба и тетка во градот Битола.<br>Учениците ја запознаа Ванеса со елементите | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на улицата, сообраќајните знаци, правила и прописи и како да се однесува на регулирана крстосница. На часот беа остварени поставените цели. Предвидените активности беа реализирани во целост.<br>Учениците беа активни и мотивирани за работа. | |
| **4.Одбележувањето на Денот на училиштето** | Реализирано | 11/2016 | По повод Патрониот празник, на 06.12.2016 год., во кабинетот по информатика, дел од учениците од VI и IX одд. реализираа неколку активности со помош на контролен управувачки уред и програма „EduPEP“. Притоа демонстрираа функционирање на класичен семафор, жолто трепкачко светло, користење на електромотор за придвижување на модел на рингишпил, како и практична примена на аларм и сензор за детекција на објекти.<br>Учениците ги покажаа нивните дизајнерски и иновативни способности за креирање дијаграми, решенија од секојдневниот живот. При подготовка на активностите, активно учествуваа и наставниците по техничко образование и информатика.<br>Активностите беа следени од страна на директорот на училиштето, педагогот, родители и ангажирани колеги. Предвидените активности беа успешно реализирани без некакви забелешки. | / |
| **5. Менторирање на студенти** | Реализирано | 12/2016 | Наставникот, Игор Стојанов, во текот на првото полугодие од учебната 2016/2017, беше | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ментор на студенти од „Педагошки факултет“. Целта на оваа практична настава е следење на наставни часови, методска подготовка на часови, реализирање на часови од страна на студентите.<br>Студентите од четврта година, со својата континуирана редовност и успешно реализирана наставна единица, успешно ја реализираа практичната настава по предметот техничко образование. | |
| **6. Анализа на успехот на учениците во првото полугодие** | Реализирано | 01/2017 | Стручниот актив по информатика и техничко образование одржа состанок на кој беше направена анализа на успехот на учениците по наведените предмети. Беше заклучено дека нема негативни оценки по двата предмета и дека наставната програма е реализирана во целост за ова прво полугодие.<br>Исто така, беше дискутирано дека успехот на учениците може да се подобри во второто полугодие со целосна ангажираност на наставниците и учениците, како и преку дополнителната настава. | / |
| **7. Сликање и снимање на активности и нивна промоција** | Реализирано | во текот на учебната 2016/2017 год. | Наставниците, Наташа Лавчанска и Игор Стојанов, во текот на учебната 2016/2017 год., ангажираа ученици за сликање и снимање на разни активности кои се реализираа во нашето училиште. Цел-промовирање на истите на социјалните мрежи и секојдневни презентации на телевизорот во холот на училиштето. | / |
| **8. Интегриран час** | Реализирано | 03/2017 | Наставниците, Наташа Лавчанска и Атанас | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **(програмирање и проекти од информатика) Програмирање: „Изработка на програми со желка графика“-ИКТ Проекти од информатика: „Презентирање на изработени презентации“ (Еко-тема VIII:„Здравје“).** | | | Пеев, по предметите програмирање и проекти од информатика, со паралелка IX-1, на 28.03.2017 г., одржаа отворен час на тема: „Конзумирањето на здрава храна“(по предметот програмирање). Наставната единица беше: „Изработка на програми со желка графика“-ИКТ, додека по предметот проекти од информатика: „Презентирање на изработени презентации“ (Еко- тема VIII:„Здравје“).<br>Цел- ученикот да се оспособи самостојно да презентира изработени презентации на зададена тема, да оценува изработени презентации и програми, според однапред зададени критериуми, да ги примени изучените искази од програмскиот јазик „Scratch“ при изработка на интересни едукативни програми.<br>ЕКО-целите беа: да се подигне свеста кај учениците за потребата од конзумирањето на здрава храна.<br>Активностите беа следени од страна на педагогот, психологот колегата по техничко образование Игор Стојанов. Предвидените активности беа успешно реализирани без некакви забелешки со идеа од педагогот дали тоа може практично да се направи во училишната трпезарија. Идеата беше прифатена со надеж дека во иднина би се реализирала. | |
| **9. Разгледување на** | Реализирано | 04/2017 | На 54. Регионален натпревар на млади | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **успехот од одржаните натпревари** | | | техничари и природници, организиран од страна на „Народна техника“ од Битола, беа постигнати солидни резултати : едно прво место, две втори места и три трети места. Исто така, и прво место на државно ниво.<br>На Регионалниот натпревар „Детски семафор 2017”, организиран од страна на „Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата“, беа постигнати следниве резултати: едно прво и едно трето место и малата група (екипно) прво место. На државниот натпревар само учество. | |
| **10. Заедничка грижа за правилно насочување на учениците**<br><br>**Работилница: Презентирање на презентација „Пирамида на исхрана“** | Реализирано | 04.2017 | Целта на оваа работилница, организирана од страна на родител, беше да се подигне свеста кај учениците за потребата од конзумирање на здрава храна во секојдневниот живот.<br>Родителот им ја презентираше пирамидата на здрава исхрана креирана од експерти-нутриционисти од „Харвардската школа за јавно здравство“ која претставува водич за тоа што и колку треба да се јаде за подобро здравје. Исто така, им даде совети за почеста физичка активност.<br>Како завршна активност, родителот зададе квиз со прашања поврзани за темата на кои учениците даваа конкретни одговори. Истиот беше изработен во програмски јазик „Scratch“. | / |
| **11. Давање предлози и мислења за распределбата на часовите по** | Реализирано | 06/2017 | Редовни часови по информатика во 6 одд.: (5 x2=10) и 7 одд (5x1=5) часа.<br>Редовни часови по техничко образование во 5 одд.: (5 x2=10) и 6 одд | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **информатика и техничко образование** | | | (5x1=5) часа и Иновации: 9 одд (5x1=5) Останатите часови – изборни, во зависност од потребите на наставниците и учениците. | |
| **12. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од годината** | Реализирано | 06/2017 | Успехот и поведението на учениците на крајот од годината е на завидно ниво и задоволително. Одржувањето на дополнителната, додатната настава и секцијата придонесе успехот кај учениците континуирано да се подобрува во текот на учебната година, за на крајот да се добијат солидни резултати на натпреварите и добри оценки на учениците. | / |

**Претседател на Стручен актив: Атанас Пеев**